Г О Д И Ш Н А П Р О Г Р А М А
НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ СТИВ НАУМОВ - БИТОЛА
ЗА УЧЕБНАТА 2015/16 ГОДИНА



Август, 2015 год

Contents

Вовед....6
Лична карта на училиштето....8
Општи податоци за училиштето....8
Просторни услови за работа на училиштето....9
Материјално - технички услови....10
Структура на училиштето....12
Органограм на ООУ „ Стив Наумов “ Битола....19
Мисија и визија....20
“Lessons Learned”- Веќе научено / Стекнати искуства....21
Подрачја на промени, приоритети и цели....30
Цели на училиштето....32
Акциски планови....33
План за евалуација на акциските планови....35
Календар за работа....37
Настава....40
Вид на настава....40
Организација на задолжителна настава....40
Изборна настава....47
Дополнителна и додатна настава....47
Индивидуализирани програми за работа со надарени и талентирани....48
Индивидуализирани програми за деца со посебни образовни потреби....51
Работа на дневниот престој....54
Работа на библиотеката....55
Интеграција на еколошка едукација во воспитнообразовниот процес....56
Оценување....65
Екстерно тестирање на учениците....69
Организација на екстерно тестирање....69
Вон- наставни активности....70
Училиштен спорт....70
Ученички натпревари....72
Општествено хуманитарна работа....76
Научно-истражувачка работа....78

Поддршка на ученици 81
Постигнување на учениците 81
Програма за подобрување на постигнувањата на учениците 85
План за професионална ориентација на учениците 86
Превентивни програми 89
План за следење и поддршка на учениците во ОУ,, Стив Наумов ,, – Битола 89
Акционен план за грижа на учениците со емоционални потешкотии 90
Акционен план за превенција од насилно однесување 92
Безбедност во училиштето 94
Акционен план 94
Училишна клима и односи во училиштето 97
Дисциплина 97
Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето 99
Етички кодекси 101
Грижа за здравјето 101
III.Процедура за грижа за здравјето на учениците 107
Професионален развој на образовниот кадар 110
Училишна програма за кариерниот развој на наставниците 110
Детектирање на потребите и приоритетите 112
Активности за професионален развој 112
Личен професионален развој 113
Хоризонтално учење 113
Тимска работа и училишна клима 113
Вклученост на семејствата во училиштето 114
Комуникација со јавноста и промоција на училиштето 116
ЕКО - КОДЕКС 118
Информирање на поширокатa заедница 120
ЕТИЧКИ КОДЕКС 121
Професионален развој на наставниот кадар 123
Програма за однесување на ученици, наставници и родители во училиштето и училишниот двор 124
Кодекс на учениците 124
ПРОГРАМА ЗА ЈАВНА И КУЛТУРНА ДЕЈНОСТ 128
ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ И ПРОЕКТИ 129

Програма за соработка со локалната средина и локалната заедница 132

ПРОГРАМА НА УЧЕНИЧКАТА ЗАЕДНИЦА КАКО НАЈВИСОКА ФОРМА НА ОРГАНИЗИРАЊЕ И ДЕЈСТВУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ 136

Годишна програма за работа на Наставничкиот совет 140

Програма за начинот на изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од III одделение 145

Програма за реализација на екскурзија низ Македонија во VI одд. 147

Програма за начинот на изведување на ученичка екскурзија низ Р. Македонија на учениците од IX одделение 149

Годишна програма за планирање на Меѓуетничка интграција во образованието 153

Акциски планови за реализација на сите проекти во училиштето и акциски истражувања 158

Проект ЕРАЗМУС ПЛУС 2014-2020 год 160

Проект Сите сме еднакви 161

„ИНТЕГРАЦИЈА НА ЕКОЛОШКАТА ЕДУКАЦИЈА ВО МАКЕДОНСКИОТ ОБРАЗОВЕН СИСТЕМ“ 163

Проект за меѓуетничка интеграција во воспитно образовниот систем 169

Акционен план за заеднички активности на ОУ “Стив Наумов “ – Битола со партнер училиштетоОУ“ Братство Миѓени“-Тетово 172

учебна 2014-2015 год 172

Годишна програма за работа на Училишен одбор 2014/2015 год. 182

Тим кои учествувал во изработката на ГП: 192

Лична карта на училиштето

Училиште:Стив Наумов - Битола


Адреса:Стив Наумов 93

Телефон:047/22 33 64

Fax:047/22 33 64

e-mail:stinaumov@gmail.com

WEB : oustivnaumov.org.mk



Вовед

Годишната програма претставува најзначаен документ за работа на училиштето. Во овој основен документ се наведени главните правци по кои треба да се “движи” училиштето во текот на учебната година. Тука се конкретизирани активностите на ниво на училиште, носителите на тие активности, терминте за нивна реализација, одговорностите на училишните субјекти како и очекуваните резултати и ефекти од нивното остварување. Во изготвувањето на оваа Годишна програма учествуваше посебен училишен тим.

ОУ ,,Стив Наумов” – Битола е училиште кое постојано е насочено кон подобрување на квалитетот на целокупното работење. Тоа е резултат на изградената позитивна клима во училиштето, за која особено влијание има директорот на училиштето (целокупниот кадар од наставници ученици локална заедница). Исто така во формирањето на училишната клима активно учествуваат наставниците, учениците и нивните родители кои со своите ставови, однесувања и знаења придонесуваат таа да се одржува на високо ниво. Училишното водство со своите морални аспекти е особено важно за функционирањето на училиштето во кое директорот и наставниците имаат посебна улога. Училиштето се придржува кон демократските принципи и традиции кои се од особена важност за долгорочен опстанок на поединецот, општеството и државата.

Училиштето е препознатливо по квалитетот на работа и постигањата на учениците од различни области како и остварувањето на визијата и мисијата на училиштето.

Училиштето се залага за зголемување на грижата за здравјето и безбедноста на учениците, меѓусебното почитување и половата и националната припадност. Училиштето води политика на взаемно почитување еднаквост и толеранција.

Условите за работа во училиштето се на високо ниво и можеме да истакнеме дека наставата во учебната 2014/15 г. се одвиваше според однапред пропишаните стандарди за реализација на наставните планови и програми. Со следење на Годишната програма за работа ги воочуваме квалитетите во работата, но и потреба од поставување нови повисоки цели за наредната учебна година. Основна задача на нашето училиште е воспитно – образовните потреби да се прилагодат на средината со цел високо квалитетно подучување и ангажирање на учениците во креативни процеси со конкретна примена. Настојуваме во континуитет да обезбедиме висок степен на одговорност и професионалност на сопствениот кадровски потенцијал во извршувањето на поставените задачи и цели. Придржувајќи се на поставените елементи во Годишната програма за работа на училиштето полесно ја исполнуваме својата работа во целост во програмскиот и организацискиот дел

Училиштето се стреми да им помогне на учениците кои се разликуваат според нивните можности, вредности и способности, да ја развијат свеста за личните вредности и вербата во себе, што ги поттикнува персоналните и социјалните способности на учениците. Училиштето го поттикнува натпреварувачкиот дух кај учениците за постигнување на што поголеми резултати со што ќе ги промовираат своите индивидуални квалитети и го промовираат сопственото училиште.

Покрај редовната настава која е примарна, во училиштето му се посветува посебно внимание на дополнителната, додатната, изборната настава и воннаставните активности. Постигнати се забележителни успеси на полето на слободните активности (детската организација и слободните ученички активности) како и учество на многу конкурси, општински, регионални, меѓународни и државни натпревари.

Исто така ОУ „Стив Наумов“ е препознатливо по многу награди, како и тоа дека училиштето е член во многу подрачја. Училиштето е член на ФЕЕ (Фондација за Еколошка Едукација) од 2011 година кога за прв пат доби зелено знаме и стана ЕКО училиште. Училиштето по втор пат доби зелено знаме во 2014 година. Исто така училиштето е член на АЦЕС (Академија на средноевропски училиште) од 2011 година. ОУ „Стив Наумов“ исто така е промотор на Scientix (Заедница за научна едукација во Европа) септември 2014 година. Училиштето се наоѓа во топ 10те училишта во Р. Македонија.

ГОДИШНАТА ПРОГРАМА НА УЧИЛИШТЕТО според својата структура предвидува имплементација на поширок спектар на планови со активности и задачи зацртани во Законот за основно образование.

Во подготвувањето на Годишната програма свој придонес имаат сите наставници и стручни соработници од училиштето, како индивидуалци или училишни тимови.

Годишната програма на училиштето се заснова врз:

- Законот за основно образование, Закон за работни односи
- Статутот на Основното училиште ,,Стив Наумов"-Битола
- Подзаконски и интерни акти (Статут, етички кодекс, деловници за работа на органите итн.), правилници (Правилник за работа на комисии, правилник за дежурства на наставници, правилник за работно време итн.)
- Наставните планови и програми
- Измените во наставните планови за поедини наставни предмети за учебната 2015/16 година
- Концепција за деветгодишно образование
- Програма за развој на училиштето
- Програмата за самоевалуација
- Програмата за работа на училиштето од претходната година
- Националната програма за развој на образованието во Р.М.
- Извештаи (Годишен извештај на училиштето од претходната учебна година, извештаи од интегрална евалвација, од само- евалвација, програма за развој,

извештај од екстерно оценување, извештаи за финасиското работење на училиштето, записници).

Лична карта на училиштето

Училиштето по својата локација е сместено во централното градско подрачје на градот Битола. Опфатот на училишните обврзници е од месноста “Арнаут маало” паркот “Синанбеј”, дел од улицата “Партизанска”, месноста Север-Југ, дел од улицата “Цар Самоил” и дел од улицата “Стив Наумов”. Училиштето е распространето на 3769,91 м2, што се наоѓаат во еден објект, зграда од тврда градба и дворно место од 7620 м2, кое е поделено на преден и заден двор.

Во срцето на Битола е сместено едно од најстарите училишта кое било жариште на писменоста и културата во Битола и битолско – ЦОУ „Стеван Наумов – Стив“. До 1912 год. пред влезот на ова училиште се наоѓало Турско женско работничко каде се школувале ќерките на побогатите турци од овој реон. Зградата била прилично стара и руинирана. Дворот бил ограден со висока ограда. Вака училиштето постоело се до 1912 год. Од 1913 год. со поделбата на Македонија ова училиште е претворено во српско четиригодишно училиште под името „Арнаут Мале“. Од 1927 год. училиштето го добива името на големиот српски реформатор „Вук Караџиќ“, чиј ученик бил и Стив Наумов. Претежно се школувале машки деца, а школувањето не било задолжително . Во тоа време имало 4 паралелки од прво до четврто одделение и една забавишна група.

Зголемувањето на бројот на учениците, нагризувањето на старата турска зграда и трошењето на големи финансиски средства за одржување, биле причина училиштето да се затвори, но благодарение на солидарноста на граѓаните и општинскиот претседател биле добиени средства за изградба на ново училиште. Од 1934 год. започнала изградбата на новото училиште. По ослободувањето на Битола од 04.12.1944, училиштето ја започнува својата работа со настава на македонски јазик, добивајќи го името на некогашниот свој ученик, првоборец и народен херој Стеван Наумов – Стив.

Општи податоци за училиштето

Име на училиштето	ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „СТИВ НАУМОВ“- БИТОЛА
адреса, општина, место	УЛ.Стив Наумов бр.93 Битола
телефон	047 22 33 64
фах	047 22 33 64
е-маил	stivnaumov@gmail.com
основано од	Општина Битола
Верификација- број на актот	13-2143
Година на верификација	03.07.1986
Јазик на кој се изведува наставата	Македонски
Година на изградба	1912 г.доградби 1946 г.и 1984 г.

Тип на градба	Тврда
Површена на објектот	3769,91 м2
Површина на училшниот двор	7620 м2
Површина на спортски терени и игралишта	2280 м2
Училиштето работи во смена	Две смени
Начин на загревање на училиштето	Нафта
Број на одделенија	9-девет
Број на паралелки	35
Број на смени	Две смени
Статус на еко-училиште (зелено знаме, сребрено или бронзено ниво)	ЗЕЛЕНО ЗНАМЕ
Датум на добиен статус	По втор пат на 05.03.2014 г.

Просторни услови за работа на училиштето

Вкупен број на училишни згради	1- ЕДНА
Број на подрачни училишта	НЕМА
Бруто површина	3769,91 м2
Нето површина	1497,7м2
Број на спортски терени	4 – Четири (фудбал,ракомет,кошарка,тенис)
Број на катови	1- еден
Број на училници	21- Дваесет и една
Број на помошни простории	4 – помошни,4 канцеларии,4 кабинети.
Училишна библиотека	1-53,2м2
Начин на загревање на училиштето	Нафта

Училишната зграда располага со функционални и други просторни услови за изведување на воспитно- образовната дејност. Училиштето во најголем дел ги задоволува стандардите за квалитетно изведување на наставата според наставните планови и програми кои се изведуваат во истото.

Училиштето располага со 21 училница, 4 помошни простории, 4 канцеларии, 4 кабинети, библиотека која зазема 53,2 м2 од вкупната површина. Училиштето располага со дворна површина од 7620 м2 која ги сублимира во себе и спортските терени. Училишниот двор е хортикултурно уреден.

Во училиштето прогресивно и во континуитет се работи на доосовременување на просторните услови за работа, се со цел непречено и со голема доза на квалитет да се реализира воспитно- образовниот процес. Потребно е да се инвестира во некои битни сегменти од нашето училиште:

- урбанизација на задниот дел од училишниот двор
- да се направи отворен амфитеатар;
- да се наредат бехатон плочки кои се веќе набавени и покрив на летната училница;
- изградба на дел од кровот;
- изградба на спортска сала

- примарна е потребата од медиотека која има исклучителна важност за одвивање на современиот наставен процес.

Нашето училиште е влезено во проектот на Владата на Р. Македонија за изградба на 145 спортски сали како приоритетно училиште од општина Битола. Завршени се првите две фази од проектот мултифункционален училишен двор, инсталирана е водоводната мрежа и спроведена е електрична инсталација, обезбедени се бехатон плочки и основа за летна училница, направен е ископ на бунар.

Во текот на летниот период беше извршена санација, молерисување и фарбање на подовите и ѕидовите во адаптираниот простор во кој се изведува наставата по ФЗО, беше извршено молерисување и фарбање на холовите и радијаторите во нив.

Оваа учебна година ја започнавме во простории кои од функционален, естетски и хигиенски поглед се на високо ниво.

Материјално - технички услови - (да се издвојат и да се наведе опременоста на училиштето) пр. број на компјутери, нагледни средства, ЛЦД итн. Конкретно да се наведе што е набавено, обновено-реновирано санирано, изработено пред почетокот на учебната година.

Материјално технички услови	LCD проектор 2 Камери 2 Фото апарати 2 Лап топ 1 Лаптопи за наставниците 49 Лаптопи за учениците 155 Компјутери 37 Телевизори 2 Графоскопи 2 Касетофони 4 Епископи 1 Принтери 5 Скенер 1 Телефони 6 CD Плеер 1 Микроскоп 2 Разгласна станица 1 Проекционо платно 1 DVD Плеери 2

Наставните средства се значаен фактор за успешно реализирање на воспитно-образовните цели и задачи. Опременоста со наставни средства, помагала и материјали придонесува за зголемување на активноста на учениците, подигање на нивото и квалитетот на наставата и реализирање на програмските барања, а со тоа и за постигнување на подобри резултати.

Училиштето располага со одреден фонд на наставни средства и помагала како и библиотечен фонд за учениците и наставниците и во континуитет прави напори за доосовременување на училиштето со нови наставни средства и помагала. Бројот на наставните средтства и помагала со кои моментално располага нашето училиште е прикажан табеларно. Мора да се истакне дека треба да се има во предвид брзиот напредок на современото образование и воопшто науката, техниката и литературата кои имаат бурен развој кој ние се обидуваме да го следиме во рамките на финансиските способности. Училиштето прави напори тоа да го стори и преку најразлични донации, проекти и слични активности.


Битно е да се спомене дека како и секоја учебна година така и во оваа учебна 2015/16 година бесплатните учебници кои ќе бидат добиени за учениците од страна на Владата на Р. Македонија ќе бидат распределени на секој ученик поединечно. Покрај постојните наставни средства за што поефикасно и поуспешно реализирање на наставата во училиштето, во училниците располагаме со компјутери. Имаме посебен кабинет по информатика со 25 компјутери. Училиштето е поврзано со интернет за непречено одвивање на ИКТ во наставата и има сопствена и- меил адреса и веб страна.


Во поглед на техничките услови за работа пред почетокот на новата учебна година во училиштето извршена е дезинфекција, дезинсекција и дератизација на сите простории и извршен е санитарен преглед на вработените.

Училиштето и понатаму ќе биде во контакт со ресорното Министерство како и со локалната самоуправа и со сите владини и невладини организации при што би се овозможило посолидно опремување на истото со уште понова технологија и литература, но она што се очекува како донација не може најконкретно да се планира.

Трендот на доопремување на нашето училиште со потребна опрема за изведување на теоретска и практична настава нема да застане, напротив, училиштето и понатаму ќе настојува преку сопствените и други средства да го доопремува и осовременува.

Структура на училиштето




ВТОР СПРАТ
ГЛАВЕН ИЗЛЕЗ
СПОРЕДЕН ИЗЛЕЗ

Членови на училиштен одбор (име и презиме)	Претседател Билјана Толевска – наставник Оливера Филиповска – наставник Силвана Ристевска– наставник Роберто Илиевски – совет на родители Јованка Димовска – совет на родители Елизабета Јадровска – совет на родители Марија Јолевска – локална самоуправа Светлана Марковска – локална самоуправа Васко Јошевски - МОН
Членови на совет на родители (име и презиме)	х – 1а х – 1б х – 1в х – 1г Александра Георгиевска – 2а Марија Начовска– 2б Иван Трпков – 2в Гулевски Ѓорги – 2г Лилјана Тодоровска – 3а Јованка Димовска – 3б Ана Секуловска – 3в Гордана Костојчиновска – 3г Роберто Илиевски – 4а Вера Марковска – 4б Весна Наумовска – 4в Славица Волчевска– 4г Гордана Јанкуловска –5а Лечковски Менде– 5б Наташа Јовев– 5в Тони Бошевски- 5г х –6а х- 6б х - 6в х –6г Гордана Трајковска – 7а

	Гордана Николовска – 7б Елизабета Лајчарова – 7в Гордана Цветковска Бошевска – 7г Јован Димовски – 8а Љупчо Ралевски – 8б Марија Клашевска -8в Томе Секуловски – 8г Биљана Поповска Марковска – 9а Славица Вршковска-Талевска -9б Мацевска Ирена – 9в
Стручни активи (видови)	Стручен актив одделенска настава – Пацка Трпковска Стручен актив јазичари – Сандра Најдовска Стручен актив биологија хемија – Елица Лазаров Стручен актив математика, физика, техничко образование и информатика – Валентина Ѓоргиевска Стручен актив историја,географија и општествена група предмети – Владо Кузмановски Стручен актив ликовно, музичко, физичко и здравствено образование – Томче Петровски
Одделенски совети (број на наставници)	1 одд. – 4 наставници 2 одд. – 4 наставници 3 одд. – 4 наставници 4 одд. – 4 наставници 5 одд. – 4 наставници 6 одд. – 4 наставници 7 одд. – 4 наставници 8 одд. – 4 наставници 9 одд. – 3 наставници
Членови на ученичка заедница (број на ученици)	18
Членови на еко-одбор (број)	15

Родителите во празните полиња означени со Х – ќе се изберат на првиот родителски состанок

- ***Наставен кадар***

Одд.	вкупно	Етничка и полова структура на вработените									
		Македонци		Албанци		Турци		Роми		други	
		м	ж	м	ж	м	ж	м	ж	м	ж
Број на вработени	70	13	54			1					1
Број на наставен кадар	55										
Број на стручни соработници	4										
Административни работници	2										
Техничка служба	8										
Директор	1										

Степен на образование на вработени

Образование	Број на вработени
Високо образование	59
Виша стручна спрема	3
Средно образование	1

Старосна структура на вработени

Години	Број на вработени
20-30	4
31-40	25
41-50	36
61 - пензија	5

- ***Ученици***

Статус на ученик во училиштето се стекнува со запишување во месец Мај за учебната 2015/2016 година. Во учебната 2015/16 година во задолжителната настава од прво до деветто одделение во нашето училиште запишани се вкупно 95 првачиња. Нашето училиште има вкупно 729 ученици распоредени во 35 паралелки од кои 437 ученици во одделенска настава и 292 ученици во предметна настава.
Прегледот на бројот на учениците по одделенија како и етничката и родовата структура на истите е прикажан во претходно наведената табела.

Одд.	Бр. на паралелки	Бр. на ученици	Етничка и родова структура на учениците									
			Македонци		Албанци		Турци		Роми		други	
			м	ж	м	ж	м	ж	м	ж	м	ж
I	4	96	52	40	1	1						2
II	4	84	40	41	1	2						
III	4	89	44	37	2	2	1	2			1	
IV	4	95	46	42	2	1	1	3				
V	4	74	35	34	1		3	1				
I - V	20	438	217	194	7	6	5	6			1	2
VI	4	107	48	57			1				1	
VII	4	67	27	40								
VIII	4	61	29	31			1					
IX	3	57	30	23	1	1	2					
V - IX	15	292	134	151	1	1	4				1	
I - IX	35	730	350	345	9	7	9	6			2	2

Соработката со учениците ќе се базира врз основа на потребата ученикот да се гледа, цени и почитува пред се` како активен субјект во наставата и севкупниот живот на училиштето, да се почитува неговото мислење и да му се даде можност истото да го искаже. Учениците треба да се мотивираат да постигнуваат подобри резултати за што ќе се стекнуваат со соодветни пофалници, дипломи и награди. За да имаат јасна слика за својот статус и улога во училиштето и општеството учениците ќе бидат благовремено запознаени со своите права и обврски.


Пред се` секој ученик треба да биде почитуван како личност без разлика на своите психофизички способности, талент, пол, раса, култура, традиција, национална и верска припадност и социјална положба. Исто така ученикот е должен да ја почитува личноста на своите соученици, наставници, родители и надворешни соработници. Во негувањето на угледот и достоинството на личноста на ученикот, а воедно и на самото училиште, ученикот е должен да се грижи и да придонесува за градењето и развивањето позитивни и коректни односи со своите соученици при што:

- ги почитува своите соученици врз основа на другарство, искреност и отвореност;
- меѓусебната соработка ја темели врз взаемно договарање и размена на искуство, т.е. кооперативност;
- во комуникацијата со учениците ги почитува нивните знаења и индивидуални квалитети;
- добронамерно и нетенденциозно укажува на слабостите на својот соученик со што го штити угледот на личноста на ученикот, а воедно и ликот и карактерот на самото училиште;
- да биде солидарен со својот соученик;
- да ја развива емпатијата;
- да им помага на другите ученици пренесувајќи го несебично своето знаење и искуство.

Училиштето има изработено Кодекс на однесување на наставници и ученици и Куќен ред кои безрезервно се почитуваат како од страна на наставниците, така и од страна на самите ученици. Сето ова придонесува создавање на пријатна работна атмосфера и низа позитивни вредности кои го карактеризираат нашето училиште.

	Наставен јазик-македонски	Наставен јазик-албански	Наставен јазик- турски	Наставен јазик- српски
Број на паралелки	35			
Број на ученици	730			
Број на наставници	53			

Органограм на ООУ „ Стив Наумов “ Битола



Мисија и визија

Мисија - Градење на мултикултурно и мултиетничко училиште - како предуслов за создавање на квалитетно образовани личности спремни за животни предизвици.

Визија - Да се создадат силни и здрави личности со високи етички вредности кои ќе ги афирмираат динамичните – современи и мултикултурни врски во модерното општество.

Мото - *Квалитетно образование – предуслов за успешна личност.*

Лого -

Слогани:

1. Образованието е фундаметално човеково право.
2. Образованието е клучот за разбирање и напредок, со цел да се одговори на сите предизвици во животот.
3. Иновациите во наставата и во учењето се клучот за подигнување на успехот.
4. Училиштето е место каде секој ученик може да се реализира себеси преку воспитно – образовниот процес.
5. Моето училиште е мојот втор дом.

“Lessons Learned”- Веќе научено / Стекнати искуства

Стекнати искуства

- Во ова поглавје напишани се поуките од реализирањето на минатите активности кои може да бидат корисни за време на реализирањето на годинешните активности. Од досегашното долгогодишно искуство и увидите направени на минатогодишниот извештај за реализација на годишната програма за работа на училиштето (учебна 2014/ 2015) можат да се истакнат следните поуки:
- Подобрување на инфраструктурата на училиштето заради обезбедување подобри услови за престој и учење на учениците;
- Осовременување на наставниот процес и вклопување на учениците во современите тенденции на воспитно-образовниот процес;
- Поттикнување на учениците за конструктивно решавање на конфликтите;
- Оспособување на наставниците за користење на современи техники на учење во наставата;
- Унапредување и интензивирање на формите на соработка со родителите и локалната заедница преку отворени денови во училиштето;
- Опременоста на училиштето со нагледен наставен материјал е добар предуслов за успешно изведена настава;
- Континуирано одржување на хигиена во училиштето (училниците, тоалетите, училишниот двор и ходниците) се услов за здрав живот;
- Соработката со родителите води кон подобар резултат за успехот на учениците;
- Успешната работа на психолошко-педагошката служба води кон подобри резултати кај учениците;
- Посетата на семинари и советувања од страна на наставниците дава добри резултати во модернизација и усовршување на наставата;
- Вклученоста и изработката на проекти води кон добри резултати (Еко-училиште добивање на Зелено знаме, ОХО, Македонија без отпад, Зелен пакет јуниор, ПЕП-унапредување на наставата и др,Scientix,Camridge програмата)
- Учество на учениците и наставниците во хуманитарни акции води кон подигнување на свеста и соработка со Црвен крст;
- Организирањето на наставата, планирањето и подготовката, следењето и оценувањето на учениците, изборот на форми и методи од страна на наставниците води кон унапредување и надоградување на наставниците;
- Уредувањето на кабинети, училишни работилници, игралишта, училишен двор и слично е чекор кон правење на училишната средина на пријатно место за работа, учење и престој;
- Водењето (изведувањето) екскурзии, натпревари, настава во природа и друго поттикнува јакнење на духот и телото кај наставниците / учениците;
- Изготвувањето на тромесечни, полугодишни и годишни извештаи за успехот и поведението на учениците е показател за континуирано следење на постигањата и успехот на учениците;

- Изработка на самоевалуација на наставниците поттикнува кон надоградба и усовршување на наставниците.

Во учебната 2014/2015 година и години наназад во ОУ„Стив Наумов”- Битола, стекнатите знаења и искуства ги применувавме во наставата, вон наставните активности, при соработка со локалната средина, развојот на училиштето и сите други сегменти од секојдневието на училиштето.

- Ги следевме и применувавме промените на наставниот план и програма;
- Новите стекнати знаења ги имплементиравме во наставниот и вон наставниот процес на нашето училиште;
- Од анализата на постигнатиотуспех и поведение во минатата учебна година дојдовме до заклучок дека постигнатиот успех е многу висок и истиот на ниво на училиште изнесува 4, 64 без екстерно тестирање, додека 4, 59 со вклучено екстерно тестирање. Високиот просек на учениците соодветствува со оценувањето од страна на наставниците. Сите ученици постигнаа примерно поведение;
- Успешно спроведовме интерно и екстерно тестирање и резултатите од екстерното тестирање кои беа со многу мали отстапки т. е 0, 28 на ниво на училиште покажаа дека наставниците ги исполнуваат критериумите за успешно оценување;
- Воспоставените критериуми и етички кодекси на оценувањето се применуваа во сите области на оценувањето;
- Се трудевме секогаш учениците да се центар во нашето внимание;
- Со многу спортски, вон наставни и слободни активности, учествувавме на многу натпревари притоа внимавајќи кои од нив имаат акредитација, постигнавме високи резултати;
- Соработувавме со родителите, локалната средина, медиумите и други организации;
- Ги почитувавме законските правила и прописи и ги применувавме новите законски прописи;
- Се грижевме за безбедноста во училиштето;
- Ги почитувавме етичките кодекси за однесување на учениците, наставниците и родителите;
- Секаде каде што имаше можност се применуваше ИКТ и компјутеризација;
- Се направија значителни промени во реновираните училници;
- Се спроведоа и реализираа низа проекти;

Реализирани проекти во минатата учебна година	
72 годишнината од чествувањето на името на борецот Стив Наумов	**12-09-2014г. ,,Сојузот на борци„** организираше свеченост по повод **72 годишнината од чествувањето на името на борецот Стив Наумов.** На прославата, која се одржа пред споменикот на Стив Наумов (кај Домот на АРМ) учествуво зедоа учениците од 5а одд. со наставничката Лилјана Трајчевска и положија свежо цвеќе.
Сите сме еднакви	На **15-09-2014г.** во нашето училиште беше промовирана училишната кампања **,,Интерактивни спортски и забавни игри“** како дел од Проектот **,,Сите еме еднакви“.** За таа цел бевме посетени од страна на Министерот за образование и наука г-нот Абдилаќим Адеми, амбасадорот на Велика Британија во Македонија г-дин Чарлс Едмунд Гарет, потоа градоначалнокот на Општина Битола д-р Владимир Талески, подрачната министерка за образование г-ѓа Снежана Петровска и преставници на Здружението ОХО.
Засади дрво за мир	На **22-09-2014г.** во нашето училиште се реализира еко-акција **,,Засади дрво за мир“**која беше организирана од Интернационалната програма ,,Учење за шумите“ на Фондацијата за еколошка едукација ФЕЕ и Програмата ЕНО, со што се вклучивме во светската мрежа на училишта кои работат за одржлива иднина преку еколошка едукација на учениците.
Мировен марш	**26-09-2014г.** по повод Меѓународниот ден на мирот се организираше Проект-**Мировен марш**, поддржан од Владата на Р.М., Министерството за надворешни и внатрешни работи и Министерството за одбрана на Р. М. На маршот учествуваа ученици од 9 г одд. предводени од наставникот Александар Милинг.
Движење по улиците и преминување на пешачки премин	**29-09-2014г.** Претставници од МВР одржаа сообраќаен час кај учениците од одделенска настава на тема **,,Движење по улиците и преминување на пешачки премин“.**
Чиста околина, здрав живот	**08-10-2014 г. –** во рамките на акцијата **,,Чиста околина, здрав живот“** во организација на ОУ ,,Гоце Делчев“ – Битола, во просториите на Центарот за култура се одржа манифестација на која учествуваа ученици од Основните

	училишта од градот и изработуваа ликовни и литературни творби на тема ,,Чувари на природата“. Од нашето училиште учествуваше наставничката Славица Михаилова со 8 ученици.
Приемот на првачиња	По повод приемот на првачињата во **Детската организација**, на **09-10-2014г.** координаторот Снежана Најдовска имаше посебно обраќање до првачињата, а им беше прочитана и заклетвата за прием на првачињата во Детската организација. По тој повод се одржа приредба во училишната сала на која со пригодна програма настапија ученици од 5 одд. под менторство на нивните наставници.
Денот на гладта	Како и секоја година, така и оваа, на **15-10-2014г.** нашето училиште активно се вклучи во Хуманитарна акција во организација на Општинската организација на Црвен крст Битола, по повод на **,,Денот на гладта,,** Учесници беа ученици од 8 одд. кои растураа вредносни бонови по домовите на граѓаните во овој реон, а собраните средства беа искористени за помош на социјално зарозените семејства од нашата општина. Одговорни наставничка беше Силвана Ристевска.
Црвен крст	Во текот на месец ноември беше спроведена хуманитарна акција во организација на **,,Црвен крст“** од Битола и заради успешната соработка во на три социјално загрозени семејства на наши ученици им се додоелени прехранбени пакети (Ф.Василенко 3б; М.Талевски 2г и А.Јошевски 7б).
Македонија без отпад	**18-10-2014г.** во нашето училиште се реализира еко-акцијата **,,Македонија без отпад“** со цел да се зголеми свеста кај учениците за одржување на чист училишен двор и чиста околина, а воедно и развивање на нивната креативност.
Сите сме еднакви	За **патрониот празник (27-10-2014г.)** во нашето училиште се организираа многу активности и тоа: спортски натпревари, положување цвеќе и историски час пред бистата на патронот, литературно читање, ликовна изложба, работилници МИО, ЕКО и **,,Сите сме еднакви“** и свечена приредба во училишната сала. Беше издаден и нов број од училишниот весник **,,Училишен**

	звон,, преку кој се афирмираат воннаставните активности и се подтврдува нивниот квалитет.
Градба и функција на оралната празнина **Правилна исхрана и контрола на внесување шеќери и** **Правилна орална хигиена**	На **31-10, 25 и 26-11-2014г.** на учениците од 1 и 4 одд. во организација на Службата за детска и превентивна стоматологија, им се одржа **стоматолошко и здравствено просветување** на тема **,,Градба и функција на оралната празнина,, / ,,Правилна исхрана и контрола на внесување шеќери,, и ,,Правилна орална хигиена,,**
Ноќна атлетска трка	**03-11-2014г.** Сојузот на спортови – Битола и Сојузот за училишен спорт од Битола, по повод 4-ти Ноември, денот на ослободувањето на градот, ја организираа традиционалната **Ноќна атлетска трка** низ улиците на Битола. Учествуваа ученици од 5 до 9 одд., а водичи на екипата беа наставниците Весна Гецовска и Томе Петровски.
Денот на лица со посебни потреби	**06-11-2014г.** со пригодна програма нашето училиште учествуваше во емисијата **,,Голем одмор“** на МРТ Скопје во рамките на училишната програма. Настапот беше успешен, во живо, учениците учесници беа под менторство на наставничките Снежана Најдовска, Ана Д. Божиновска, Елизабета Груевска и директорката на училиштето.
Ден на дрвото-есен 2014	На **03-12-2014г.** во организација на МОН се одржа традиционалната Еко-акција **,,Ден на дрвото-есен 2014“** во рамките на која се превземени одредени активности и тоа: -учениците од 1 до 6 одд. ги уредуваа училиниците и засадуваа шумски садници во училишниот двор -учениците од 7 до 9 одд. беа ангажирани за засадување во најблиската локација до училиштето

Новогодишен хуманитарен базар	На **25-12-2014г.** во нашето училиште се одржа **Новогодишен хуманитарен базар** на кој беа изложени новогодишни изработки од учениците, а собраните средства и изработените новогодишни честитки беа донирани во Домот за деца без родители и Старскиот дом. Во рамките на базарот се одржаа новогодишни приредби во одделенска настава и свој настап имаше хорот на училиштето.
Урбан ѕид	На **19-02-2015г.** во рамките на проектот **„Урбан ѕид“** иницран од Агенцијата за млади и спорт и Општина Битола,се одржа манифестација на која учествуваа 10 ученици од нашето училиште кои цртаа графити на ѕидот кај Ракометното игралиште под менторство на наставничката по ликовно образование Славица Михаилова.
8-ми март	На **07-03-2015г.** на плоштадот Магнолија се одржа манифестација по повод **8-ми март** на која учествуваа ученици од 3г одд. со наставничката Татјана Ликушевска.
Always	На **03-04-2015г**. во организација на Агенцијата Греј Ворлдвајд во нашето училиште се одржа предавање као дел од Училишната програма **Always** со **ученичките од 6 одделение**, по покровителство на Procter&Gamble.
Училишен Велигденски фест	На **08-04-2015г.** во нашето училиште се одржа продажен **Училишен Велигденски фест** по повод престојните Велигденски празници, а средствата беа наменети за хуманитарни цели.
Од нас, за нас	На **09-04-2015г.** во нашето училиште се организираше хуманитарна акција **„Од нас, за нас“**, на која се собираше храна за ученици од нашето училиште кои потекнуваат од Социјално загрозени семејства и им се достави пред Велигденските празници.
Денот на Европа	На **08-05-2015г**. во организација на Секторот за економски развој, Општина Битола и ЕУ Инфо точката, на плоштадот ,,Магнолија“ се одржа прослава за 9 мај- **Денот на Европа**. Нашето училиште оваа година ја преставуваше Естонија (како дел од 27-те земји членки на Европа). Одговорни наставници беа Татјана Ликушевска, Наташа Швигир и Владо Кузмановски.

Ден на дрвото	На **12-05-2015г.** се реализира акцијата **„Ден на дрвото“** за сите основни училишта во Македонија.
Вклучи се во превенцијата, трговијата со луѓе е реалност	На **18-05-2015г.** за време на одделенски час се одржа едукативно предавање и продолжи соработката со Здружението за еднакви можности ,,**Семпер**“ од Битола. Имено, две наши ученички од 9б (Емилија Чона и Мартина Козаревска) беа вклучени во ПИЕР едукација во рамките на проектот **„Вклучи се во превенцијата, трговијата со луѓе е реалност“**.
Еко автобус	На **18 и 19 -05-2015г.** во организација на Друштвото за управување со пакување и отпад од пакување **„Пакомак“** ДОО Скопје се одржа манифестацијата **„Еко автобус“** во која беа вклучени учениците од одделенска настава при што учествуваа на еко предавања заедно со своите одделенски наставници во специјален автобус кој беше паркиран пред училиштето.
Садница плус	На **26-05-2015г**. се спроведе акцијата **„Садница плус“** како дел од пролетната акција ,,Ден на дрвото“. Акцијата се спроведе во училишниот двор при што учениците од повисоките одделенија засадија семиња од елаи и при тоа не се наруши воспитно-образовниот процес.
Од мали нозе со големи чекори	**На 26-05-2015г**. се спроведе **Еко хепенинг** со слоганот **„Од мали нозе со големи чекори“** кој се одржа во Гратскиот парк во Битола каде учениците од одделенска настава на посебен штанд ја презентираа својата работа во делот на заштита на животната средина.
Изучувањето на германскиот јазик - отворена врата кон Европа	Во ОУ ,,Стив Наумов‘‘ во Битола на **9 Јуни, 2015 година** се одржа училишен натпревар по германски јазик за VI одделение под мотото **„Изучувањето на германскиот јазик - отворена врата кон Европа‘‘.** Проектот беше организиран од страна на наставничката Наташа Швигир, а истиот поддржан и помогнат од страна на сега веќе поранешна Директорка на училиштето М-р Билјана Рахманова Тасева. Проектот имаше пред се` едукативен карактер, а целта беше да се даде посебен акцент на германскиот јазик како број еден јазик во Европа. Од

	особено значење и важност е да се спомене дека гостин и подржувач на овој проект беше почесниот конзул на Австрија во Р. Македонија Д-р Валентина Илиева која додели пригодни подароци од страна на наставни средства и помагала за училиштето, а воедно и подароци за учениците. На учесниците на натпреварот им беа доделени признанија од страна на Директорката, додека на учениците кои ги заседоа првите три места им беа доделени дипломи и соодветни награди. Првото место и припадна на ученичката Митревска Ана VI б одделение. На второ место се најде ученичката Михаела Коруновска VI а одделение, додека третото место го зазеде ученичката Теона Богдановска VI б одделение. Говорот од страна на почесниот конзул за Австрија во Р. Македонија Д-р Валентина Илиева за бенефитите и придобивките од познавањето, а воедно и изучувањето на германскиот јазик во училиштата ќе остане вечно запаметен. Ова е само еден сегмент од она што се работи во нашето училиште за фаворизирање на странските јазици во континуитет.
Нов европски проект Scientix	**Промоција на Scientix**  ОУ “Стив Наумов“- Битола е промотор на новиот европски проект **Scientix** наменет за наставниците во основно и средно образование ширум Европа. Во Македонија овој проект е достапен од **2014 година** и истиот го претставуваат два амбасадори: м-р Наталија Ацеска, советник по биологија во Бирото за образование и Силвана Ристевска, наставник по биологија и природни науки во нашето училиште.
Проект **„Erazmus“** Проект за соработка со родителите - **Заедничка грижа за правилно насочување на учениците**	- Новина беше и Проект **„Erazmus“** и Проектот за соработка со родителите - **„Заедничка грижа за правилно насочување на учениците“ .**

- Се реализираа интерни и екстерни обуки и семинари за професионалниот развој на наставниците и др.

Со стручното усовршување се опфаќа оспособување на наставниците за успешна реализација на новите програмски содржини. Училиштето ќе се грижи да им овозможи стручно усовршување на оние наставници и стручни работници на кои ваквото усовршување им е потребно. Еден дел од грижата за стручно усовршување превземаат соодветните високошколски институции и Бирото за развој на образованието. Наставниот кадар е должен да ги посетува семинарите и советувањата. Во рамките на училиштето стручното усовршување ќе биде сообразено со приоритетните задачи од Годишната програма за работа на училиштето, програмите за работа на Наставничкиот совет, Програмата за работа на Директорот и програмата за работа на педагогот во училиштето. Училиштето ќе обезбедува набавка на стручна литература, но како доста битен фактор во стручното усовршување спаѓа и интернетот.

И оваа учебна година покрај обуките и семинарите што ќе ги реализира Бирото за развој на образованието ќе се реализира интерна обука на наставниците и стручните соработници. Стекнатите искуства и знаења во континуитет да се надоградуваат.

Во изработка на оваа Годишна програма покрај стекнатите искуства најголемо влијание имаше:

- Полугодишниот и Годишниот извештај;
- Самоевалуацијата на училиштето;
- Развојниот план за работа;
- Препораките на Училишниот одбор;
- Советот на родители;
- Наставничкиот совет.

Тие се однесуваат на следното:

- Следење на промените во образованието и подобрување на квалитетот во наставата;
- Имплементација на екологијата во образовниот систем;
- Промени во инфраструктурата на училиштето;
- Промени во условите за учење во училиштето;
- Изработка на план и инструменти за следење на реализираните активности од оваа годишна програма;
- Професионален развој на наставниот кадар;
- Подобрување на имиџот на училиштето.
- Минатата учебна година врз основа на реализираната самоевалуација во училиштето и приоритетите кои ги определивме успешно реализиравме многубројни активности и проекти во воспитно- образовната работа. Нашата интенција е и оваа учебна година да продолжиме со истите, но и со нови активности и ќе настојуваме да постигнеме уште подобри резултати од минатата година, а воедно и да ја збогатиме нашата ризница од знаења и искуства.

Подрачја на промени, приоритети и цели

Тргнувајќи од искуствата на нашето училиште, а во интерес на нашата визија во училиштето, треба да се направат промени. Во училиштето треба да се направат промени во следните подрачја:

1. Наставни планови и програми
2. Постигање на учениците
3. Учење и настава
4. Поддршка на учениците
5. Училишна клима
6. Ресурси
7. Управување /раководење со училиштето и креирање на политика на училиштето

ред бр.	Подрачја на промени	Приоритети
1	Наставни планови и програми	➢ Определување на простории за кабинетска настава и набавување на соодветни нагледни средства и помагала; ➢ Професионален стручен развој на наставниците и стручните соработници - Обука за стекнување вештини за менаџирање во училница и оценување на учениците) ➢ Изградба на нова спортска сала за реализација на часовите по физичко и здравствено образование.
2	Постигања на учениците	➢ Обезбедување поголем број на материјално-технички помагала и средства кои ќе им помогнат на учениците за напредок во нивните знаења и постигнувања, ќе дадат мотивација за учење, целосно совладување на наставните содржини и зголемување на учеството во воннаставните активности и натпревари ➢ Изградба на нова спортска сала во училиштето ➢ Подобрување на соработката со Советот на родители во насока на обезбедување и поддршка во сите сегменти за потребите на учениците. ➢ Подобрување на комуникацијатата меѓу наставниот кадар и учениците во текот на наставниот процес. ➢ Поголема едукација на учениците за пороците на денешницата, ХИВ- вирус, дрога, пушење алкохол. ➢ Соодветна едукација на наставниците за работа со деца со посебни потреби
3	Учење и настава	➢ Адаптација на постоечките училници во кабинети; ➢ Зголемување на опременоста со нагледни средства и технички помагала (видео-бим, печатари, фотокопир, училишни табли во дел од училниците и сл.);

		➢ Изградба на нова спортска сала, реконструкција на спортските терени во училишниот двор; ➢ Реконструкција на кровот; ➢ Целосна реализација на започнатиот проект за оплеменување на задниот дел од училишниот двор. ➢ Едукација на наставниот кадар за стекнување познавање на странски јазик
4	Поддршка на учениците	➢ Адаптација на училниците во кабинети; ➢ Организирање на семинари и работилници за наставниот кадар и педагошко-психолошката служба за учениците со посебни потреби, доживеани трауми,учениците кои покажуваат асоцијално однесување и имаат одредени проблеми во својот социјален и емотивен развој; ➢ Обезбедување на материјално-технички средства и помагала; ➢ Обезбедување на адекватна спортска сала во училиштето, со цел учениците да имаат услови за добра физичка активност и во зимскиот период од годината. ➢ Обезбедување на опремена медиотека(смарт табла, проектор, лаб топ, телевизор, двд и сл.
5	ЕТОС	➢ Зајакнување на начинот на комуникација во училиштето ➢ Безбедна и пријатна средина за работа ➢ Утврден систем на вредности и систем на наградување ➢ Воспоставен систем за развивање на позитивни ставови кај вработените ➢ Утврден систем за донесување и спроведување на одлуки ➢ Воспоставен систем на отворени и чесни комуникации ➢ Градење взаемно почитување и доверба ➢ Воспоставување на отворена, чесна комуникација ➢ Создавање на уредна и пријатна, современа средина за работа ➢ Стратегија на училиштето да го гради својот имиџ и традиција ➢ Зајакнување на културата на однесување на сите субјекти ➢ Разновидни и еднакви можности за развој на сите ученици ➢ Поставување на слогани и симбол кои го поткрепуваат училиштето
6	Ресурси	➢ Реконструкција на дел од кровот ➢ Изградба на спортска сала ➢ Реорганизација на наставата во кабинетска настава ➢ Набавка на материјално-технички помагала (училшни бели табли, смарт табла и др.)
7	Управување -раководење со училиштето и креирање на политика на училиштето	➢ Потреба од обуки и работилници за оценување и начин на работа со ученици со посебни образовни потреби ➢ Изградба на спортска сала за нормално одвивање на наставата по физичко и здравствено образование ➢ Обезбедување на медиотека

Цели на училиштето

Прва развојна цел: Професионален стручен развој на наставниците и стручните соработници - Обука за стекнување вештини за менаџирање во училница и оценување на учениците)

Втора развојна цел: Соодветна едукација на наставниците за работа со деца со посебни потреби

Трета развојна цел: Едукација на наставниот кадар за стекнување познавање на странски јазик

Четврта развојна цел: Обезбедување на опремена медиотека (смарт табла, проектор, лаб топ, телевизор, двд и сл).

Петта развојна цел: Реконструкција на дел од кровот

Шеста развојна цел: Изградба на спортска сала за нормално одвивање на наставата по физичко и здравствено образование

Во тек на учебната 2015-2016 година планирано е да се реализираат следните развојни цели:

Прва развојна цел – Професионален стручен развој на наставниците и стручните сорааботници – стекнување на вештини за менаџирање во училница и оценување на учениците.

Втора развојна цел - Обезбедување на опремена медиотека (смарт табла, проектор, лап топ, телевизор, двд и сл).

Акциски планови

Прва развојна цел – Професионален стручен развој на наставниците и стручните сорабоотници – стекнување на вештини за менаџирање во училница и оценување на учениците.

Втора развојна цел - Обезбедување на опремена медиотека (смарт табла, проектор, лап топ, телевизор, двд и сл).

Година 2015- 2016							
Задача	**Активност**	Временска рамка	**Носител**	**Ресурси**	**Инструменти**	**Очекувани резултати**	**Одговорно лице**
Обезбедување на обуки за наставниците за стекнување вештини за менаџирање во училницата и оценување на учениците	1.Оформување на училишен тим за правилен избор на обуки, семинари, работилници. 2. Селекција на соодветни обуки, семинари, работилници. 3. Одржување на обука за наставниците	X - XI	Директор претседател и на одделенски совети и стручни активи, стручна служба	Спроведување на анкети Организирање на состаноци на одделенски совети Органнизирање на предавања и работилници	Анкети, изготвени работилници предавања	Стекнати вештини за менаџирање во училницата и оценување на учениците	Директор, стручна служба
Унапредување на соработката со родителите и локалната заедница во изработка на проекти	1.Изработка на декоративни предмети и украси, торти, колачи 2.Организирање на продажна изложба 3. Финансиски извештај за собраните средства и употреба на истите за потребите на училиштето	XII	наставници, родители, стручна служба	Изработени декоративни предмети,торти колачи и сл. Продавање на истите од страна на ученици	финансиски извештај од собраните средства	Афирмација на училиштето во општествената заедница, развивање на свест за хуманост кај учениците зацврстување на соработката со родителите и локалната заедница	Директор, стручна служба

Обезбедување на опремена медиотека (смарт табла,проектор, телевизор, двд плеер)	Подобрување на условите за работа во училиштето со обезбедување на опрема и нагледни средства Утврдувања на потребите на наставниците за видот на наставни средства и материјали Утврдување на финанската рамка за набавка на истите Набавка на приоритетните наставни помагала и материјали и оплеменување на простор за медиотека		директор наставници лица од бизнис секторот од локалната заедница	Анкета за потребите на наставниците Листи за набавени Наствни сретства и материјали	Изготвена листа за потребни материјали - Финансиски извештај за набавени нагледни средства и помагала	Подобрување на квалитетот на наставата	директор наставници стручни соработници

План за евалуација на акциските планови

План за евалуација на акциските планови

Година 2015- 2016				
Задача	**Критериум за успех**	**Инструменти**	**Индикатор за успешност**	**Одговорен за следење**
Обезбедување на обуки за наставниците за стекнување вештини за менаџирање во училницата и оценување на учениците.	Успешни состаноци на стручните активи и одделенски совети Успешна размена на искуства и новостекнати знаења Поголем број на реализирани обуки, семинари, работилници	Работилници предавања, обуки, семинари	Стекнати вештини за менаџирање во училницата и оценување на учениците	Директор, стручна служба
Унапредување на соработката со родителите и локалната заедница во изработка на проекти	Остварени средби со родителите и повратна информација за заедничка реализација, остварени средби и контакт со институциите на локалната заедница	Финансиски извештај од собраните средства	Успешно реализирана продажна изложба, собрани финансиски средства кои ке се наменат за подобрување а наставата во училиштето	Директор, стручни соработници , родители

Обезбедување на опремена медиотека (смарт табла,проектор, телевизор, двд плеер)	Средби и состаноци за разгледување на барањата за набавка на дидактички средства со одделенските наставници, за успешна реализација	Анкета за потребите на наставниците Листи за набавени настивни средства и материјали	Подобрување на квалитетот на наставата	Директор, стручни соработници

- ***Критериум за успех*** –

Правилна селекција на потребите, Правилен избор на идните проектни активности, Правилното имплементирање на искуствата, Надминување на проблеми, Создавање на соодветни услови за реализација на наставата, Успешнен проектен план и добивање на финансиска помош од МОН за изградба на спортска сала во училиштето, Поголем број на реализирани обуки, семинари, работилници, Успешна размена на искуства и новостекнати знаења, Задоволни родители и ученици

- ***Инструменти*** – реализирани состаноци, средби, работилници, обуките, семинари, прашалници, каталог, квизови, реализирани отворени часови.
- ***Одговорен за следење*** - директор, стручна служба, училишни тимови, наставници, ученици, совет на родители.
- ***Повратна информација*** - информација за постигнувањата, поуки за подобрување на успехот, мотивацијата, самостојноста во водење на учењето, вреднување на напредокот на учениците, наставниците и училиштето.

Календар за работа

Календарот за работа на училиштето го донесува Министерот за образование. Во овој календар училиштето одделно ги истакнува деновите кои се неработни. (Календарот за работа Министерството за образование и наука го објавува во Службен весник www.slvesnik.com.mk)

СЕДМИЦА	1.	2.	3.	4.	5.	6.	7.	8.	9.	10.	11.	12.	13.	14.	15.	16.	17.	18.	19.	20.	
2015-2016	I полугодие																				
работни денови	септември					октомври					ноември					декември					
понеделник		7	14	21	28		5	12	19	26	2	9	16	23	30		7	14	21	28	16
вторник	1	8	15	22	29		6	13	20	27	3	10	17	24		1	8	15	22	29	16
среда	2	9	16	23	30		7	14	21	28	4	11	18	25		2	9	16	23	30	18
четврток	3	10	17	24		1	8	15	22	29	5	12	19	26		3	10	17	24	31	18
петок	4	11	18	25		2	9	16	23	30	6	13	20	27		4	11	18	25		15
вкупно денови	21					20					20					22					83

СЕДМИЦА	21.	22.	23.	24.	25.	26.	27.	28.	29.	30.	31.	32.	33.	34.	35.	36.	37.	38.	39.	40.	41.	42.	43.	44.	
2015-2016	II полугодие																								
работни денови	јануари		февруари					март					април					мај						јуни		
понеделник		25	1	8	15	22	29		7	14	21	28		4	11	18	25	2	9	16	23	30		6	18
вторник		26	2	9	16	23		1	8	15	22	29		5	12	19	26	3	10	17	24	31		7	19
среда	20	27	3	10	17	24		2	9	16	23	30		6	13	20	27	4	11	18	25		1	8	21
четврток	21	28	4	11	18	25		3	10	17	24	31		7	14	21	28	5	12	19	26		2	9	21
петок	22	29	5	12	19	26		4	11	18	25		1	8	15	22	29	6	13	20	27		3	10	20
вкупно денови	8		21					22					20					20					8		99

Календарот е основа за планирање на активностите за одбележување на значајни датуми, преку училишни радио емисии (разглас) или книга за соопштенија,

уредување на училишниот хол, пано, уредување на содржини за ѕиден весник, организирање на прослави, приредби, хепенинзи, базари, настани од хуманитарен карактер, собирни акции, еколошки активности.

За успешна реализација на воспитно образовната дејност училиштето ја планира, организира и програмира работата согласно календарот за организација и работа на училиштето во учебната 2015/2016 година

Учебната година во училиштето почнува на 1 септември 2015 година, а завршува на 31 август 2016 година. Наставната година започнува на 1 септември 2015 година и завршува на 10 јуни 2016 година. Наставната година ја сочинуваат две полугодија - I и II полугодие. Првото полугодие започнува на 1 септември 2015 година и завршува на 30 декември 2015 година. Второто полугодие започнува на 20 јануари 2016 година и завршува на 10 јуни 2016 година.

Во времето од 13 јуни до 20 јуни 2016 година училиштето ќе организира дополнителна настава за оние ученици кои на крајот од учебната година имаат по една или две слаби оценки, а од 15 до 22 август 2016 година се организира подготвителна настава, консултации и други форми на помош за учениците кои треба да полагаат поправни или одделенски испити и истите ги спроведуваат.

Во текот на учебната година учениците користат зимски и летен одмор. Зимскиот одмор започнува на 31 декември 2015 година и завршува на 19 јануари 2016 година. Летниот одмор започнува на 11 јуни 2016 година и завршува на 31 август 2016 година.
Екстерното проверување на знаењата на учениците од IV – IX одделение се врши на крајот од наставната година.

На денот на училиштето 26.октомври 2015 г. се организираат културни, спортски и други манифестации.

Работните денови кога се изведуваат ученичките екскурзии, Денот на дрвото/ Денот на еколошката акција на младите во Република Македонија и денот на училиштето се наставни денови кога се изведуваат посебни програми.

Според календарот за работа во учебната 2014/15 година неработни денови се:

8 ми септември	Ден на независноста на Р Македонија
11ти октомври	Ден на македонското востание
23ти октомври	Ден на македонската револуционерна борба
8ми декември	Св. Климент Охридски
1ви јануари	Нова Година
6ти јануари	Бадник
7ми јануари	Божиќ
19ти јануари	Водици
29ти април	Велики Петок

02ри мај	Велигден
1ви мај	Ден на трудот
24ти мај	Св. Кирил и Методиј
10ти јуни	Духовден

- ***Еколошки календар***

5 март	Светски ден за заштеда на енергија
22 март	Светски ден за заштеда на водите
7 април	Светски ден на здравјето
22 април	Светски ден на планетата
15 мај	Светски ден за заштита на климата
31 мај	Светски ден против пушењето
5 јуни	Светски ден за заштита на животната средина
16 септември	Светски ден за заштита на озонската обвивка
22 септември	Меѓународен ден без автомобили
8 октомври	Меѓународен ден за намалување на уништувањето на природата
15 октомври	Меѓународен ден на пешаците
16 октомври	Меѓународен ден на храната
Ден на дрвото – ден на еколошка акција на младите и граѓаните на Република Македонија – ненаставен ден Ден на акција на еко-училиштата- се реализира два пати во текот на една учебна година Ајде Македонија- ден на еколошка акција на младите и граѓаните на Република Македонија	

Настава

Вид на настава

Наставата овозможува да се остварат основните образовни и воспитни активности со учениците. Наставата се реализира преку планирање, подготвување, изведување и нејзино вреднување. Низ наставниот процес учениците на организиран начин се здобиваат со знаења, умеења, вештини и навики. Наставата е основна форма на воспитно-образовната дејност во училиштето. Таа ги опфаќа:

1. Настава по задолжителни предмети
2. Настава по изборни предмети
3. Други видови на настава со разновидна дидактичка функција (дополнителна настава, додатна настава, часови на одделенската заедница, дневен престој и проширена програма за згрижување на ученици и слободни ученички активности)

Организација на задолжителна настава

Најчеста и најдоминантна настава која се однесува на редовното школување е задолжителната настава. Таа настава се изведува по пропишана програма за работа со точно одредено време на наставна работа за поединечно одделение. Задолжителните предмети ја сочинуваат содржинската основа на основното училиште, со која на учениците им се овозможува вертикална проодност за продолжување на школувањето во средното образование.

Застапеноста на наставните предмети по одделенија и нивните квантитативни износи изразени во седмичен и годишен фонд на часови произлегува од наставниот план, а целите и содржините од наставните програми.

Оваа учебна година наставата во нашето училиште ќе се изведува во две смени. Првата смена со настава ќе започнува во 7.30 часот, а втората смена во 13.00 часот. Учениците од 1 одд во претпладневната смена со настава ќе започнуваат во 8.15 часот, а во попладневната во 13.00 часот. Наставниот час ќе трае 40 минути. Во училиштето работи и библиотека. Библиотеката работи од 7.30 до 18.00 часот и на тој начин ги опфаќа двете смени.

Согласно со Календарот за работа во Основното образование во текот на учебната 2015/16 година ќе се реализираат 180 наставни денови во кои влегуваат: наставните екскурзии и излети, Денот на дрвото / Денот на еколошката акција и 27.10.2015 - Денот на училиштето.

Часовите на одделенската заедница се планираат и организираат од 1-во до 9-то одделение со еден час неделно односно 36 часа годишно. Прв задолжителен странски јазик е Англиски јазик, а како втор задолжителен странски јазик од шесто одделение се предлагаат Германски и Француски јазик. Оваа учебна година по Кембриџ програма учат учениците од 1во до 6 то одделение. Од оваа учебна година во 3то одделение се изучува како редовен наставен предмет работа со компјутер и основи на програмирање.

Во училиштето функционираат 2 кабинети: кабинет за ликовно и музичко образование и кабинет за техничко образование и информатика. Во состав на училиштето влегуваат библиотека и дневен престој.

Одделенска настава ја сочинуваат 20 наставници и тоа:

Име и презиме	1а	Вкупно
Лилјана Трајчевска	20	20

Име и презиме	1б	Вкупно
Билјана Кузмановска	20	20

Име и презиме	1в	Вкупно
Снежана Најдовска	20	20

Име и презиме	1г	Вкупно
Соња Алтипармакова	20	20

Име и презиме	2а	Вкупно
[illegible]	[illegible]	[illegible]

Име и презиме	2б	Вкупно
Пацка Трпковска	20	20

Име и презиме	2в	Вкупно
Доста Илиевска	20	20

Име и презиме	2г	Вкупно
Весна Деспотовска	20	20

Име и презиме	3а	Вкупно
Наташа Костовска	20	20

Име и презиме	3б	Вкупно
Гордана Трифуновска	20	20

Име и презиме	3в	Вкупно
Никола Пискачев	20	20

Име и презиме	3г	Вкупно
Дијана Христовска	20	20

Име и презиме	4а	Вкупно
Анжелика Петковска	20	20

Име и презиме	4б	Вкупно
Снежана Димитровска	20	20

Име и презиме	4в	Вкупно
Весна Стојановска	20	20

Име и презиме	4г	Вкупно
Татјана Ликушевска	20	20

Име и презиме	5а	Вкупно
Виолета Цветановска	20	20

Име и презиме	5б	Вкупно
Гордана Гецовска	20	20

Име и презиме	5в	Вкупно
Наташа Цветковска	20	20

Име и презиме	5г	Вкупно
Зоре Ѓоргиевска	20	20

Предметна настава ја сочинуваат 32 наставници и тоа:

Македонски јазик

Име и презиме	6	8	Одделенски час	Вкупно
Магдалена Сајкова	6б	8 а, б, в, г	8г	21

Име и презиме	7	9	Одделенски час	Вкупно
Ана Динковска - Божиновска	7 а, б	9 а, б, в	9а	21

Име и презиме	6	7	Одделенски час	Вкупно
Христина Мијалчева	6 а, в, г	7 в, г	7в	21

Математика

Име и презиме	6	8	Одделенски час	Вкупно
Александар Димитров	6а	8 а, б, в, г	8б	22

Име и презиме	7	9	Вкупно
Јованка Вангелова	7 а, в	9 а, б, в	20

Име и презиме	6	Одделенски час	Вкупно
Маја Димитровска - Атлагиќ	6 б, в, г	6в	16

Име и презиме	7	Одделенски час	Вкупно
Анета Горгиева Наумовска	7 б, г	7г	9

Историја

Име и презиме	6	7	8	Одделенски час	Вкупно
Донка Ѓоргиева	6 а, б, в, г	7 а, б	8 а, б, в, г	6г	21

Име и презиме	7	9	Вкупно
Владо Кузмановски	7 в, г	9 а, б, в	10

Физика

Име и презиме	8	9	Вкупно
Анета Горгиева Наумовска	8 а, б, в, г	9 а, б, в	14

Хемија

Име и презиме	8	9	Одделенски час	Вкупно
Елица Лазаров	8 а, б, в, г	9 а, б, в	6а	15

Биологија

Име и презиме	7	8	9	Одделенски час	Вкупно
Маре Жежовска - Трајковски	7 а, б, в, г	8 а, б, в, г	9 а, в	7б	21

Име и презиме	9	Оддленски час	Вкупно
Силвана Ристеска	9б	9б	3

Граѓанско образование

Име и презиме	8	9	Вкупно
Елизабета Трајковска	8 а, б, в, г	9 а, б, в	7

Иновации

Име и презиме	9	Вкупно
Валентина Ѓоргиевска	9 а, б, в	3

Запознавање на религии

Име и презиме	6	Вкупно
Гордана Галевска	6г	2

Запознавање на религии

Име и презиме	6	Вкупно
Елизабета Трајковска	6б, 6ав	4

Етика на религии

Име и презиме	6	Вкупно
Драган Ѓоргиевски	6 аб, ав, г	6

Етика

Име и презиме	7	Вкупно
Гордана Галевска	7 а, б, в, г	4

Англиски јазик

Име и презиме	6	8	Одделенски час	Вкупно
Лилјана Илиевска	6 а, б, в, г	8 а, б, в	8в	22

Име и презиме	1	3	9	Вкупно
Александра Радевска Најдоска	1 а, б, в, г	3а	9 а, б, в	20

Име и презиме	4	5	Вкупно
Габриела Мамакис	4 а, б, в	5 а, б, в, г	21

Име и презиме	3	7	Одделенски час	Вкупно
Билјана Толевска	3 б, в, г	7 а, б, в, г	7а	22

Име и презиме	2	4	8	Вкупно
Сања Бундевска	2 а, б, в, г	4г	8г	14

Географија

Име и презиме	7	8	9	Вкупно
Бистрица Стојановска	7 а, б, в, г	8 а, б, в, г	9 а, в	20

Име и презиме	6	9	Вкупно
Благој Гацовски	6 а, б, в, г	9б	10

Музичко образование

Име и презиме	6	7	8	9	Оркестар	Хор	Вкупно
Елизабета Груевска	6 а, б, в, г	7 а, б, в, г	8 а, б, в, г	9 а, б, в	3	3	21

Ликовно образование

Име и презиме	6	7	8	9	Одделенски час	Вкупно
Славица Михаилова	6 а, б, в, г	7 а, б, в, г	8 а, б, в, г	9 а, б, в	9в	16

Проекти од ликовна уметност

Име и презиме	7	Вкупно
Славица Михаилова	7 абвг	2

Физичко и здравствено образование

Име и презиме	7	9	Вкупно
Весна Гецовска	7 а, б, в, г	9 а, б, в	21

Име и презиме	6	8	Одделенски час	Вкупно
Томе Петровски	6 а, б, в	8 а, б, в, г	8а	22

Име и презиме	6	Вкупно
Александар Милинг	6г	3

Техничко образование

Име и презиме	5	6	Одделенски час	Вкупно
Валентина Ѓоргиевска	5 а, б, в, г	6 а, б, в, г	6б	13

Природни науки за 6 одд.

Име и презиме	6	Вкупно
Силвана Ристевска	6б	2

Име и презиме	6	Вкупно
Елица Лазаров	6 а, в, г	6

Природни науки за 5 одд.

Име и презиме	5	Вкупно
Силвана Ристевска	5 а, б, в, г	8

Германски јазик

Име и презиме	6	8	9	Вкупно
Марија Трпковска	6 а, б, в, г	8 а, б, в	9 а, б, в	20

Име и презиме	7	Вкупно
Катерина Маруши	7 а, б, в, г	8

Француски јазик

Име и презиме	6	7	8	Вкупно
Ана Божиновска	6 абвг	7абвг	8г	6

Информатика

Име и презиме	6	7	Вкупно
Дарко Мицески	6 а, в, г	7 а, б, в, г	10

Проекти од информатика

Име и презиме	8	Вкупно
Дарко Мицески	8 б, г	4

Програмирање

Име и презиме	8	Вкупно
Валентина Ѓоргиевска	8 а, в	4

Унапредување на здравјето

Име и презиме	7	Вкупно
Силвана Ристеска	7 а, б, вг	8

Програмирање

Име и презиме	9	Вкупно
Дарко Мицески	9 аб	2

Вештини за живеење

Име и презиме	9	Вкупно
Славица Михаилова	9в	2

Вештини за живеење

Име и презиме	9	Вкупно
Благој Гацовски	9 б	2

Информатика

Име и презиме	9	Вкупно
Валентина Ѓоргиевска	6 б	2

Вештини за живеење

Име и презиме	9	Вкупно
Дарко Мицески	9а	2

Изборна настава

Наставата по изборните предмети ќе се изведува во текот на наставниот ден. Наставниот кадар преку известувањето на родителите и учениците и преку потполнувањето на изјави за изборот на наставниот предмет вршат подготовка за организација на овој вид настава. Тие ќе ги користат Наставните програми за изборните предмети изработени од Бирото за развој на образованието.

Од странските јазици, прв странски јазик е англискиот јазик,за сите ученици од 1-во до 9-то одделение, а во 6-то одделение учениците избираат втор странски јазик-германски или француски јазик.

Изборни предмети	Одделение во кое ќе се изведуваат
Творештво	4, 5
Запознавање со религии	6
Етика во религиите	6
Унапредување на здравје	7
Проекти од ликовна уметност	7
Програмирање	8
Проекти по информатика	8
Вештини на живеење	9
Програмирање	9

Дополнителна и додатна настава

Според наставниот план ќе се изведува уште и дополнителна и додатна настава кои имаат задолжителен карактер за училиштето и наставниот кадар.

Дополнителна настава ќе се организира за учениците кои ќе се соочуваат со повремени тешкотии во учењето, побавно напредуваат или заостануваат во усвојувањето на содржините и другите задачи од еден или повеќе наставни предмети. Дополнителна настава ќе се организира во зависност од потребите на учениците од прво до осмо одделение. Истата ќе се изведува во текот на целата наставна година, по часовите од редовната настава, а на крајот од учебната година дополнителна настава ќе се организира за учениците со негативни оценки. Додатна настава ќе се организира за учениците кои во текот на редовната настава постигнуваат надпросечни резултати, појавуваат и се потврдуваат со особена надареност и талентираност во одделни наставни предмети. Истата ќе се изведува во текот на целата наставна година, по часовите од редовната настава, во слободното време на учениците според определени

Програмски содржини. Во согласност со кадровските услови ќе се организира додатна настава за учениците од 2-ро до 9-то одделение, а ќе биде организирана според претходно изготвени програми. До 20.09.2015 година ќе биде изработен распоред за додатната и дополнителната настава, кој по донесувањето, станува составен дел на оваа програма.

Наставниот кадар и од предметна и од одделенска настава, во своите дневни, неделни и годишни планирања, планираат часови со примена на ИКТ во наставата со околу 30%, интеграција на еколошка едукација, содржини од МИО од наставните часови по сите наставни предмети.

Индивидуализирани програми за работа со надарени и талентирани

Изработена е програма за аплицирање и формирање на центар за поддршка и развој на надарени ученици, по што соодветно и тековно ќе бидат изработени индивидуализирани програми за работа со талентирани и надарени ученици. Дел од наставниците кои имаат инклузија на деца со посебни потреби,изготвуваат индивидуализирани програми за деца со посебни потреби.

Р.бр	цели	активности	реализатори	реализација
1	**Идентификување на надарените ученици вклучени во редовна настава**	Тестирање за идентификување на надарените ученици. -Тестирање на учениците со тест на интелигенција и нивно селектирање -Прашалник за наставниците -Скала за самопроценка на учениците	Психолошко-педагошка служба	Септември Декември
	Подобро запознавање со видот на надареноста и следење на развојот на надарените ученици	Состаноци со родителите	Психолошко-педагошка служба Класни раководители, наставници	Февруари

	Определување на цели за работа со надарените ученици; стратегии и ментори за работа.	Состаноци со стручните активи, одговорни наставници на слободни ученички активности,како и начинот на водење на додатната настава	Психолошко-педагошка служба	Септеври – Мај
2	**Следење на развојот на надарените ученици**	Состаноци со наставниците и родителите на надарените ученици	Психолошко-педагошка служба Одговорни наставници за надарените ученици	Септеври – Мај
	Поддршка на надарените ученици за акцелерација	тестирање на учениците за креативност и сигурност, годишни тестови на знаење по наставните предмети	Психолошко–педагошка служба Стручни активи Родители Наставници, класни раководители	Во текот на учебната година
3	**Поттикнување на надарените ученици во натамошното напредување и проширување на знаењата**	Организирање на додатна настава адаптирана на поставените цели	Предметните наставници	Во текот на учебната година
		Организирање на групна настава адаптирана на потребите на	Предметните наставници	Во текот на учебната година

		надарените ученици		
		Вклучување во воннаставни активности на надарените деца	Психолошко–педагошка служба во соработка со наставниците задолжени за воннаставни активности	Во текот на учебната година
4	**Континуирано следење на постигањата по класификациони периоди на надарените ученици**	Анализа на успехот (постигнувањата) на надарените ученици по класификациони периоди и изработка на извештај	Психолошко–педагошка служба Кл. раководител	По класификациони периоди
	Откривање на потребите за продлабочување и проширување на знаењата и размена на информации и предлози за нивното напредување	Организирање на индивидуални средби со надарените ученици	Психолошко–педагошка служба Наставник-ментор, ученици, родители	Во текот на учебната година
	Запознавање на родителите со постигањата на учениците и размена на искуства и информации за потребите на ученикот	Извештај за постигањата на надарените ученици	Настаник-ментор, психолошко – педагошка служба	По класификациони периоди
5	**Соработка со локалната**	Учество во натпревари во организација на	Ученици, предметни	Во текот на учебната година

	заедница	МОН, БРО на РМ, Општина Битола, НВО, Народна техника, Црвен крст и др	наставници, наставници ментори, МОН, БРО и др	

Индивидуализирани програми за деца со посебни образовни потреби

бр.	Цели	Активности	Реализатори	Време на реализација
1.	Идентификување на ученици со посебни потреби, вклучени во редовна настава	1.1 Спроведување на психолошко тестирање за идентификување на степенот на когнитивен развој. 1.2 Анализа на резултатите од психолошкото тестирање и изработка на план на конкретни активности.	Психолог Психолог	Октомври-ноември
2.	Прифаќање и следење на развојот на учениците со посебни потреби	2.1 Прием и соработка со соучениците 2.2 Советодавна работа со родителите и наставниците 2.3 Примена на социометриски метод за испитување на социјалната клима во паралелката	Психолошко-педагошка служба во соработка со класниот раководител	Во текот на учебната година
3.	Поддршка на учениците со посебни потреби	3.1 Индивидуални средби со учениците и со родителите 3.2 Организирање на индивидуализирана настава 3.3 Организирање на работилници за хумани односи помеѓу	Психолошко-педагошка служба во соработка со предметните наставници	Во текот на учебната година

		различни категории на ученици		
4.	Зајакнување на соработката со класните раководители, предметни наставници, здравствени институции (Ментално здравје на деца и младинци – ЈЗО Битола), специјални образовни институции за образовна и психолошка поддршка на ученици со посебни потреби	4.1 Анализа за потребите од едукација на наставниот кадар во институцијата 4.2 Организирање на обуки и размена на искуства со професионалците од релевантните институции и развивање на меѓусебна соработка (специјализирани училишта, здравствена институција за ментално здравје)	Психолози Образовни специјализирани институции Професионалци од релевантна институција од здравство Психолошко-педагошка служба Директор Општина Битола (Сектор за образование)	Во текот на учебната година
5.	Вклучување на учениците со посебни потреби во воннаставните активности поттикнување на тимска работа, зголемување на самодовербата и мотивација за активност	-Организирање на работилници за надминување на разликите	Психолошко-педагошка служба	Во текот на учебната година
6.	Континуирана едукација и образовна подршка за усвојување на наставни	6.1 Организирање на индивидуално учење со диференцирани методи (усмено излагање, демонстрации,	Предметен наставник	Во текот на учебната година

	содржини во рамките на нивниот когнитивен развој	писмени и илустративни работи). Прилагодени за нивното – Намалена способност за разбирање – Намалено помнење – Потешкотии во изразувањето-усно и писмено (намалена вербална способност и употреба на вербални и јазични симболи) 6.2 Вклучување во слободни активности (секции) за спорт, ликовна уметност... 6.3 Обележување на неделата за лица со посебни потреби („Сите сме исти“)		
7.	Континуирано следење на постигањата по класификациони периоди на ученици со посебни потреби (когнитивен развој) (психометриски развој) (социјален развој) (емоционален развој)	7.1 Анализа на успехот и поведението на ученици со посебни потреби. 7.2 Организирање на индивидуални средби на родителите на децата - запознавање со постигањата - размена на искуства и информации за потребите на ученикот дома-училиште	Психолог/ Педагог Психолог/ Педагог Кл. раководител Предметни наставници	Во текот на учебната година

Работа на дневниот престој

Во ОУ ,,Стив Наумов” - Битола повеќе години успешно работи дневен престој. Одговорни наставници во дневниот престој се Оливера Филиповска и Пецо Велевски – одделенски наставници.

Во учебната 2015/2016 година дневен престој ќе посетуваат околу 65 ученици од I до III одделение по претходно добиена согласност од родителите. Во интерес на учениците во нашето училиште се згрижуваат и ученици од IV и V одделение кои при посетата се вклучуваат во целокупните активности на дневниот престој. Во текот на целата учебна година учениците ќе бидат згрижени од 07:00h до 17:00h.

Задачи за работа кои ги реализира дневниот престој се: згрижување на учениците, создавање работни навики, прецизност, самостојност, проширување на знаењата и помош за успешно совладување на наставниот материјал.

Учениците имаат можност за слободно творење по катчиња, изработка на цртежи во ликовно катче, побрзо и полесно описменување, играње креативни колективни игри, читање и пишување. Во дневниот престој учениците пишуваат домашна работа, вежбаат, решаваат наставни ливчиња. Се реализираат и слободни активности: читање енциклопедии, гледање и анализа на едукативни филмови, играње колективни-едукативни игри, прошетка до блиска околина, пеење песнички и друго. Наставниците од дневниот престој прават проверка на домашните задачи, ги повторуваат и утврдуваат знаењата на учениците. Учениците од дневниот престој често го посетуваат училишниот двор каде вежбаат физички вежби за релаксација и рекреација. Покрај сите овие активности учениците имаат време за одмор и ужинка. На крајот, престојот завршува со испраќање на учениците.

Во секојдневната работа се користат сите нагледни средства со кои располага училиштето. Планирана е реализација на активности за работа со компјутери, со кои преку дидактички игри учениците се стекнуваат со нови знаења ,ги проверуваат, систематизираат и прошируваат своите знаења.

Педагошката евиденција и документација се води во дневник за работа во кој се запишува какви активности биле завршени во текот на денот.

Наставниците од престојот соработуваат со одделенските наставници и со педагогот со цел да се консултира за било каква промена кај учениците. Директорот треба да биде во тек со организацијата, педагошко-психолошките, социјалните и здравствените потреби на учениците во престојот. Затоа наставникот треба да иницира средби со директорот секогаш кога има проблем за разрешување.

За да се разменат информации за напредокот на учениците во дневниот престој, како и специфични манифестации што ученикот ги пројавува во слободното време, потребни се индивидуални и групни средби на наставниците со родителите. На овие средби доминираат прашања за успехот и поведението на учениците.

Работа на библиотеката

По одржаните состаноци на стручните активи од I до IX одделение во врска со користењето на учебници за учебната 2015/2016 год. Наставничкиот совет при ОУ,,Стив Наумов“ – Битола, во месец мај донесе ОДЛУКА за користење на учебници одобрени од МОН.
Списокот со одобрени учебници за 2015/2016 год. по закон е истакнат на огласна табла во училишниот ходник, со потпис од директорот и печат од училиштето.
Библиотеката при ОУ,,Стив Наумов“-Битола, има задача во целост да го спроведе Проектот ,,БЕСПЛАТНИ УЧЕБНИЦИ“, па за таа цел подготвува план за реализација на истиот.

ПЛАН ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ ,,БЕСПЛАТНИ УЧЕБНИЦИ“
во учебна 2015/2016 год.

Цели	Активности	Време на реализација на активност	Реализатор
Набавка на учебници	Прием на учебници од издавачки куќи	септември	Библиотека Директор
Евиденција на учебници	Внесување на учебници во инвентарна книга	септември	Библиотека
Предавање на учебниците	Распределба на учебници по одделенија	септември	Библиотека Наставници
Прибирање на податоци за пополнување на официјален формулар за набавка на учебници за 2016/2017	Прибирање на податоци за точен број на ученици	март	Библиотека Наставници Стручна служба
Примање на вратени учебници, проверка на состојбата и прибирање на уплатници за оштетени учебници	Прибирање и складирање на вратени учебници и пополнување на формулар до МОН, прибирање на уплатници за оштетени учебници	јуни	Библиотека Наставници Ученици

Интеграција на еколошка едукација во воспитнообразовниот процес

ПОВРЗУВАЊЕ СО НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Училиште_____ОУ „Стив Наумов“_____ Општина _____Битола_____
Учебна година _2015/2016_____
(одделенска/предметна настава)

I. ТЕМА: ВОДА

Еколошки содржини		Предмет	Одделение	Наставна содржина	Број на часови	Време на реализација
1.	Значење на водата за живиот свет	Географија БС Историја Природни науки Физичко и здр. образование	8 6 2 7	Природни елементи на животната средина Најстарите цивилизации Игра риболов Увежбување на техниката за брзо трчање	2 1 1 1	Мај Октомври Декември Септември
2.	Извори на вода и нивна искористеност	Географија БС	8	Антропогени елементи на жавотната средина	2	Мај
3.	Загадување на водата	Географија БС Англиски јазик	8 4	Загадување на жавотната средина Често читам во кревет	2 1	Јуни Април
4.	Рационално користење на водата	Географија БС	8	Заштита на жавотната средина	2	јуни
5.	Обезбедување на техничка вода					
6.	Здрава вода за пиење					
7.	Собирање и употреба на дождовница	Математика Анета Г. Наумовска	7	Проценти Вежби за проценти	2	октомври
8.	Анализа на состојбата на водоводната инсталација					
9.	Изработка на упатства за рационално користење на водата	Физика Анета Г. Наумовска	8	Притисок	1	март
10.	Подигање на свеста на поширокатa заедница (домот, локалната заедница и сл.)					

11.	Дистрибуција на водата	Математика Јованка Вангелова	9	Растење и опаѓање на функција	1	декември
12.	Водата и климатските промени					
13.	Водата и одржливиот развој					
ВКУПНО						

II. ТЕМА: ЕНЕРГИЈА

Еколошки содржини		**Предмет**	**Одделение**	**Наставна содржина**	**Број на часови**	**Време на реализација**
1.	Значење на енергијата за живиот свет	Македонски јазик Историја	6 9	Говорна вежба : Еден зимски настан Светот по првата светска војна	1 1	Октомври Септември
2.	Извори на енергија и нивна искористеност					
3.	Видови енергија					
4.	Рационално користење на енергијата	Општество	5	Енергија-алтернативни можности – обработка	1	Јуни
5.	Обезбедување на енергија преку алтернативни извори: соларен систем/фотоволтаици/ветерници	Физика Анета Г. Наумовска	9	Алтернативни извори на енергија	1	октомври
6.	Изработка на упатства за рационално користење на енергијата	Општество Физика	2 9	Апарати во домакинството Извори на енергија	1 1	Март Октомври
7.	Анализа на состојбата на електричната инсталација					
8.	Подигање на свеста на поширокатa заедница (домот, локалната заедница и сл.)					
9.	Дистрибуција на енергијата	Физика Анета Г. Наумовска	9	Производство и пренос на електрична струја Активности за пренос на	2	ноември

				електрична струја		
10.	Врската помеѓу енергијата и емитувањето на карбон диоксид					
11.	Енергијата и климатските промени					
12.	Енергијата и одржливиот развој					
13.	Значење на енергијата за живиот свет					
ВКУПНО						

III. ТЕМА: ОДРЖУВАЊЕ НА ЗГРАДАТА И ЗДРАВА СРЕДИНА ВО УЧИЛИШТЕТО/ГРАДИНКАТА

Еколошки содржини		Предмет	Одделение	Наставна содржина	Број на часови	Време на реализација
1.	Важноста на хигиената во зградата	Германски јазик Историја Македонски јазик Општество Музичко образование	8, 9 7 2 4 9	Проектна активност Создавање и развиток на средновековните градови Мојата училница и правила на однесување во училницата Видови живеалишта и нивното Обработка на песна по слух “Догледање родно школо”	2 1 1 1 1	Декември Јануари Септември Декември Јуни
2.	Еколошки средства за одржување на хигиена					
3.	Еколошки бои за бојадисување					
4.	Неупотребливи предмети					
5.	ПВЦ амбалажа	Математика Јованка Вангелова	9	Трошоци Вежби за трошоци	2	јуни
6.	Подигање на свеста на поширокатa заедница за хигиената и здрава средина	Македонски јазик	6	Писмена вежба : Езерска слика	1	ИИИ сед.од февруари

7.	Влијанието на хигиената врз здравјето	Физичко и здравствено образование Македонски јазик	7,9 5	Штафетно трчање-натпревар/Обработка на одбивање топка со прсти Интерпретација на текстот „Чистотата е половина здравје”стр.99	1 1 1	Ноември Февруари
8.	Влијанието на човекот врз средината	Македонски јазик	7	Писмена вежба ,,Како поминува еден мој викенд”	1	И сед. февруари
9.	Анализа на состојбата во училишната зграда	Ликовно обр.	2	Моето училиште – сликање ЕКО	2	Октомври
ВКУПНО						

IV. ТЕМА: УРЕДЕН ДВОР

	Еколошки содржини	Предмет	Одделение	Наставна содржина	Број на часови	Време на реализација
1.	Важноста на дворот	Македонски јазик Физичко и здравствено образ. Музичко образование Македонски јазик	7 2 9 5	Анализа на домашна задача Игри без граници Денес насадив дрво – обработка на песна по слух Интерпретација на текстот „Еко-акција”-стр.114	1 4 1 1	Февруари Ноември/ Декември Ноември Март
2.	Биодиверзитетот во дворот					
3.	Анализа на функционалноста на дворот	Математика Александар Димитров	8	Плоштина на правилен многуаголник Вежби за плоштина на правилен многуаголник	2	Април
4.	Важноста на хигиената во дворот	Историја Музичко	6 8	Културата во времето на Римското владеење	1 1	Мај Март

		образование		Оперски куќи		
5.	Подигање на свеста на пошироката заедница за хигиената во дворот	Македонски јазик	6	Писмена вежба : Интервју со ...	1	ИИИ сед. од март
6.	Изработка на упатства за одржување на дворот	Музичко образование	7	Еколошка песна – пеење	1	Април
7.	Наводнување на зелени површини	Математика Јованка Вангелова	9	Волумен на цилиндар Вежби за волумен на цилиндар	2	Мај
8.	Хортикултурално уредување					
9.	Компост и компостирање					
ВКУПНО						

V. ТЕМА: ОТПАД

Еколошки содржини		Предмет	Одделение	Наставна содржина	Број на часови	Време на реализација
1.	Видови отпад					
2.	Анализа на отпадот во зградата и дворот	Физичко и здравствено образование	9	Висок старт и истрајно трчање (3 минути)	1	Септември
3.	Селекција на отпад	Англиски јазик	4	Дали ти се допаѓа оваа маица?	1	Март
4.	Рециклирање	Техничко образование	4	Рециклирање стара хартија	1	Ноември
5.	Реупотреба	Ликовно обр.	2	Форма волумен во просторот -Зграда , училиште (амбалажа)	2	Јуни
6.	Депонии и диви депонии					
7.	Влијанието на отпадот врз здравјето и средината	Историја	7	Дејноста на Св.Климент и Св. Наум	1	Ноември
8.	Подигање на свеста на пошироката					

	заедница за управување со отпад					
9.	Изработка на упатства за управување со отпад					
10.	Анализа на состојбата со отпадот во зградата и дворот	Математика Јованка Вангелова	9	Работа со податоци	1	јуни
11.	План за намалување на отпадот					
ВКУПНО						

VI. ТЕМА: БИОДИВЕРЗИТЕТ

Еколошки содржини		Предмет	Одделение	Наставна содржина	Број на часови	Време на реализација
1.	Локален и национален биодиверзитет					
2.	Анализа на биодиверзитетот во локалната средина					
3.	Еколошки акции	Англиски јазик Македонски јазик	4 5	Помош! Не знам да пливам! Текст „Еко акција”	1 2	Февруари Март
4.	Влијанието на човекот врз биодиверзитетот	Историја	6	Старата Египетска држава	1	Октомври
5.	Влијанието на климатските промени врз биодиверзитетот					
6.	Подигање на свеста на поширокатa заедница за локалниот биодиверзитет	Македонски јазик	2	Човекот и природата – пишување Еко пораки.	1	Април
7.	Влијанието на отпадот врз биодиверзитетот					
8.	Изработка на упатства за заштита на биодиверзитетот					
ВКУПНО						

VII. ТЕМА: ТРАНСПОРТ

Еколошки содржини		Предмет	Одделение	Наставна содржина	Број на часови	Време на реализација
1.	Видови транспорт	Германски јазик Историја Техничко образование Музичко образование	8, 9 9 4 6	Проектна активност Општествено-политичките и економските прилики во Македонија Сообраќај Музичко изразување и творење	2 1 1 1	Септември Мај Јуни Април
2.	Влијанието на транспортот врз здравјето	Физика Анета Г. Наумовска	9	Звук и негови карактеристики Повторување за звук	2 2	Февруари Април
3.	Влијанието на транспортот врз средината					
4.	Анализа на состојбата на локалниот транспорт					
5.	Транспортот и безбедноста					
6.	Подигање на свеста на пошироката заедница за користење на јавен превоз и велосипед	Општество	2	Патуваме –сообраќајни средства	1	Јуни
7.	Изработка на упатства за користење на јавен превоз и велосипед	Македонски јазик	5	Текст „Дишење на ауспух”	1	Април
ВКУПНО						

VIII. ТЕМА: ЗДРАВЈЕ

Еколошки содржини		Предмет	Одделение	Наставна содржина	Број на часови	Време на реализација
1.	Органска храна					
2.	Органско производство					
3.	Квалитет на храна и нутриционизам	Македонски јазик	7	Анализа на песната ,,Болен лежи Шико Капидан”	1	Март
4.	Пирамида на исхрана	Живорни вештини	2	Здрава исхрана	1	Ноември
5.	Влијанието на физичката активност врз здравјето	Историја	6	Спарта и Атина	1	Ноември
6.	Влијанието на храната врз здравјето	Германски јазик Македонски јазик	6, 8, 9 4	Вежби Текст „Овошна караница”	3 1	Март Септември
7.	Подигање на свеста на поширокатa заедница за користење здрава храна					
8.	Изработка на упатства за користење на здрава храна					
ВКУПНО						

IX. ТЕМА: ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ

Еколошки содржини		Предмет	Одделение	Наставна содржина	Број на часови	Време на реализација
1.	Дефиниција и значење на одржливиот развој					
2.	Важност од зачувување на природните живеалишта					
3.	Локална, национална и глобална нееднаквост					
4.	Социјална правда	Македонски јазик	7	,,Саканиот учител” Г. Прличев Автобиографија	1	Април
5.	Рационално користење на природните ресурси	Историја	7	Потпаѓање на Македонија под Османлиска власт	1	Април

6.	Одговорност кон животната средина	Англиски јазик Македонски јазик Животни вештини Македонски јазик	4 7 2 5	Каде е тоа? ,,Хаклбери Фин” Марк Твен Мојата хигиена, моја одговорност Интерпретација на текстот,,22 Април,,-Ден на планетата Земја-стр.138	1 1 1 1	Ноември Февруари Ноември Април
7.	Одговорна и рационална потрошувачка	Математика Александар Димитров	8	Реални броеви Вежби за ирационални и реални броеви	2	Октомври
8.	Подигање на свеста на поширокатазаедницаза граѓански активизам					
9.	Дефиниција и значење на одржливиот развој					
ВКУПНО						

Оценување

Оценувањето на учениците претставува процес на собирање и интерпретирање информации за учењето и постигањата на учениците, коишто се користат за: информирање на учениците и нивните родители за напредокот во совладувањето на знаењата, способностите и ставовите; обезбедување поддршка на наставниците за да ја модификуваат својата настава; информирање на другите надлежни структури коишто донесуваат одлуки за образовната политика што се однесува на учениците.

Оценувањето е составен дел на наставниот процес и истото треба да биде праведно, транспарентно, валидно и релијабилно.

Оценувањето на учениците е квантитативно (бројчано) и квалитативно (описно, во вид на микросумативни записи). Оценувањето се изведува континуирано во три периоди, и тоа:

- во првиот период во текот на учебната година учениците се оценуваат описно, а исто така на крајот од учебната година добиваат свидетелства со описни оценки.
- во вториот период, на крајот од првото полугодие и на крајот од учебната година, учениците добиваат бројчани оценки, додека на крајот од првото и третото тримесечие се оценуваат описно.
- во третиот период, на крајот од првото полугодие и на крајот од учебната година, како и на крајот на двете тримесечија, учениците добиваат бројчани оценки.

Нашето училиште изработува план за писменото оценување при што се земаат предвид законските ограничувања (дневно најмногу по една, а седмично по две писмени работи).

Месеци	9	10	11	12	1	2	3	4	5	6
Одделение / Предмет	VI									
Македонски јазик			III				IV		II	
Математика			I	IV				II	IV	
Англиски јазик			II				II		II	
Германски јазик				II				IV		
Одделение / Предмет	VII									
Македонски јазик			III				III		II	
Математика		IV		IV			IV		III	
Англиски јазик				II				V	III	

Германски јазик				II					IV	
Одделение Предмет	VIII									
Македонски јазик			II				II		II	
Математика			II	IV				IV	III	
Англиски јазик			III				II		II	
Германски јазик				II					IV	
Одделение Предмет	IX									
Македонски јазик			III				II		II	
Математика		IV		IV			I		III	
Англиски јазик				II			II		IV	
Германски јазик				II				II		

Писменото оценување се одвива преку контролни работи, тестови на знаења, писмени работи, проектни активности, есеи. Усното оценување е секојдневно, при што се оценува квалитетот на знаењата на учениците. Секој наставник спроведува дијагностичко, формативно и сумативно оценување (макро и микро) при што се земаат предвид критериумите и стандардите за оценување дадени од БРО и МОН. Наставниците го евидентираат напредокот на учениците во евидентни листи чија форма е пропишана на ниво на стручен актив. Исто така изработуваат и портфолио за секој ученик и користат чек листи во кои се евидентира знаењето на учениците за секоја наставна единица. Сумативната оценка, наставниците ја заведуваат во одделенските дневници, електронскиот дневник, кварталните извештаи за родителите (евидентен лист) и свидетелствата.

Учениците за својот напредок постојано добиваат усни и писмени повратни информации. На родителите им се даваат реални информации за напредокот на учениците преку индивидуални средби и заеднички родителски средби.

Сите ученици во училиштето ја следат наставата на македонски наставен јазик.

Училиштето формира комисии од ученици кои ќе го следат оценувањето и ќе даваат свое мислење за истото. Исто така се формира и тим за следење, анализа и поддршка на наставниците при изведувањето на процесот на оценување како и усогласеноста на оценувањето со предвидените стандарди. Притоа е изготвен план за поддршка на наставници со слаби резултати од работењето како и за наставниците - иноватори и креатори на развојот на квалитетно оценување.

Воспоставена е процедура за поплаки и жалби по добиени оценки која ја спроведува тим составен од стручната служба, одделенски и предметни наставници. Исто така е пропишан и начинот за известување на родителите по жалбите. Ќе се вршат квартални анализи на постигнатите резултати и ќе се вршат споредби со постигнатите резултати во изминатиот период.

Следењето и проверувањето на напредокот и постигањата на учениците се врши и со интерно и екстерно проверување. Според законските прописи, на крајот на наставната година, учениците од четврто до деветто одделение се оценуваат и со екстерно тестирање по два предмети од страна на Државниот испитен центар. За таа цел формирана е училишна комисија за екстерно проверување, која е составена од 5 члена. Начинот на формирање и работење на училишната комисија, тајноста на материјалот за екстерно проверување, како и формата и содржината на извештајот се пропишани од министерот за образование и наука по предлог на Државниот испитен центар.

Задачите и активностите кои произлегуваат од горе наведеното, реализаторите, ресурсите, инструментите, временските рамки и критериумите за успешно оценување се прикажани во следната табела:

Задачи и актиности	Рализатори	Целна група	Ресурси	Инструменти	Следење Повратна информација	Временска рамка	Критериуми за успех
Следење на процесот и улогата на формативното и сумативното оценување	***Директор, педагог, психолог, тим од наставници***	***Наставници од одделенска и предметна настава и ученици***	***Планирања на наставниците, изготвени докази за оценувањето, користење на ИКТ***	***Прашалници, анкети***	***Извештаи***	***Континуирано***	***95% од наставниците го планираат оценувањето***
Следење на примената на стандардите за оценување и користење на ИКТ во наставата	***Директор, педагог, психолог, тим од наставници***	***Наставници од одделенска и предметна настава и ученици***	***Нестандардизирани инструменти за следење на наставата, користење на ИКТ***	***Аналитичка листа***	***Извештаи***	***Континуирано***	***95% од наставниците ги постигнуваат целите***
Следење на примената на етички кодекс во оценувањето	***Директор, педагог, психолог, тим од наставници***	***Директор, педагог, наставници од одделенска и предметна настава и ученици***	***Инструмент за самооценување, користење на ИКТ***	***Скала за проценка***	***Извештаи***	***Октомври, декември, април, јуни***	***95% од учесниците во целната група ги почитуваат принципите на етичност во оценувањето***
Координирање на процесот за прибирање информации за учењето (анализа, поддршка, процедура за жалби)	***Директор, педагог, психолог, тим од наставници, комисија од ученици***	***Наставници***	***Користење на ИКТ, Користење на инструменти со критериуми за следење на постигнатоста на знаењата***	***Годишен планер***	***Повратна информација***	***Континуирано***	***95% од наставниците ја планираат временската рамка за проверка на знаењата***

На секои две години се реализира самоевалуација на училиштето, при која со соодветни методи и инструменти се собираат и обработуваат податоци со цел да се направи анализа во седумте подрачја. За таа цел се формираат тимови кои работат на самоевалуацијата.

Екстерно тестирање на учениците

Организација на екстерно тестирање

Екстерното тестирање на знаењата на учениците во училиштето се организира и реализира Согласно Законот за основно образование во соработка со МОН, ДИЦ, БРО и Училишната комисија за екстерно тестирање.

ОРГАНИЗАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ЕКСТЕРНО ТЕСТИРАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ			
Планирана активност	Време на реализација	Реализатор	Очекувани исходи и ефекти
Формирање училишна комисија за екстерно тестирање	X 2015	Директор	Навремено формирана комисија
Организација на интерното екстерно тестирање согласно Правилник за екстерно тестирање	X 2015	Комисија за екстерно тестирање	Успешна организација на интерното екстерно тестирање во училиштето
Ажурурање на податоци за ученици од I до IX одделение во ЕМИС	Прво полугодие	Комисија за екстерно тестирање	Навремено внесување и корекција на податоците за учениците
Ажурурање на податоци за наставници од I до IX одделение во ЕМИС	Прво полугодие	Комисија за екстерно тестирање	Навремено внесување и корекција на податоците за наставниците
Технички подготовки на информатичката технологија	III, IV 2016	Комисија за екстерно тестирање	Успешна техничка организација на екстерното тестирање
Изготвување интерен распоред на училишно екстерно тестирање согласно Генералниот распоред	V 2016	Комисија за екстерно тестирање	Успешна организација и реализација на екстерното тестирање
Определување училници и позиции согласно бројот на компјутери во училиштето и определување на	V 2016	Комисија за екстерно тестирање	Успешна организација и реализација на екстерното тестирање

наставници – тестатори			
Изготвување распоред за тестирање на ученици по простории и позиции	V 2016	Комисија за екстерно тестирање	Успешна реализација на екстерното тестирање
Акција 4-*За ученици од 6 до 9 одд.*
Цел :Разбирање за сопственото здравје и подигање на свеста за грижа за здравјето

Очекуван исход	Активности	Целни групи	Потребни ресурси	Одговорни институции	Временска рамка
- Да се подигне свеста на учениците за грижа на своето тело	-Подготовка на проектни задачи од страна на учениците на тема 1.Основи за здравјето 2.Основи за лична хигиена	-Ученици од 6 до 9 одд.	-Проектни задачи -Адаптирани простории	-Директор -Училиште -Педагошко психолошка служба -наставен кадар	-4мес 2016
-Да ги идентификуваат причините и последиците од инфекции и болести	-Предавање пд стручно лице	-Ученици од 6 до 9 одд.	-Адаптирани простории за предавање	-Училиште	-5мес. 2016
- Да организираат и реализираат работилници на тема:“*Мои рецепти*“	-Работилница подготовка на здрави рецепти од учениците	-Ученици од 6 до 9 одд.	-Адаптирани работилници	-Директор -Училиште -Педагошко психолошка служба -наставен кадар	-5мес.2016
-Истражување и добивање на одговори на поставени прашања од ученици	-Разговор меѓу стручно лице и ученици	-Ученици од 6 до 9 одд.	-Простории адаптирани за разговор	-Училиште	-6мес. 2016

III.Процедура за грижа за здравјето на учениците

За лицата кои се извор на зараза,однасно постои опасност од ширење на заразни болести,здраствено-хигиенските прегледи се задолжителни се додека постојат епидемиолошки индикации.
Училиштето е одговорно за:

- навремена едукација на учениците
- систематски прегледи на учениците и вработените
- редовна вакцинација на учениците
- дезинфекција,дезинсекција и дератизација на училишните простории на секој 6 месеци
- одржување на хигиената во училишните простории и санитарните јазли

Училиштето во соработка со Општината и заводите за здравствена заштита го планираат и организираат спроведувањето на промоцијата на здравјето и превенцијата од заразни болести заедно и со други органи и организации.

Нашето училиште води редовна евиденција (табела 1.) за отсуството на учениците поради болест за тековната учебна година и постапува според Законот за основно образование,во делот од “права и обврски на учениците“.

Постапките кои ги спроведува ОУ“Стив Наумов“- Битола се континуирани во текот на учебната година и се реализираат во соработка со Директор,стручна служба,педагошко-психолошка служба и одделенските раководители и родителите.

Постапки:

- Ученикот од здравствени причини може да биде ослободен од учеството во одделни активности во наставата во основното училиште, врз основа на потврда издадена од соодветна здравствена установа.
- За секое изостанување на ученикот од настава родителот е должен да го извести раководителот на паралелката за причините за изостанувањето.
- Ученикот може да отсуствува од наставата ако неговото изостанување родителот го најави однапред во училиштето, но не повеќе од пет дена во наставната година.

- Директорот на училиштето по писмено барање на родителите од оправдани причини може да му дозволи на ученикот подолго изостанување од наставата, но не подолго од 30 дена.
- Родителот, односно старателот се упатува на советување, ако:
- Ученикот има направено повеќе од десет неоправдани или 100 оправдани изостаноци
- Одделенскиот, односно раководителот на паралелката повикува на советување најмалку еден родител, односно старател со покана упатена преку телефон, по пошта или со лична достава.
- Педагошката служба, во рок од десет дена од приемот на барањето доставува стручно мислење за однесувањето на ученикот .
- Поканата за советување на родителот, односно старателот треба да биде нумерирана и да се достави најмалку осум дена пред одржувањето на советувањето.
- Одделенскиот, односно раководителот на паралелката го известува психологот, односно педагогот во училиштето за доставената покана за советување на родителот.
- Психологот, односно педагогот на училиштето изготвува неделен и месечен план за одржување на советувањето.

Табела 1. за евиденција на ученици кои поради болест отсуствуваат од настава во учебната 2015/16

Месец	Број на ученици	Болест	Заштита
Септември			
Октомври			
Ноември			
Декември			
Јануари			
Февруари			
Март			
Април			

Мај			
Јуни			

Професионален развој на образовниот кадар

Училишна програма за кариерниот развој на наставниците

бр	Цели	Содржини и активности	Реализатори соработници	Форми на работа	Време на реализација	Ресурси	Очекувани ефекти
1.	Систематизација на претходните сознанија, можност за креативен и стручен развој	Прифаќање и учество во проекти понудени од компетентни институции	Директор, ППС, наставници	Тимска работа	Во текот на учебната година	Електронски и пишани стручни материјали	Информираност и едуцираност, иновирана и стручна настава
2.	Проширување на сознанијата и можност што поголем број наставници да добијат сознанија и обука од соодветната област, вклучување на сите наставници	Презентација на сознанијата од обуките и семинарите на состаноците на Наставничкиот совет	Директор, ППС, Тимот на проектот	Тимска работа	Во текот на учебната година	Презента-ција и други материјали од семинарот или состанокот	Коректност, меѓусебна доверба, споделување на информациите и обврските
3.	Информирање на наставниците од стручниот актив за чекорите кои ќе бидат преземени за да се остварат целите и активностите за	Презентација на состаноците на стручните активи на материјалите и сознанијата стекнати на семинарите во врска со активностите кои ќе	Директор, ППС, одговорни наставници	Тимска работа, презентации	Во текот на учебната година	Презента-ција и други материјали од семинарот	Планирани те активности да се спроведат според распоредот

	реализација на задачите	следат					
4.	Дисеминација на иновативни техники за учење, ИКТ техники и слично на сите наставници, како и нововработените, пренесување и споделување искуства	Реализација на програмите на стручните активи преку одржување отворени часови пред членовите од Активот и други заинтересирани наставници	Директор, ППС Наставници	Тимска работа	Во текот на учебната година	Програмите на стручните активи, сите расположиви ресурси за реализација на настава (технички, потрошни и слично)	Успешна реализација на активностите, поголема информираност
5.	Планирано и според претходно зацртана програма реализација на активностите за спроведување на менторството од страна на вклучените наставници	Спроведување програма за менторство: - наставници почетници - студенти од Факултетот за учители	Директор, наставници - ментори	Програми за работа на наставниците ментори	Во текот на учебната година	Пишани материјали програми, презентации, портфолија	Можности за поуспешна реализа-ција и консултации.
6.	Дисеминација на обуките на наставниците од целото училиште со цел вклучување на истите во работата на проектите	Реализација на интерни обуки и семинари за наставниците според програмите на проектите	Директор, наставници-едукатори	Тимска работа, презен-тации, обуки	Во текот на учебната година	Пишани материјали програми, презентации, стручни материјали	Вклученост на сите наставници во работата на проектите

7.	Спроведување на активностите за набљудување на часови за добивање на сертификати на наставниците од одделенска и предметна настава	Посета на часови во предметна и одделенска настава според агендата за добивање сертификати	Директор, Психолог наставници членови на стручни активи	Тимска работа, презен-тација на наставен час	Во текот на учебната година	Дневна подготовка, материјали, наставни ливчиња, работни налози и др.	Успешно спроведување на задачата за подготовка на сертификати за наставниците

Детектирање на потребите и приоритетите

- Следењето на развојните потреби на кадарот е солидно. Вреднувањето на работата на наставниците и идентификувањето на нивните потреби се врши преку посета на часови од страна на директорот и педагогот, увид во планирањата од страна на стручната служба и директорот, увид во работата на стручните активи итн.
- Образовниот кадар во нашето училиште навремено ги утврдува и наведува потребите и приоритетите кои произлегуваат од детектираните состојби од самоевалуацијата, интегралните евалуации и новините и насоките дадени од Министерството и локалната самоуправа. Забележителна е желбата кај наставниот кадар за перманентно доусовршување во сите сфери во современото работење. На секоја покана упатена кон нашето училиште за професионален развој на наставниот кадар, наставничкиот совет одлучува за наставникот или тимот на наставници кои ќе ја посетуваат дадената обука.

Активности за професионален развој

- Наставниците континуирано стручно се усовршуваат заради подобрување на стручните способности и давање на поквалитетни образовни услуги. Наставниците добиваат можност да учествуваат на семинари и обуки организирани од страна на БРО, проектот за модернизација на образованието како и други обуки понудени од БРО и МОН во врска со новите наставни програми за предметите математика и природни науки кои ќе се

реализираат по ,,Cambridge international ehaminatio centre“ како и други проекти кои се спроведуваат од страна на домашни и странски организации.

- Стручната служба ги следи наставниците, нивните досегашни обуки и семинари, десиминацијата од обуките како и потребите за стручно усовршување и води педагошки картон за наставникот.
- За секоја организирана обука, семинар, работилница од која имаат потреба наставниците, се изготвуваат акциони планови за истите, се врши дисеминација од проектите, се подготвуваат извештаи, се прави евалуација и од неа произлегуваат наредените приоритети за професионален развој што овозможува спроведување на современа и интерактивна настава.

Личен професионален развој

- Секој наставник индивидуално според своите мотиви и можности го усовршува своето образование во повисоките образовни институции со што ненаметливо ги пренесува искуствата и новите стекнати знаења во образовниот процес. Постојано се следи напредувањето на наставниците, се вреднува нивниот труд преку однапред подготвени интерни критериуми, се мотивираат наставниците за постојано посетување на семинари и обуки за стекнување на сертификати, вреднување (интерно и преку екстерното оценување на учениците) следење на сите субјекти во училиштето за нивно поуспешно учество во конференции, регионални средби, пишани рубрики или статии во стручна литература и др.
- Се планира и активно се зема учество од страна на наставниците и вработените на понудени обуки од еколошката програма.

Хоризонтално учење

- Се планираат различни видови на организирање и пренесување на знаењата или размена на професионално искуство, преку професионалните активи, организирање на отворени часови, работилници. Училиштето изготвува акциски план со планирани активности, носители на тие активности, време на реализација, очекувани исходи, начин на следење, критериуми за успех.

Тимска работа и училишна клима

- Училиштето е препознатливо по квалитетот на работа и по постигањата на учениците и наставниците во различни области како и остварување на визијата и мисијата на училиштето.

Се предвидуваат форми на поттикнување на продуктивна соработка помеѓу наставниците, се одржуваат ефективни состаноци со конретни заклучоци, предлози и мерки.

Вклученост на семејствата во училиштето

Училиштето постојано е отворено за соработка со родителите како за информирање на родителите така и за нивна вклученост во организирањето и донесувањето на одлуки во работата на училиштето преку Советот на родители и нивно вклучување во проектните активности.

Соработката со локалната средина ќе се оствари преку редовни средби на Советот на родителите на училиштето, на Советите на родителите на паралелките и на Училишниот одбор.

Целта на оваа соработка со локалната средина покрај останатото ќе биде: мотивирање на родителите за проширување и продлабочување на соработката, нејзино интензивирање, промена на ставовите на родителите кон училиштето, подигање на нивото на педагошките знаења на родителите и поттикнување на месното население на работни акции од локален карактер.

Родителите и локалната самоуправа ќе го остварат своето влијание врз училиштето во сите области на неговата работа преку работата на Училишниот одбор.

При организирањето на разновидни манифестации за одбележување на: државни празници, јубилеи, годишнини на познати историски дејци и друго училиштето ќе соработува со локалната средина.

Ќе се организира одбележуваање на Денот на училиштето преку повеќе пригодни манифестации меѓу кои и свечена академија.

Исто така училиштето со своја програма ќе учествува на Детските смотри од слободните ученички активности, ќе организира посети на кино, театарски претстави, изложби, музички манифестации, галерии и музеи.

Во животот и работата на училиштето Советот на родители по претходно изготвена програма за работа, ги детектира состојбите во училиштето од типот на потребни дефекти и поправки на инвентарот и подобрување на условите за работа, дава сопствени идејни планови за организирање на активности во училиштето. Исто така Советот на родители ги поттикнува родителите да учествуваат во донесување решенија и одлуки во интерес на сите субјекти во училиштето и реализација на истите.

Во процесот на учење родителите и покрај тоа што се вклучени со нивните мислења и сугестии за дополнување и измени на секаков вид планирања, даваат поддршка на наставниците за олеснување на работата со ученици со потешкотии во развојот и посебно ја поддржуваат соработката за напредување на учениците-таленти (професионална и стручна помош од страна на родителите за истите). Семејствата исто така помагаат во прибирање на дидактички материјали, помагала и

други наставни средства и материјали. Им даваат поддршка на реализаторите за иновирање во наставата и помагаат при професионалната ориентација на учениците.

За активностите во училиштето родителите даваат иницијативи за поуспешна реализација на слободните ученички активности и другите воннаставни активности, натпревари, екскурзии, приредби, манифестации, промоции и др.

За поголема вклученост на семејството во училиштето, тоа организира едукативни работилници за родители, типизирани предавања и третирање на теми преку соопштенија, флаери, плакети, брошури, училишни весници. Организира советодавно-консултативни работилници-индивидуални и групни, посета на семејства и др.

Постојат многу начини и идеи за поголема вклученост на семејството во активностите на училиштето.Некои од нив се:

1. Отворен ден за родителите- Мојот/мојата – татко/мајка знае (на одделенски час или на некој друг час чија материја е соодветна со предавањето, родител одржува предавање на учениците за својата професија-родителот е во улога на наставник)
2. “ Кај мојот дедо “ – заедничка посета (ученици и родители) на фарма (за ученици од одделенска настава)
3. Организирање на спортски натпревари по повод патрониот празник (или други празници) помеѓу родители и наставници, а во улога на навивачи се учениците со цел да се развие другарувањето и спортувањето меѓу учесниците
4. Добротворна акција за собирање пари и облека- “ Ние сме хумани, а вие? ”- организатори на целата акција се родителите и одделенските или класните раководители. Во одреден ден родителите (по еден претставник од родителите од секоја паралелка заедно со одговорните наставници паричните средства ги собираат и по договор ги префрлаат на сметка на некоја институција како хуманитарна помош, а собраната облека ја предаваат во Црвен крст).
5. Работна акција за уредување и чистење на дворот и непосредната околина на училиштето (наставници, ученици, и родители)
6. По повод празникот на жената 8 ми Март се организира акција изработка на ракотворби под името “ Мојата мајка / баба и јас умееме “ кои потоа на аукција ќе се продаваат, а средствата се повторно за хуманитарни цели или за санирање на некој недостаток во училиштето
7. Организирање на заеднички излет на паралелките заедно со родителите на учениците под мотото “ Ајде да се дружиме и другаруваме “. Се спроведува на тој начин што секој одделенски и класен раководител на паралелката во соработка со претставниците на Советот на родители се договараат, организираат и одат на заеднички излет во непосредната околина на градот.

Советувањето на родители се реализира согласно Законот за основно образование, во првиот дел се повикуваат родители на ученици кои направиле 10 неоправдани или 100 оправдани изостаноци, вториот дел се однесува на родители чии деца имаат повеќе од 3 слаби оцени и третиот дел се советуваат родители чии деца се со проблематично однесување.

Целта на советување на родителите е нивно едуцирање за начините на кои може да се подобрат вештините на воспитување на децата и да се унапредат односите во семејството за да можат нивните деца поуспешно да се справуваат со разни видови училиштни тешкотии и животни предизвици.

Секојдневното искуство покажува дека вклученоста на родителите во училиштниот живот има позитивно влијание, не само врз училиштниот успех на нивните деца, туку и врз нивниот развој и севкупно однесување. Поврзаноста на училиштето со семејството во многу случаи се појавува како пресуден фактор за успешна адаптација на училиштниот живот, подобри резултати во учењето, поцелисходно усвојување социјални вештини и за превенција и за справување со разни видови ризични и несоодветни однесувања.

Комуникација со јавноста и промоција на училиштето

- ***Локална заедница*** (локална самоуправа, бизнис заедница, местно население..)
    - Се планира видот на комуникација усна, пишана и електронска комуникација, се предвидуваат состаноци, средби, дебати, трибини, посети на институции и бизнис-компании во локалното опкружување, собири и здружувања по одредени случувања во училиштето, се промовираат постигнати резултати од различен вид, промовирање на проектни активности, комуникација со медиуми и др.
    - Се воспоставува соработка со општината за реализација на еколошката програма на локално ниво со потпишување на Меморандум за соработка.
- ***Институции од областа на културата***
    - Се планираат и се следат објавени конкурси и натпревари на кои се учествува и тоа: литературни и ликовни конкурси, изложби, посета на културно-историски споменици и музеи, библиотеки, театар, ликовни колонии, Дом на култура, кино-сали.
- ***Институции од областа на образованието***

- Се планира соработката со МОН, БРО, ДПИ, ЕЛС-Сектор за основно образование, Сектор за основно образование како дел од општината, овластен општински инспектор, актив на директори на ниво на општина, детски градинки, други основни и средни училишта и факултети и др. Се дава кратка дескрипција на формите и полето на соработка.

- ***Невладини организации***
  - Невладините организации со кои соработува училиштето и активностите кои ќе ги спроведе училиштето, пр. Детска амбасада, СОС- центри, Младински културни центри, еколошки друштва (Биосфера) и др. Сето ова се предвидува со акциски план.
- ***Здравствени организации***
  - Здравствените организации со кои соработува училиштето заради грижа за здравјето и безбедноста на учениците и вработените: медицински центар, центар за социјални грижи, фонд за здравство. Исто така се предвидува и акциски план со едукативни теми за здравјето на учениците, со одговорни лица за реализација, време на реализација и очекувани исходи.
- ***Медиуми*** (со цел на промоција на училиштето)
  - Локални ТВ станици, локални радиостаници, весници и др. со кои соработува училиштето: ТВ Орбис, ТВ Тера, Битолски весник.

ЕКО - КОДЕКС

Со помош на еко кодексот ние учениците од еко одборот поставивме правила кои ќе ги почитуваат сите учесници во училишниот живот. Во обратен случај сите ќе сносиме морална одговорност за се што се случува во нашето училиште и поширокаta околина. Правилата ќе ни помогнат за успешна реализација на целите, визијата и мисијата на нашето училиште како еко-училиште. Со нив ќе се зголеми еколошката будност и одговорност во целото училиштето.

Одговорни за спроведување на еко кодексот се наставниците и учениците под будното око на еко патролата на училиштето. Должност на секој ученик, наставник, родител и секој посетител на училиштето е да го почитува, и да се придржува на правилата на нашиот еко кодекс.

Со цел да го намалиме отпадот се обврзуваме да селектираме, рециклираме, повторно да употребуваме стари производи секогаш кога е тоа возможно- мото: **„Рециклирај денес мисли на утре„**

- Собирај стара хартија
- Штеди ја хартијата на која пишуваш
- Избегнувај купување на производи со голема амбалажа
- Пластиката е вечна затоа купувај во платнени торби
- Секогаш кога можиш повторно употребувај стари производи
- Не фрлај отпад, покрај корпите туку во нив

Заедно ќе учиме да штедиме вода и енергија, нашите сознанија ќе ги применуваме во своите домови и ќе ги споделиме со училиштата во нашиот град -мото: **„ Капка вода живот значи „**

- Затворај ја славината додека миеш раце
- Затварај и додека миеш заби
- Наместо со црево под млаз мај ја колата со кофа вода
- Затворај го тушот за време на туширање
- Штеди струја, светло гаси и природата ќе ја спасиш

Ќе ги следиме законите на природата и ќе живееме во хармонија со истите-мото: **„Она што можиш да го направиш денес не го оставај за утре, така оставаш свој печат во времето во кое живееш.“**

- Своето знаење за животната средина пренеси го на други
- На цвеќето пази и никому не давај да го гази
- Не дозволувај училишниот инвентар да биде оштетен тоа е слика за тебе
- Чувај и негувај ја чистотата во училишниот двор , училниците и ходниците
- Купувај еколошки производи кои не ја оштетуваат животната средина
- Не ги кини гранките на дрвјата во училишниот парк
- Почитувај ги животните па дури и оние најмалите

Непочитувањето на правилата на еко кодексот повлекуваат задолженија од страна на еко патролата и учениците од еко-одборот за секој прекршител подеднакво. Задолженијата ќе бидат во вид на еколошки активности во училишната зграда и околната средина.

Ученици од еко одбор

Одговорен наставник
Зоре Ѓоргиевска

Еко кодексот на нашето училиште беше донесен од страна на учениците по иницијатива на наставничката по Биологија Зоре Ѓоргиевска и истиот може да се менува и дополнува во зависност од потребите на училиштето. Членовите во еко одборот кои ги претставуваат учениците донесоа одлука тој да биде дел од куќниот ред на нашето училиште.
Правилата од еко кодексот ќе бидат поставени во секоја и на видно место во холот од училиштето.Еко кодексот се предава од генерација во генерација и ја претставува еколошката култура на учениците од нашето училиште.

Информирање на пошироката заедница

Учебна година _____

План за информирање на пошироката заедница:

Медиумска покриеност:

Медиум	Број на испратени соопштенија	Број на објави	Број на гостувања	Присутни медиуми по бр на настани
Радио				
Телевизија				
Електронски медиуми				
Печатени медиуми				
Интерно гласило				
Веб-страница				
Информатор на општината				

Соопштение до медиумите 1.

Соопштение до медиумите 2.

Соопштение до медиумите 3.

Соопштение до медиумите 4.

ЕТИЧКИ КОДЕКС

Етичкиот кодекс ги истакнува очекувањата на членовите на училишниот одбор и го оформува нивното однесување. Етичкиот кодекс може да се однесува на работи како на пример: ограничување на улогата и одговорностите на училишниот одбор, на конфликт на интереси и начинот на кој членовите се очекува да се однесуваат, на интересот за зачувување на демократските принципи и минимизирање и/или справување со конфликти.

Како член на училишниот одбор ќе работам за најдобрите интереси на училиштето како целина и до крај ќе се држам до следните образовни и етички стандарди:

1) Ќе ги остварувам саканите промени преку законски и етички процедури, поддржувајќи ги и применувајќи ги сите законски правила од Законот за образование и Статутот на училиштето.
2) Ќе носам одлуки за образовната благосостојба на сите деца во училиштето, без разлика на нивната состојба, раса, пол или социјален статус.
3) Ќе бидам отворен, фер и искрен и нема да имам скриени намери.
4) Ќе прифатам дека училишниот одбор одлуките ги носи тимски.
5) Ќе го почитувам правото на различни мислења и идеи кај останатите членови на одборот.
6) Ќе донесувам одлуки само откако фактите ќе се изнесат и дискутираат.
7) Ја разбирам хиерархијата во училишниот одбор. Делувам само откако ќе ги ислушам препораките на Претседателот на УО.
8) Нема да давам лични ветувања, ниту да правам нешто на своја рака што може да го компромитира училишниот одбор.
9) Ќе ги извршувам моите одговорности, не за да управувам со училиштето, туку заедно со моите колеги - членови на одборот да внимавам добро да се извршуваат.
10) Ќе го поддржувам и штитам училишниот кадар во правилното извршување на нивните задолженија. Ќе инсистирам на нивно редовно и непристрасно оценување.
11) Ќе гласам да се назначи најквалификуван кадар за правилно извршување на нивните задолженија.
12) Ќе се држам до принципот дека јавното работење треба да се изведува пред очите на јавноста во духот на законот за слобода на информацијата, одржувајќи затворени состаноци само кога ќе се работи со деликатни прашања.
13) Ќе ги држам во тајност сите работи кои се однесуваат на училиштето, кои ако се обелоденат непотребно ќе им нанесат штета на поединци или на училиштето. Ќе ја почитувам доверливоста на информациите кои се заштитени со закон. За сите останати работи, ќе обезбедам точни информации и во согласност со моите колеги - членови на одборот, ќе ги изнесам пред оние кои ме делегираа.

14) Никогаш нема да користам информација која во доверба била кажана при работење на одборот со цел да остварам личен профит или лична корист од секаков вид.
15) Ќе присуствувам на сите редовни, планирани состаноци на одборот и ќе се информирам за предметите кои ќе се разгледуваат на тие состаноци.
16) Ќе настојувам да носам одлуки за политиката на училиштето само по целосните одлуки на јавно одржаниот состанок на одборот. Ќе ги носам сите одлуки врз основа на познати факти, и тоа нема да го предадам на поединци или определени групи.
17) Ќе поттикнувам слободно изразување на мислењето и ќе барам систематска комуникација помеѓу членовите на одборот, персоналот во училиштето и локалната заедница.
18) Ќе се информирам за актуелни образовни проблеми преку индивидуални проучувања и со учество во изработката на годишната програма.

Етичкиот кодекс на училишниот одбор е морален манифест за лично однесување што го очекува заедницата од членовите на УО. Следниве вредности се основа за етичко однесување на одборот:

1. Почитување на интегритетот и достоинството на личноста
Сите членови на училишниот одбор треба да бидат почитувани како личности во согласност со човековите права, нивниот интегритет и достоинство. Исто така треба да имаат обврска и одговорност кон останатите и во поглед на однесувањето да бидат искрени и непристрасни.
2. Еднаквост и праведност
Секој член на училишниот одбор треба да се однесува во согласност со принципите на еднаквост и праведност на начин на кој би се исклучила секаква дискриминација, злоупотреба, вознемирување или искористување. Тие не смеат да го злоупотребуваат својот авторитет и не смеат да дозволат сопствениот интерес и меѓусебните односи да се вмешаат во објективноста на професионалните обврски.
3. Професионално однесување
Од членовите на училишниот одбор се очекува одговорно, свесно, професионално и етички беспрекорно да ги исполнуваат сите свои обврски и со своето однесување да ги следат принципите на објективност, љубезност и толеранција. Нивното дејствување треба да биде во духот на заедничката цел.
4. Почитување на законот и правните прописи
Од членовите на училишниот одбор се очекува да ги почитуваат сите правни прописи и закони.
Училиштето е должно да ги запознае и да им овозможи пристап кон сите законски норми со кои се регулираат нивните обврски.
5. Објективност и непристрасност

Сите членови на училишниот одбор треба да бидат праведни и не смеат да си дозволат предрасудите од кој било вид да влијаат на нивната објективност. Треба да настојуваат на непристрасен став, посебно кога се во прашање правата на поединци или помала група на интересенти.

6. Избегнување на дискриминација

Членовите на училишниот одбор се должни да избегнуваат секаков вид на вознемирување врз основа на религиска, етничка и национална припадност, раса, вера, имотна состојба, семеен и брачен статус, семејни обврски, возраст, инвалидност, телесен изглед, политичка ориентација и здравствена состојба. Под вознемирување се подразбира секој вид на вербален, невербален и физички напад.

7. Транспарентност и отчетливост

Членовите на училишниот одбор се должни во текот на својата работа да бидат транспарентни пред сите останати во училиштето. Својата отчетливост им ја должат на органите од кои се делегирани и училиштето, воопшто.

Училишен одбор

Битола

Претседател

Професионален развој на наставниот кадар

- Активно вклучување во планирање на професионално надоградување;
- Подобрување на квалитетот на наставата преку внесување на современи методи, форми и нагледни средства во наставниот процес;
- Изработка на портфолио за професионален развој;
- Интерно учење вградено во работата на стручен актив и тимови;
- Подобрени компетенции на наставници за изготвување план за личен и професионален развој;
- Координираност на работата на одделенските активи;
- Осовременување на воспитно-образовниот процес преку реализирање на Наставните планови и програми;
- Стекнување на соодветни сертификати; примена на стратегии, техники и методи од Математика со размислување.
- Да се запознаат наставниците со критериумите за сертификација за примена на „Математика со размислување,, и да се подготват за исполнување на истите;
- Дисеминација на обуките организирани надвор од училиштето;
- Користење на ИКТ во наставата;
- Споделување на знаења, стручност и искуства;

- Организирање интерна едукација на наставниците;

Програма за однесување на ученици, наставници и родители во училиштето и училишниот двор

Кодекс на учениците

Кодексот на однесување на учениците во училиштето

1. ОСНОВНИ НОРМИ И НАЧЕЛА

Ученикот како субјект во воспитно-образованиот процес треба да има јасна слика за својата положба и улога во училиштето и општетвото, да ги знае своите права и одговорности и да се прилагодува на новите барања. Секој ученик треба да биде ценет како личност без оглед на својата способност, талент, пол, раса, култура, традиции, националност, вероисповест и социјална положба.

На учениците да им се овозможи да постигнат успех во рамките на наставниот план и програма. Воспитно-образовниот процес да го промовира моралниот, менталниот и физичкиот развој на ученикот во училиштето и општеството.

Во процесот на воспитување и образување, ученикот се обврзува:

- воспитанието и образованието да му претставува највисок императив;
- да ги осознава и почитува општествените и индивидуалните вредности кои имаат траен карактер и кои треба да ја чинат основата на моралноста на една личност;
- да ја чува честа и благородните традиции на ликот на ученик со совесен, одговорен и хуман однос во работата;
- да ја почитува личноста на своите соученици, наставници и родители и да ја цени меѓусебната зависност на индивидуите и групите;

2. Ликот на ученикот

Ученикот треба:

- постојано да се ангажира во постигнување на резултати во наставата и вон-наставнатите активности, со коректност, одговорност, објективност и доследност во однесувањето;

- да ги почитува законските одредби и одлуките на органите во училиштето и пошироко;
- секогаш и секаде да внимава на својот јазик кој треба да е литературен, јасен и достоинствен;
- секогаш да служи за пример со својот изглед и однесување и да формира културни и естетски навики;
- да внимава на својот морален лик;
- да има одговорен однос кон средствата и условите со кои работи и учи;
- да се изградува во личност во која може да се има доверба , со особини на непосредност, авторитетност, колегијалност, тактичност хуманост;
- да верува во своите способности и си поставува високи барања;

со личен пример и со почитување на прописите во училиштето и надвор од него да се бори против причинителите на болести на зависности и други негативни појави (дрога, алкохол, пушење, криминал);

3. Ученикот и учењето

Во процесот на своето образование и воспитание ученикот треба да научи:
- да ја развивива својата способност на учење;
- да стекнува вештина за лична ефикасност, планирање и организација на времето;
- во учењето да прифаќа примена на нови наставни технологии и да ги користи наставните средства и помагала што му стојат на располагање;
- да го развива својот талент;
- да ги самооценува сопствените постигања.

4. Ученикот и наставниот час

Ученикот треба:
- навреме и редовно да доаѓа на секој наставен час;
- секогаш да биде подготвен за работа(настава);
- да допринесува и овозможува позитивна работна атмосфера со активно ангажирање на часот;
-да почитува сите субјекти што учествуваат во воспитно-образовните активности;

5. Меѓусебен однос на учениците

Во негувањето на угледот и достоинството на ликот на ученикот и

училиштето, ученикот е должен да се грижи и придонесува за градење и решавање на позитивни коректни односи со сите соученици при што:

- ученикот е должен да се грижи и придонесува за градење и решавање на позитивни и коректни односи со сите соученици врз основа на другарство, искреност и отвореност;
- меѓусебната соработка ја темели врз заемно договарање, разменување на искуства и совесно и ефикасно извршување на задачите;
- во комуникацијата со учениците ги цени нивните знаења, достоинство и индивидуални квалитети и се воздржува од озборување;
- добронамерно и без тендециозност укажува на слабостите на својот соученик со што го штити угледот и ликот како на ученикот така и на училиштето;
- треба да биде солидарен со својот соученик особено кога станува збор за социјални и здравствени проблеми;
- треба да им помага на другите ученици пренесувајќи им го своето значење и искуство;

6. Односот на учениците кон училиштето, семејството и поширокатa околина

Ученикот е должен да ги почитува и спроведува нормите на однесување и работа во училиштето, семејството и поширокатa заедница, при што:

- е должен да ги почитува и спроведува нормите на однесување и работење во училиштето;
- ја почитува личноста на сите вработени во училиштето, родителите и другите
- посетители но има право да биде ценет како личност и да не биде навредуван;
- избегнува стил на комуницирање и појави недолични за ликот на ученик и не користи навредлив и непристоен говор;
- не ги омалажува и навредува другите во училиштето и надвор од него и не смее да појавува агресивност, нетолерантност, желба за доминација, болна самоувереност и амбициозност;
- е искрен и лојален кон себе и другите;
- ги почитува аргументите на другите и не дава непристојни коментари;
- има одговорен одговорен однос спрема наставните сретства, инвертарот и другите матријални добра во училиштето , како и кон уредувањето и облагородувањето на училишниот простор и околината;
- се труди училиштето да биде пријатно и безбедно место за него и за сите други со навремено и објективно информирање за негативни појави и оштетувања на инвертарот и соработува со пофесорите и стручните работници, родителите и раководните лица во училиштето;
- навремено и објективно ги информира родителите за својата работа и

однесување во училиштето и надвор од него;
- ги почитува аргументите на родителот;
- бара соработка и ангажирање на родителите за решавање на проблеми на основа на меѓусебна доверба и разбирање;
- придонесува и ја поттикнува комуникацијата и соработката со родителите и училиштето;
- со својот успех и поведение е одговорен пред семејството и општествената заедица;
- се придружува на законските одредби за забрана на секаква политичко и верско организирање и дејствување во училиштето;
- ги почитува и се придржува кон правилата содржани во куќниот ред на училиштето;
- на ученикот строго му е забрането пушење цигари и плукање во ходник, тоалет и училницата;
- задолжително е носењето на легитимација;
- дежурните ученици се должни свесно и одговорно да ги извршуваат своите задачи и задолжително да ја легитимираат секоја странка што влегува во училиштето;
- секој ученик има право да го изрази своето незадоволство преку класниот раководител, Училишната заедница и Младинската организација;

7. Должности на учениците на наставните часови

Учениците имаат одговорност:
- редовно и навремено да ја посетуваат наставата и другите облици на организирана работа;
- редовно и навремено да ги исполнуваат своите должности кои се одредени со наставните планови и програми по одделени предмети, училишниот календар и другите прописи;
- во училиштето и надвор од него да водат грижа за личното здравје и сигурност и да не го загрозуваат здравјето и сигурноста, односно телесниот и душевниот интегритет на другите;
- да ги почитуваат другите и да се однесуваат во согласност со општо прифатените норми и вредности за граѓанство;
- да придонесуваат за угледот на училиштето;
- да се грижат и да го чуваат имотот на училиштето, личниот имот на учениците и на врботените во училиштето;
- да учествуваат во дежурството кое е одредено според училишниот ред;
- да ги почитуваат правилата на училиштето и да го одржуваат училишниот ред;

8. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

- Секој ученик се обврзува да го почитува и спроведува овој кодекс
- За непочитување и непридржување кон одредбите на овој кодекс одговорен е прекршителот лично.

Програма за јавна и културна дејност

месец	содржина	Учесници во програмата
септември	Свечен прием на учениците од прво одделение 8. Септември	Ученици од одделенска настава
октомври	Свечен прием на учениците од прво одделение во Детската организација 11. Октомври-прослава Прослава на патрониот празник	Хор, секции, ученици од сите одделенија
ноември	Прослав на 4. Ноември- ден на ослободување на Битола Училишен фест	Хор, ученици од сите одделенија
декември	Прослава на Св Климент Охридски Прослава на 3. Декември- ден на лица со посебни потреби Прослава на Нова година	Ученици од сите одделенија
февруари	Литературно читање	Литературна секција
март	Прослава на 8. Март Прослава на денот на екологија	Ученици од сите одделенија
април	Ден на аутизам	Хор, секции, ученици
мај	Прослава на 1. Мај Прослава на 24. Мај- Св Кирил и Методиј Прослава на Денот на Европа	Хор и други секции, ученици од сите одделенија
јуни	Одбележување на крајот на учебната година	Ученици од одделенска настава

ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ И ПРОЕКТИ

Воннаставните активности заземаат значајно место во работењето на училиштето и се става посебен акцент на истите. Реализацијата на воннаставните активности е многу добра. Со Годишната програма за работа на училиштето планирани се воннаставни активности кои се резултат на потребите и интересите на учениците. За секоја слободна ученичка активност определени се одговорни наставници кои имаат изготвено програми за работа. Бројот на вклучени ученици во воннаставните активности е солидно и вклучувањето на учениците најчесто е по сопствен избор.

На 12-09-2014г. **,,Сојузот на борци„** организираше свеченост по повод 72 годишнината од чествувањето на името на борецот Стив Наумов. На прославата, која се одржа пред споменикот на Стив Наумов (кај Домот на АРМ) учествуво зедоа учениците од 5а одд. со наставничката Лилјана Трајчевска и положија свежо цвеќе.

На 15-09-2014г. во нашето училиште беше промовирана училишната кампања **,,Интерактивни спортски и забавни игри“** како дел од Проектот **,,Сите еме еднакви“.** За таа цел бевме посетени од страна на Министерот за образование и наука г-нот Абдилаќим Адеми, амбасадорот на Велика Британија во Македонија г-дин Чарлс Едмунд Гарет, потоа градоначалнокот на Општина Битола д-р Владимир Талески, подрачната министерка за образование г-ѓа Снежана Петровска и преставници на Здружението ОХО.

На 22-09-2014г. во нашето училиште се реализира еко-акција **,,Засади дрво за мир“**која беше организирана од Интернационалната програма ,,Учење за шумите“ на Фондацијата за еколошка едукација ФЕЕ и Програмата ЕНО, со што се вклучивме во светската мрежа на училишта кои работат за одржлива иднина преку еколошка едукација на учениците.

26-09-2014г. по повод Меѓународниот ден на мирот се организираше Проект-**Мировен марш**, поддржан од Владата на Р.М., Министерството за надворешни и внатрешни работи и Министерството за одбрана на Р. М.

На маршот учествуваа ученици од 9г одд. предводени од наставникот Александар Милинг.

На 29-09-2014г. Претставници од МВР одржаасообраќаен час кај учениците од одделенска настава на тема **,,Движење по улиците и преминување на пешачки премин“.**

На 08-10-2014 г. **–** ворамките на акцијата **,,Чиста околина, здрав живот“** во организација на ОУ ,,Гоце Делчев“ – Битола, во просториите на Центарот за култура се одржа манифестација на која учествуваа ученици од Основните училишта од градот и изработуваа ликовни и литературни творби на тема ,,Чувари на природата“. Од нашето училиште учествуваше наставничката Славица Михаилова со 8 ученици.

По повод приемот на првачињата во **Детската организација**, на 09-10-2014г.координаторот Снежана Најдовска имаше посебно обраќање до првачињата, а им беше прочитана и заклетвата за прием на првачињата во Детската организација. По тој повод се одржа приредбаво училишната сала на која со пригодна програма настапија ученици од 5 одд. под менторство на нивните наставници.

Како и секоја година, така и оваа, на15-10-2014г.нашето училиште активно се вклучивоХуманитарна акција во организација на Општинската организација на Црвен крст Битола, по повод на **,,Денот на гладта,,.** Учесници беа ученици од 8 одд. кои разнесуваа вредносни бонови по домовите на граѓаните во овој реон, а собраните средства беа искористени за помош на социјално зарозените семејства од нашата општина. Одговорни наставничка беше Силвана Ристевска.

Во текот на месец ноември беше спроведена хуманитарна акција во организација на **,,Црвен крст“** од Битола и заради успешната соработка во на три социјално загрозени семејства на наши ученици им се додоелени прехранбени пакети.

На 18-10-2014г. во нашето училиште се ралізира еко-акцијата **,,Македонија без отпад“** со цел да се зголеми свеста кај учениците за одржување на чист училишен двор и чиста околина, а воедно и развивање на нивната креативност.

За **патрониот празник** (27-10-2014г.) во нашето училиште се организираа многу активности и тоа: спортски натпревари, положување цвеќе и историски час пред бистата на патронот, литературно читање, ликовна изложба, работилници МИО, ЕКО и ,,Сите сме еднакви“ и свечена приредба во училишната сала. Беше издаден и нов број од училишниот весник ,,Училишен ѕвон,, преку кој се афирмираат воннаставните активности и сеподтврдува нивниот квалитет.

На 31-10, 25 и 26-11-2014г. на учениците од 1 и 4 одд. во организација на Службата за детска и превентивна стоматологија, им се одржа **стоматолошко и здравствено просветување** на тема,,Градба и функција на оралната празнина,, /,,Правилна исхрана и контрола на внесување шеќери,,и ,,Правилна орална хигиена,,

03-11-2014г. Сојузот на спортови – Битола и Сојузот за училишен спорт од Битола, по повод 4-ти Ноември, денот на ослободувањето на градот,ја организираа традиционалната **Ноќна атлетска трка** низ улиците на Битола. Учествуваа ученици од 5 до 9 одд., а водичи на екипата беа наставниците Весна Гецовска и Томе Петровски.

06-11-2014г. со пригодна програма нашето училиште учествуваше во емисијата **,,Големодмор“** на МРТ Скопје во рамките на училишната програма. Настапот беше успешен, во живо, учениците учесници беа под менторство на наставничките Снежана Најдовска, Ана Д. Божиновска, Елизабета Груевска и директорката на училиштето.

На 03-12-2014г. Л.К.,,Кабадаја“ во соработка со ,,Заводот за рехабилитација на слух, говор и глас Кочо Рацин“ –Битола организираа Дефиле по Широк сокак по повод **,,Денот на лица со посебни потреби“.** НаДефилето учествуваше наставникот Никола Пискачев со неговото одделение 2в.

На 03-12-2014г. во организација на МОН се одржа традиционалната Еко-акција **,,Ден на дрвото-есен 2014“** во рамките на која се превземени одредени активности и тоа:

-учениците од 1 до 6 одд. ги уредуваа училиниците и засадуваа шумски садници во училишниот двор

-учениците од 7 до 9 одд. беа ангажирани за засадување во најблиската локација до училиштето

На 25-12-2014г. во нашето училиште се одржа **Новогодишен хуманитарен базар** на кој беа изложени новогодишни изработки од учениците, а собраните средства и изработените новогодишни честитки беа донирани во Домот за деца без родители и Старскиот дом. Во рамките на базарот се одржаа новогодишни приредби во одделенска настава и свој настап имаше хорот на училиштето.

На **19-02-2015г.** во рамките на проектот **,,Урбан ѕид“** иницран од Агенцијата за млади и спорт и Општина Битола,се одржа манифестација на која учествуваа 10 ученици од нашето училиште коицртаа графити на ѕидот кај Ракометното игралиште под менторство на наставничката по ликовно образование Славица Михаилова.

Од страна на ликовната секција во периодот од 4 до 8 мај 2015г. беа насликани два зида со најголеми заслуги на ученичките Ангела Бошевска, Кристијана Алексовска и Ана Поповска.

На **07-03-2015г.** на плоштадот Магнолија се одржа манифестација по повод **8-ми март** на која учествуваа ученици од 3г одд. со наставничката Татјана Ликушевска.

На **03-04-2015г**. во организација на Агенцијата Грејс Ворлдвајд во нашето училиште се одржа предавање као дел од Училишната програма Always со **ученичките од 6одделение**, по покровителство на Procter&Gamble.

На **08-04-2015г.** во организација на Црвениот крст се одржа хуманитарна велигденска акција –продажба на велигденски украси.

На **08-04-2015г.** во нашето училиште се одржа продажен Училишен Велигденски фест по повод престојните Велигденски празници, а средствата беа наменети за хуманитарни цели.

На **09-04-2015г.** во нашето училиште се организираше хуманитарна акција ,,Од нас, за нас“, на која се собираше храна за ученици од нашето училиште кои потекнуваат од Социјално загрозени семејства и им се достави пред Велигденските празници.

На **08-05-2015г**. во организација на Секторот за економски развој, Општина Битола и ЕУ Инфо точката, на плоштадот ,,Магнолија“ се одржа прослава за 9-ти мај-**Денот наЕвропа**. Нашето училиште оваа година ја

преставуваше Естонија (како дел од 27-те земји членки на Европа). Одговорни наставници беа Татјана Ликушевска, Наташа Швигир и Владо Кузмановски.

На **12-05-2015г.** се реализира акцијата ,,Ден на дрвото“ за сите основни училишта во Македонија.

На **18-05-2015г.** за време на одделенски час се одржа едукативно предавање и продолжи соработката со Здружението за еднакви можности ,,**Семпер**“ од Битола. Имено, две наши ученичкиод 9б (Емилија Чона и Мартина Козаревска) беа вклучени во ПИЕР едукација во рамките на проектот „Вклучи се во превенцијата, трговијата со луѓе е реалност“.

На 18 и 19-05-2015г. во организација на Друштвото за управување со пакување и отпад од пакување **,,Пакомак“** ДОО Скопје се одржа манифестацијата **,,Еко автобус“** во која беа вклучени учениците од одделенска настава при што учествуваа на еко предавања заедно со своите одделенски наставници во специјален автобус кој беше паркиран пред училиштето.

На **26-05-2015г**. се спроведе акцијата **,,Садница плус“** како дел од пролетната акција ,,Ден на дрвото“. Акцијата се спроведе во училишниот двор при што учениците од повисоките одделенија засадија семиња од елаи и при тоа не се наруши воспитно-образовниот процес.

На 26-05-2015г. се спроведе **Еко хепенинг** со слоганот ,,Од мали нозе со големичекори“кој се одржа во Гратскиот парк во Битола каде учениците од одделенска настава на посебен штанд ја презентираа својата работа во делот на заштита на животната средина.

Програма за соработка со локалната средина и локалната заедница

Целта на ова програмско подрачје е да се стават сите ресурси на локалната средина во функција на училиштето,а кои се од интерес за воспитно-образовната работа.Преку ова подрачје се остваруваат следните задачи:

- збогатување на воспитно образовната работа како резултат од искористувањето на можностите на институциите од областа на културата,спортот и сл;
- организирање на заеднички културно-уметнички,образовни,спортски и други манифестации со другите училишта од општината;

- збогатување на воспитно-образовната работа како резултат на рамена на знаења,мислења и искуства со наставниот кадар од другите училишта од општината;
- искористување на материјалните можности на локалната средина за унапредување на дејноста на училиштето.

.

Активности за реализација на целите

Планирана програмска активност	Време на реализација	Реализатор	Ресурси	Очекувани исходи и ефекти
1	2	3	4	5
Соработка на ученички заедници	Се определува според потребите	Членови на ученичките заедници и одговорни наставници	Изготвени програми	Подобрување на работата во училиштето
Учество на разни ученички спортски манифестации	Се определува според потребите	Членови на секциите и наставникот	По избор	Соработка,дружење
Средби на литературни и ликовни дружини	Се определува според потребите	Членови на секциите и наставникот	Лични творби по избор и според барањата	Соработка,дружење
Соработка со средни училишта и нивна промоција	Мај	Ученици,наставници , директор,родители	По избор	Подобро информирање на учениците кое ке им помогне во одлуката за продолжување на нивното образование
Училиштето и локалната средина	По потреба	Училиште,локална средина	Годишни програми на наставниците	Јакнење на соработката
Учество на музички натпревари и фестивали	Ноември Април	Наставник,ученици	Програма на министерство за образование	Соработка,дружење
Манифестации организирани од општината	Континуирано	Општина	Програма на општината	Соработка,дружење
Соработка со локалните невладини организации	Континуирано	Невладини организации,директ,	Документи	Зголемување на интересот за соработка

		родители,наставници		
Информирање на градоначалникот за патрониот празник на училиштето	Април	Директор и претседател на училишен одбор	Изготвени програми	Афирмирање на училиштето
Перманентна соработка со установи и претпријатија	Континуирано	Директор,наставници,ученици	Програми и проекти	Подобрување на условите во училиштето
Учество и посета на манифестации од јавен интерес	Континуирано	Вработени и ученици	Програми	Подобрување на културното ниво
Презентирање на постигањата на училиштето	Јуни	Директор и стручни соработници	Документи,извешта и	Афирмирање на училиштето

ПРОГРАМА НА УЧЕНИЧКАТА ЗАЕДНИЦА КАКО НАЈВИСОКА ФОРМА НА ОРГАНИЗИРАЊЕ И ДЕЈСТВУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ

(програма од 36 часа)

ЦЕЛИ:

- Земање удел во организирањето на животот и работата во училиштето;
- Демократско работење на учениците;
- Развивање чувство на одговорност и припаѓање;
- Иницирање промени во училиштето.

АКТИВНОСТИ :

- **(**Во соработка со наставници, родители, стручни работници и директор) се договараат, земаат ставови и одлучуваат за се што е во врска со: условите за учење, работна атмосфера, за исхрана, културно-забавен живот, слободни активности, екскурзии, натпревари, ЕКО-акции и друго.

ЗАДАЧИ :

- Раководство (претседател, заменик, членови и записничари)
- Постојани и повремени комисии (за успех и поведение; за соработка со родители; за пофалување и казнување; за следење на ученичките натпревари; за соработка со ЕКО-одборот и Ученичкиот перламент исл
- Програма за работа на УЗ;
- Состаноци со записници.

ПЛАН ЗА РАБОТА НА УЧЕНИЧКАТА ЗАЕДНИЦА		
АКТИВНОСТИ	**УЧЕСНИЦИ**	**ВРЕМЕНСКА РАМКА**
➢ Избирање на раководство, членови и улога на УЗ ➢ Уредување на кабинетите ➢ Редовно еколошко активирање ➢ Почит меѓу половите ➢ Запознавање на учениците со проектот АЦЕС	**По два избрани ученика по слободен избор на класниот раководител Од 6/9-8 одд.**	**Септември**
➢ Наоѓање компромиси за разни проблеми ➢ Подобрување на дисциплина, редовност и успех на учениците ➢ Однос спрема возрасните ➢ Млади волонтери-активност за волонтеризмот ➢ Ангажирање на учениците за Патрониот празник	**Избраните ученици и ученици од ученичката заедница на класовите**	**Октомври**
➢ Разгледување на успехот на учениците и помагање на слабите ➢ Ноември- месец на толеранција- дискусија (предавање) ➢ Тековни проблеми и нивно решавање ➢ Активности со Ученичкиот парламент ➢ Дискусија за правата на децата ➢ Дискусија за успехот на тромесечие	**Класните раководители и избраните ученици**	**Ноември**

➢ Тимска работа во остварување на ЕКО –целите за постигнување на зеленото знаме ➢ Разгледување и дискусија на полугодишниот успех на учениците ➢ Подготовка на учениците од АЦЕС-проектот за престој во Хрватска ➢ Ангажирање на учениците за разубавување на работната средина	**Учество на учениците од АЦЕС,заеднички работилници**	**Декември**
➢ Дисциплина и мерки против негативно однесување ➢ Конфликтни ситуации и нивно решавање ➢ Подготовка за гостите од Хрватска ➢ Уредување на училишните простории,етно катче,проекти ➢ Организирање соработка: ЕКО-одбор со Ученичкиот парламент ➢ Хумани односи меѓу учениците	**Сите ученици од заедницата и класните раководители**	**Јануари-Февруари**
➢ Одбележување на 8Март- значење ➢ Акции на солидарност ➢ Одржување на училишниот инвентар-естетски изглед на училниците ➢ Одбележување на Денот на планетата Земја- еко акции ➢ Разгледување на успехот и поведението на учениците	**Сите ученици од заедницата**	**Март**
➢ Ученички и меѓуучилишни натпревари- помагање, поддршка и подготвување ➢ Одржување на традиционален маскенбал ➢ Акција за чистење- ЕКО-патртоли ➢ Активности по повод Денот на хуманост на нашето училиште	**Сите ученици од заедницата со нивните класни раководители**	**Април**
➢ Планирање екскурзии и излети ➢ Прибирање податоци од натпревари и други успеси на	**Сите ученици оз заедницата со**	**Мај-Јуни**

учениците ➢ Одбележување на денот на Словенските просветители ➢ Предлагање пофалби и награди за ученици (ученик на генерација) ➢ Завршна прослава- предлози и активности	**класните раководители**	

Одговорниот наставник-координатор на ученичката заедница:

- Следи, насочува и координира работата на УЗ по паралелки;
- Поттикнува и развива кај учениците смисла за иницијатива, истражување, идентификување и решавање проблеми во училиштето;
- Негува и развива другарство, разбирање, почитување и соработка;
- Го чува угледот на училиштето, одржува ред и дисциплина и се грижи за училишниот инвентар;
- Одржува континуирана и конструктивна соработка со родители, наставници , директор, стручни работници и претставници од локалната власт;
- Презема мерки и активности за учество на учениците во воспитно-образовниот процес и остварување на подобри резултати на тој план;
- Активности за подигање на еколошката свест- воопшто, и за остварување на ЕКО- стандардите во училиштето;
- Органоизирање и спроведување јавни културни манифестации : приредби, работни акции, културно-забавен живот, здравствена едукација исл...
- Организира екскурзии, излети, натпревари и квизови;

Дава мислења и предлози за доделување признанија, награди, пофалби исл, на ученици, но и изрекување педагошки мерки кои се преземаат на ниво на училиште.

Годишна програма за работа на Наставничкиот совет

Воведен дел

Највисок стручен орган во училиштето е Наставничкиот совет. Пред него се поставени голем број на задачи кои треба да ги реализира во текот на учебната година, а кои произлегуваат од Годишната програма за работа на училиштето и другите нормативни акти. Во текот на годината ќе се грижи за подобрување на воспитно-образовниот процес и реализација на Националните планови и програми и училишниот курикулум.

Програмирањето на Годишната програма за работа на наставничкиот совет е флексибилна, отворена и може да има дополнувања и измени во текот на училишната година.

ЗАДАЧИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА

1. Формирање на паралелки во училиштето
2. Распоред на паралелките, предметите и часовите по наставници
3. Определување на одделенски раководители
4. Распоред на задолженијата на наставниците
5. Формирање на стручни активи и одлучување за сите стручни прашања
6. Утврдување на успехот и поведението на учениците
7. Разгледување анализи кои ќе ги подготват наставниците, педагошко-психолошката служба и директорот на училиштето
8. Разгледување разни информации, осврти и согледувања
9. Следење на стручното и педагошкото усовршување на наставниците
10. Донесување Годишна програма за работа на училиштето
11. Координирање на работата на стручните активи
12. Грижа за осовременување на наставата преку воведување на иновации
13. Усовршување на формите за соработка со родителите на учениците

14. Разгледување разни предлози од страна на родителите или учениците
15. Разгледување и одобрување на распоредот на часовите
16. Насочување и организирање на работата на слободните ученички активности
17. Изрекување педагошки мерки и пофалби на учениците
18. Одлучување за други прашања согласно законските овластувања

Во работата на Наставничкиот совет учествуваат сите наставници во редовен или договорен работен однос, педагогот, психологот и директорот. Директорот раководи со Наставничкиот совет.

Програмски дел

ред. бр.	тема-содржина на работа	носител
	АВГУСТ	
	Подготовки за почеток на новата учебна година	директор наставници
	Учество на наставниците на стручни семинари	Биро за развој
	Распределба на наставните предмети и часови по наставниците	директор
	Определување на раководители на паралелки	пед.псих.служба
	Утврдување работни места, задачи на одделенски раководители	директор
	Усвојување распоред на часовите	директор
	Работно време и користење на училници во прва и втора смена	А. Димитров
	Распоред за дежурства на наставниците	Директор и
	Прием на учебници од МОН	педаг.- психол.
	Усвојување на развојно планирање	служба

	Усвојување на годишни програми за работа на наставниците и стручните активи	наставници стручни активи
	СЕПТЕМВРИ	директор наставници
	Одбележување на 8 септември, 12 септември - денот на загинувањето на Стив Наумов	
	Програмирање и планирање на работата на организациите и слободните ученички активности и определување на раководители на истите	
	Формирање на комисии и стручни активи	наставници
	Осигурување на училиштето,вработените и учениците	сојуз на борци ученици
	Педагошко досие за вработените	пед.псих.служба наставници
	Извштај за почетокот на работата во учебната 2014-15	
	Униформи за учениците	наставници
	Изготување на план и програма за прослава на Патрониот празник на училиштето	директор,
	Формирање одделенски заедници	наставници
	Организација и прослава на 11 Октомври	педагошко- психолошка служба
	Прием на првачиња во детската организација	
	Организирање на еднодневна екскурзија	директор наставници

	НОЕМВРИ	
	Разгледување на постигнатиот успех во 1 тромесечие	
	Евалуација на годишните, тематските и еднодневните планирања	комисија
	Организирање на новогодишен саем	наставници,
	Планирање и организирање на викенди и зимувања со учениците во детските центри	директор
	Избор на членови за пописна комисија	
		наставници
	ЈАНУАРИ	
	Анализа на постигнатите резултати од слободните активности во 1 полугодие	наставници
	Разгледување на успехот и поведението на учениците во 1 полугодие	директор
	Анализа на работата на стручните активи	
	Самоевалуација на работата на одделенските раководители	
	МАРТ	наставници и
	Информација за здравствената состојба на учениците	стручна служба
	Стручно предавање: Како да ги препознаеме надарените и талентираните ученици	директор
	Подготовка за вклучување на учениците во пролетните натпревари	наставници
	Организација и реализација на Денот на екологијата	
	Разгледување на успехот на учениците во трето тромесечие	директор и
	Увид во одделенската евиденција	стручен тим
	Организирање посети на кино ,театри,изложби,спортски натпревари,детски фестивали.	
	Административно и финансиско работење	
	МАЈ	
	Планирање и организирање на повеќедневни и еднодневни екскурзии	наставници,
	Евалуација на досегашните применети промени во наставниот процес	стручна служба
	Донесување одлука за изборни предмети	наставници,
	Избор на автори и учебници за следната учебна година	стручни активи одделенски раководители

	ЈУНИ Разгледување на успехот и поведението на учениците на крајот од учебната година Осврт врз реализацијата на годишните планови и програми Организирање на продолжна настава за оние ученици кои покажале слаб успех Евалуација на целокупната воспитно-образовна работа со донесување на годишен извештај за работата на ОУ “Стив Наумов” во оваа учебна година	школска амбуланта педагог директор наставници Маре Ж. Трајковски одд. раковод. стручна служба директор наставници директор книговодител благајник наставници стручни активи директор

Програма за начинот на изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од III одделение

Согласно ***Правилникот на Министерство за образование и наука, за изведување на ученички екскурзии („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/08, 33/10, 116/110, 156/10, 18/11, 15/11, 6/12, 100/12, 24/13 и 41/14)*** е планирано да се изведе еднодневна екскурзија во текот на месец Април-Мај во учебната 2015/2016 година со учениците од III одделение во ОУ,,Стив Наумов“ – Битола од културно –забавен и наставно – научен карактер.

Екскурзијата ќе се реализира според претходно поставени цели и задачи.

ВОСПИТНО – ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ

Учениците ги прошируваат:

- знаењата од наставните предмети: општество, природни науки, македонски јазик, англиски јазик, ликовно и музичко образование;
- се запознаваат со природното богатство и културно - историското наследство на Р. Македонија;
- се поттикнуваат да ја заштитуваат природата;
- развивање интерес за природните убавини на Р. Македонија;
- се оспособуваат да учествуваат во разговор преку активно вклучување и самостојно искажување на своите доживувања, чувства и факти.

ЗАДАЧИ

Учениците:

- да се запознаат со културата и начинот на живеење на луѓето во туристичко место;
- да се развие интерес за природата и градење на еколошки навики;
- стекнување искуство за осамостојување и грижа за себе;
- да се поттикне социјализација и позитивните емоции;
- да се развие интерес кон националните и културните вредности;
- интерес кон рекреација и создавање навики за здрав живот.

СОДРЖИНА НА АКТИВНОСТИ

Учениците ќе имаат можност низ прошетка по долунаведените локалитети и стари градби да се стекнат со нови знаења од историското минато на нашиот народ добивајќи информации од релевантни лица, кустоси и водичи. Посетата започнува со разгледување на црквата на Плаошник, потоа Самоиловата тврдина (интеграција на содржините од природни науки,

општество, Македонски јазик и ликовно образование). Следи ручек во некој од ресторaните во Охрид и прошетка низ стариот дел на градот Охрид.

РАКОВОДИТЕЛ, НАСТАВНИЦИ, УЧЕНИЦИ

При реализирањето на оваа екскурзија од наставно - научен карактер, ќе бидат вклучени сите ученици од III одделение во учебната 2015/2016 година заедно со нивните одделенски раководители и од нивниот ред именуван раководител на екскурзијата од страна на директорот и тоа:

III а Наташа Костовска
III б Гордана Трифуновска
III в Никола Пискачев – **раководител на екскурзијата**
III г Дијана Христовска

ВРЕМЕТРАЕЊЕ

Еден ден

ЛОКАЦИИ ЗА ПОСЕТА И ПРАВЦИ НА ПАТУВАЊЕ

Поаѓање од Битола за Охрид во утринските часови со попатни кратки паузи. Упатување кон црквата Плаошник и Самоиловата тврдина. Ручек, потоа разглед на центарот и стариот дел на градот и посета на црквата Св.Софија - Охрид, Црква Св. Јован Богослов - Канео. Враќање во Битола во попладневните часови.

ТЕХНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА

Организирањето на екскурзијата ќе биде согласно ***Правилникот за изведување на екскурзии од МОН Бр.07-9992/2 од 05.06.2014 година*** и директорот на нашето училиште.

Стручниот тим за подготовка на Програмата за екскурзии во ОУ ,,Стив Наумов” - Битола е должен да ги следи и да се придржува кон одредбите од горенаведениот Правилник.

НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ

Екскурзијата ќе биде финансирана од сопствени средства на учениците односно нивните родители, според однапред одобрена и договорена цена со избраниот понудувач кој ги исполнил условите за изведување на екскурзијата според чл.22 *од* ***Правилникот за начинот на изведување на ученички екскурзии.***

Училиштето организира слободни активности - излети за сите ученици најмногу двапати во учебната година, во есен и во пролет (до 30 километри оддалеченост од општината во која се наоѓа нашето училиште), а се изведуваат во поблиската околина во траење до еден ден.

За спроведување на постапката и начинот на изведување на ваквите слободни активности важат одредбите од горенаведениот ***Правилник***.

Програма за реализација на екскурзија низ Македонија во VI одд.

Стручен тим:

Маре Жежовска -Трајковски – Директор

Одделенски раководители

Маја Димитровска – Атлагиќ – раководител на екскурзијата
Донка Горгиева
Валентина Ѓорѓиевска
Елица Лазаров

Согласно ***Правилникот на Министерството за образование и наука, за изведување на ученички екскурзии (˝Службен весник на РМ˝, бр. 103/08, 33/10 и 116/10, 156/10, 18/11, 15/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14)*** од културно – забавен и наставно – научен карактер, за учениците од VI одделение во ОУ „Стив Наумов“-Битола е планирано да се изведе дводневна екскурзија во месец Март-Април во учебната 2015/2016 година.

Екскурзијата ќе се реализира според претходно поставени цели и задачи.

ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ

- Запознавање со природното богатство и културно-историското наследство на Р. Македонија;
- изучување и истражување на објекти и феномени во природата како и односите во општествениот живот во Р. Македонија;
- развивање интерес за природните убавини во Р. Македонија;
- осознавање на начинот на живеење и културата на луѓето од одделни краеви во Р. Македонија;

- развивање на позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности;
- развивање на позитивни социјални односи и сфаќање на значењето на здравјето и здравите стилови на живеење;
- поттикнување и исполнување на позитивни емоционални доживувања;
- градење на чувство за патриотизам, толеранција и соживот;
- социјализација и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе.

СОДРЖИНА НА АКТИВНОСТИ

Низ прошетка по долунаведените дестинации и локалитети, учениците ќе се стекнат со нови знаења, вештини, ставови преку усни излагања - предавања при посета на самите локалитети од страна на релевантни лица, кустоси, водичи. Учениците ќе имаат можност да ги подобрат стекнатите знаења од наставата, да водат дискусии со предавачите и да истражуваат.
***1 ден*:** Тргнување рано наутро од Битола. Упатување кон археолошкиот локалитет Стоби. Пристигнување во Стоби и разгледување-предавање со стручен водич. Корелација со предметите: македонски јазик, историја, ликовно образование. Упатување кон Скопје, посета и разгледување на кањонот на Матка. Ручек во Скопје. Посета на Музејот на македонската борба, прошетка и разгледување на центарот на Скопје. Корелација со предметите: историја, Природни науки и техника, македонски јазик, ликовно образование. Упатување кон Маврово во вечерните часови. Вечера и ноќен престој во Маврово.
***2 ден*:** Појадок во Маврово и упатување кон манастирот „Св. Јован Бигорски“; попатно разгледување на кањонот на Радика; посета на „Св. Јован Бигорски“; упатување и пристигнување во Струга: посета на Природнонаучниот музеј; упатување и посета на Охрид: ручек и посета на Античкиот театар, Плаошник и Самоиловата тврдина; Корелација со: македонски јазик, историја, природни науки и техника, ликовно образование, етика на религиите. Упатување кон Битола и пристигнување во вечерните часови.

РАКОВОДИТЕЛ, НАСТАВНИЦИ, УЧЕНИЦИ

При реализирањето на оваа дводневна екскурзија од наставно - научен карактер, ќе бидат вклучени сите ученици од VI одделение во учебната 2015/2016 година заедно со нивните одделенски раководители и од нивниот ред раководител на екскурзијата именуван од директорот и тоа:

VI а Елица Лазаров
VI б Валентина Ѓорѓиевска
VI в Маја Димитровска - Атлагиќ– раководител на екскурзијата
VI г Донка Горгиева

ВРЕМЕТРАЕЊЕ

Два дена

ЛОКАЦИИ ЗА ПОСЕТА И ПРАВЦИ НА ПАТУВАЊЕ

Битола – Стоби – Матка – Скопје –Маврово – Св.Јован Бигорски – Струга – Охрид – Битола

ТЕХНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА, КРИТЕРИУМИ И УСЛОВИ

Организирањето на екскурзијата ќе биде согласно ***Правилникот за изведување на екскурзии од МОН*** и директорот на нашето училиште.
Организирањето на екскурзијата вклучува ангажман на туристичка агенција со вклучен автобуски превоз, исхрана, влезници, сместување.
Екскурзијата ќе се организира со понудувачот (туристичката агенција) кој ќе ги исполни следните критериуми:

- ќе понуди најниска цена;
- има реализирано најмалку три ученички екскурзии и други слободни активности во последните три години;
- ги исполнува условите за превоз на групи деца, согласно Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и Правилникот за посебни технички барања на возилата со кои се превезуваат групи на деца.

НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ

Екскурзијата ќе биде финансирана од сопствени средства на учениците, односно нивните родители, според однапред одобрена и договорена цена со одбраниот понудувач кој ги исполнил условите за изведување на екскурзијата според чл.22 *од* ***Правилникот за начинот на изведување на ученички екскурзии.***

Програма за начинот на изведување на ученичка екскурзија низ Р. Македонија на учениците од IX одделение

Стручен тим:

Маре Жежовска -Трајковски – Директор
Одделенски наставници

Силвана Ристевска- раководител на екскурзијата
Александра Гецовска
Славица Михаилова

Согласно ***Правилникот на Министерство за образование и наука, за изведување на ученички екскурзии („Службен весник на Република***

Македонија“ бр. 103/08, 33/10, 116/110, 156/10, 18/11, 15/11, 6/12, 100/12, 24/13 и 41/14) е планирано да се изведе тродневна екскурзија во текот на месец Март-Април во учебната 2015/2016 година со учениците од IX одделение во ОУ,,Стив Наумов“ – Битола од културно –забавен и наставно – научен карактер.

Екскурзијата ќе се реализира според претходно поставени цели и задачи.

ВОСПИТНО – ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ

Учениците ги прошируваат:

- знаењата од предметите што ги изучуваат во деветто одделение;
- се запознаваат со природното богатство и културно - историското наследство на Р. Македонија;
- се поттикнуваат да ја заштитуваат природата;
- развивање интерес за природните убавини на Р. Македонија;
- се оспособуваат да учествуваат во разговор преку активно вклучување и самостојно искажување на своите доживувања, чувства и факти.

ЗАДАЧИ

Учениците:

- да се запознаат со културата и начинот на живеење на луѓето во туристичко место;
- да се развие интерес за природата и градење на еколошки навики;
- стекнување искуство за осамостојување и грижа за себе;
- да се поттикне социјализација и позитивните емоции;
- да се развие интерес кон националните и културните вредности;
- интерес кон рекреација и создавање навики за здрав живот.

СОДРЖИНА НА АКТИВНОСТИ

Низ прошетка по долунаведените дестинации и локалитети, учениците ќе се стекнат со нови знаења, вештини, ставови преку усни излагања - предавања при посета на самите локалитети од страна на релевантни лица, кустоси, водичи. Учениците ќе имаат можност да ги подобрат стекнатите знаења од наставата, да водат дискусии со предавачите и да истражуваат.

***1 ден*:** Тргнување рано наутро од Битола; Упатување кон Кавадарци и посета на Фени; упатување кон Дојран и разгледување на Вардарски рид; Пристигнување и ручек во Струмица; посета и разгледување на Колешинските и Смоларските водопади; вечера и ноќевање во околината на Струмица.

2 ден: Појадок и тргнување кон Пробиштип: манастир „Гаврил Лесновски“ - с. Лесново; пристигнување во Кратово и кратко разгледување на градот; Посета на локалитетот Големо градиште, с. Коњух (Куклица); Куманово: опсерваторијата „Кокино“ и Човеков камен; пристигнување во Скопје: ручек и разгледување на Калето, разгледување на центарот на градот, посета на Музејот на македонската борба; упатување кон Мавровo-вечера и ноќевање.
3 ден: Појадок и разгледување на националниот парк „Маврово“; разгледување на кањонот на Радика; посета на манастирот „Св. Јован Бигорски“; Дебар: ХЕЦ Шпиље и Косовраски бањи; Струга: посета на Природнонаучниот музеј и Вевчанските извори; Охрид: ручек и посета на Стари град, Антички театар, Плаошник и Самоилова тврдина; Ресен — Курбиново; упатување кон Битола и пристигнување во вечерните часови.

РАКОВОДИТЕЛ, НАСТАВНИЦИ, УЧЕНИЦИ

При реализирањето на оваа тродневна екскурзија од наставно - научен карактер, ќе бидат вклучени сите ученици од IX одделение во учебната 2015/2016 година заедно со нивните одделенски раководители и од нивниот ред раководител на екскурзијата именуван од директорот и тоа:

IX а Александра Гецовска
IX б Силвана Ристевска
IX в Славица Михаилова

ВРЕМЕТРАЕЊЕ

Три дена

ЛОКАЦИИ ЗА ПОСЕТА И ПРАВЦИ НА ПАТУВАЊЕ

Битола – Кавадарци – Неготино – Дојран – Струмица – Пробиштип – Кратово – Куманово – Скопје – Маврово – Дебар – Вевчани – Струга – Охрид – Ресен - Битола

ТЕХНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА

Организирањето на екскурзијата ќе биде согласно ***Правилникот за изведување на екскурзии од МОН*** и директорот на нашето училиште.
Организирањето на екскурзијата вклучува ангажман на туристичка агенција со вклучен автобуски превоз, исхрана, влезници, сместување.
Екскурзијата ќе се организира со понудувачот (туристичката агенција) кој ќе ги исполни следните критериуми:

- ќе понуди најниска цена;
- има реализирано најмалку три ученички екскурзии и други слободни активности во последните три години;

- ги исполнува условите за превоз на групи деца, согласно Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и Правилникот за посебни технички барања на возилата со кои се превезуваат групи на деца.

НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ, КРИТЕРИУМИ И УСЛОВИ

Екскурзијата ќе биде финансирана од сопствени средства на учениците односно нивните родители, според однапред одобрена и договорена цена со избраниот понудувач кој ги исполнил условите за изведување на екскурзијата според чл.22 *од* ***Правилникот за начинот на изведување на ученички екскурзии*****.**

Годишна програма за планирање на Меѓуетничка интграција во образованието

ТАБЕЛА ЗА ГЛОБАЛНО ПЛАНИРАЊЕ ЗА МЕЃУЕТНИЧКА ИНТЕГРАЦИЈА ВО ОБРАЗОВАНИЕТО –

поглобални активности	*очекуван резултат/продукт*	*(пред)услови*	*реализатори*	*термин (од/до)*
Одржување на стручни средби за професионален развој за подготовка за реализација на активности од меѓуетничката интеграција	Одржување на 2 средби на професионалниот актив за одделенска настава Одржување на 2 средби на професионалниот актив на предметна настава	Покажан интерес на наставниците Детални акциони планови за секоја средба Подготвен материјал	СИТ	август/септември
Одржување на работилници од Програмата ОЖВ за сензибилизација на учениците за меѓуетничката интеграција	Одржување по 3 работилници од секој одделенски наставник Тема – Интерперсонални односи Тема – Јас и другите Тема – Градење позитивен однос кон својата земја	Испланирано во тематските планирања за ОЖВ кај секој одделенски раководител	Одделенските наставници	Континуирано во текот на учебната година
Реализирање на заеднички проекти во /со локалната заедница со секоја возрасна група (1-3,4-6 и7-9)	Изработка на проекти за традициите во Р.Македонија – традиционални јадења, носии, песни, прослави и сл. Изработка на отворени часови со мултикултурни содржини по различни наставни предмети	Испланирано во годишните планирања на секој наставник учесник во активностите	Наставници од одделенска и предметна настава, стручни активи, СИТ	Континуирано во текот на учебната година

Спроведување на акции за промена – испланирани и реализирани од секоја одделенска заедница на ниво на одделение	Изработка на план за реализација на часот по одделенска заедница за демократско избирање на членови во паралелките	Демократски избрани одделенски заедници	Одделенски наставници	Септември
Спроведување на акција за промена на ниво на училиште, иницирана и спроведена од Училишната заедница	Изработка на план за избор на членови на училишната заедница	Демократски избрана училишна заедница	Наставници од одделенска и предметна настава, стручни активи, СИТ	Септември
планирање на конкретните активности	Подготвени акциони планови за секоја предвидена конкретна активност (секој тим од реализатори го има приложено својот акционен план до тимот за училишна интеграција)	формирани тимови од реализатори за планираните активности одржани работни средби за планирање со тимовите од реализатори од партнер училиштето/ата	Наставници од одделенска и предметна настава, стручни активи, СИТ	Септември/ Октомври
реализација на планираните активности	Сите планирани конкретни активности и заедничките активности со партнер училиштето се спроведуваат во училиштето според тоа како е предвидено со акционите планови Одржување на состаноци на стручните активи на кои се разгледуваат примери на успешни практики за самостојни и заеднички активности Обезбедена е евиденција и докази за	наставниците ги користат прирачниците за заеднички активности и демократско учество како главен ресурс во планирање и спроведување на активностите наставниците водат портфолио во кое собираат успешни практики и прават рефлексија и анализа од спроведените активности	Сит, тимови реализатори	Континуирано во текот на учебната година

	спроведените самостојни активности на училиштето и на заедничките активности со партнер училиштето/ата			
следење на реализацијата на активностите	Месечни извештаи од реализацијата на планираните активности подготвени од страна на тимовите реализатори и доставување до тимовите за училишна интеграција Континуирано истакнување информации на табла во наставничка канцеларија за реализацијата на активностите	инструменти подготвени од ПМИО за мониторинг на реализацијата на активностите (секое подрачје на активност има клучни точки за следење) редовни средби на тимовите, на кои се дискутира за реализацијата на активностите на ниво на училиште и помеѓу партнер училиштата	СИТ и надлежен советник	Континуирано во текот на учебната година
промоција на реализираните активности	Најмалку еден промотивен настан на училишно ниво за презентација на активностите пред управата, наставниците, учениците, родителите и претставници од општината Континуирано ажурирање на информации на порталот за МИО на училишната веб страница	подготвен промотивен материјал (постери, брошури и/или други материјали) што го прикажуваат процесот и продуктот од реализираните активности поканети гости на настанот отворен МИО портал на веб страницата на училиштето	Сит, тимови реализатори	Континуирано во текот на учебната година
водење професионално портфолио и сертификација	Разгледани критериуми за сертификација и фазите во спроведување на процедура за сертификација на членовите тимот за училишна интеграција и за наставниците Одржан состанок за начинот на водење и евалуација на професионално портфолио	вклучување на активности за меѓуетничка интеграција во професионалното портфолио во кое наставниците собираат успешни практики и прават рефлексија и анализа на спроведените активности во текот на второто полугодие	СИТ, наставници од одделенска и предметна настава	Континуирано во текот на учебната година

САМОСТОЈНИ АКТИВНОСТИ

ТАБЕЛА ЗА ГЛОБАЛНО ПЛАНИРАЊЕ ЗА МЕЃУЕТНИЧКА ИНТЕГРАЦИЈА ВО ОБРАЗОВАНИЕТО – ПРЕДЛОГ ЗАЕДНИЧКИ АКТИВНОСТИ СО ПАРТНЕР УЧИЛИШТЕТО

поглобални активности	*очекуван резултат/продукт*	*(пред)услови*	*реализатори*	*термин (од/до)*
Професионална соработка на наставниците	Одржување 2 средби на професионалниот актив за одделенска настава Одржување 2 средби на професионалниот актив на предметна настава Изготвени заеднички планирања на одредени содржини/теми	Покажан интерес на наставниците Детални акциони планови за секоја средба Подготвен материјал и/или презентации...	СИТ	Септември/ Октомври
Краткотрајни воннаставни активности	Реализирана по една активност со секоја возрасна група запознавање на учениците и наставниците по возрасни групи преку социјалните мрежи подготовка на приредба по повод патрониот празник на нашето училиште со учество на ученици и наставници од партнер училиштето која ќе се реализира со линковска врска . Учество со творви во дел од училишниот весник како страница со која учениците од партнер училиштето активно ќе се вклучат во негова изработка .	Покажан интерес на наставниците Детални акциони планови за секоја средба Подготвен материјал за работа и реализација на активностите	СИТ, наставници реализатори, ученици од сите возрасни групи	Континуирано во текот на учебната година
Подолготрајни воннаставни активности	Реализирана по една активност со секоја возрасна група заеднички работилници по возрасни групи на тема: Убавините на нашата татковина, Јас и другите, Слични и различни – истражувања на тема: Историско	Покажан интерес на наставниците Детални акциони планови за секоја средба Подготвен материјал за работа и реализација на активностите	СИТ, наставници реализатори, ученици од сите возрасни	Континуирано во текот на учебната година

	наследство - културни споменици во Битола и Тетово проекти на тема: Традиционална македонска, албанска и турска трпеза, и сл. саем со традиционална храна		групи	
следење на реализацијата на активностите	Месечни извештаи од реализацијата на планираните активности подготвени од страна на тимовите реализатори и доставени до тимовите за училишна интеграција Континуирано истакнување информации на табла во наставничка канцеларија за реализацијата на активностите	инструменти подготвени од ПМИО за мониторинг на реализацијата на активностите (секое подрачје на активност има клучни точки за следење) редовни средби на тимовите, на кои се дискутира за реализацијата на активностите на ниво на училиште и помеѓу партнер училиштата	СИТ и надлежен советник	Континуирано во текот на учебната година
промоција на реализираните активности	Најмалку еден промотивен настан на училишно ниво за презентација на активностите пред управата, наставниците, учениците, родителите и претставници од општината Континуирано ажурирање на информации на порталот за МИО на училишната веб страница	подготвен промотивен материјал (постери, брошури и/или други материјали) што го прикажуваат процесот и продуктот од реализираните активности поканети гости на настанот отворен МИО портал на веб страницата на училиштето	Сит и реализатори	Континуирано во текот на учебната година

Акциски планови за реализација на сите проекти во училиштето и акциски истражувања

Име на проект	Институција што го спроведува	Координатор	Цели	Период на реализација
Проект за меѓуетничка интеграција во образование	МОН, USAID	Наташа Цветковска	Вклучување во Проектот Меѓуетничка интеграција во образованието	2013-2017 г
Еразмус плус Клучна Акција - КА1 Клучна Акција – КА2	Национална агенција на Р. Македонија за образование подржана од европска комисија за образование	Силвана Ристевска	- учење преку индивидуални мобилности на наставници -соработка за иновации и размена на добри практики	2015г-2016г
Scientix – Отворена врата за Европско образование за Природни науки	European Schoolnet Academy	Силвана Ристевска	-промоција на иновативни техники и најдобри пракси од групата Природни науки	2015г-2016г
Градиме мостови	МОН, Швајцарска амбасада, Building bridges found			2015г-2016г
Интеграција на еколошката едукација во воспитно образовниот систем	МОН, Здружение на граѓани ОХО	Зоре Ѓоргиева		2015г-2016г
Сите сме еднакви	МОН, Здружение на граѓани ОХО, Британска амбасада	Анжелика Петковска		2015г-2016г
Хортикултурно уреден и	ОУ,, Стив Наумов“, општина Битола	Маре Ж.		2011-2015

мултифункционален училишен двор		Трајковски		
Lyons апликација – Техничка опрема	Lyons Club – Битола ОУ,, Стив Наумов“ - Битола		Добивање на поддршка за техничка опрема	2015г-2016г
Апликација до Американска Амбасада во РМ	Американска амбасада ОУ,, Стив Наумов“ - Битола			2015г-2016г
Име на проект	*Институција што го спроведува*	*Координатор*	*Цели*	*Период на реализација*
Апликација до Австриски Конзулат во РМ	Апликација до Австриски Конзулат во РМ ОУ,, Стив Наумов“ - Битола			2015г-2016г
Апликација до Општина Битола	ОУ,, Стив Наумов“ и Општина Битола		Реконструкција на кров	2015г-2016г
Апликација до ЦРППР	Центар за развој на Пелагониски плански регион		Воспоставување на контакти Изготвување на заеднички проекти	2015г-2016г
Чувари на шумите	Општина Епинал, Општина Битола Р. Франција Француска алијанса – Битола ОУ,, Стив Наумов“ - Битола	Маре Ж. Трајковски	Меѓународна соработка и размена на искуства и знаења со училиште од Епинал-Франција	2015г-2016г

Проект ЕРАЗМУС ПЛУС 2014-2020 год

ЕРАЗМУС ПЛУС 2014-2020 год програмата е водечката програма на Европската унија наменета за образование, обука, млади и спорт и претставува значајна подршка на евроинтегративните процеси кои ја отсликуваат европската перспектива на нашата држава.

Националната агенција за европски образовни програми и мобилностна Р. Македонија е одговорна за имплементација на програмата Еразмус Плус на национално ниво и истата во соработка со Министерството за образование и наука на Република Македонија, како и со Европската Комисија, работеше на остварување на сите неопходни критериуми за полноправно учество на нашата земја.

Полноправното учество на Република Македонија, како програмска земја, значи еднаков пристап до сите можности кои ги нуди програмата ЕРАЗМУС ПЛУС за македонските институции, подеднакво како и институциите од ЕУ земјите учеснички.

Преку имплементацијата на програмата ЕРАЗМУС ПЛУС во Република Македонија ќе се обезбеди огромна поддршка на образованието, обуката, младите и спортот. ЕРАЗМУС ПЛУС ќе придонесе кон надградба на институционалните капацитети како и личен и професионален развој на сите чинители во полето на образованието обуката младите и спортот.

Голем број на млади луѓе, студенти и возрасни ќе добијат искуство и вештини за учење, обука или волонтерство во земјите учеснички во Програмата.

Оваа програма ќе поддржи институции и организации да работат со соработници во други земји за да ги иновираат и модернизираат праксите за учење и младинска работа.

Фондовите кои ќе бидат на располагање од ЕРАЗМУС ПЛУС ќе бидат наменети за три клучни акции:

- Промовирање на мобилноста на студенти, ученици, наставници и друг образовен кадар, млади луѓе во младински размени, младински лидери и волонтери;
- Создавање или подобрување на партнерствата помеѓу институциите и организациите во образованието, обуката и младите;
- Поддршка на дијалогот со цел да се извршат реформи во системите на образование, обука и млади.

Нашето училиште ОУ“Стив Наумов“- Битола со огромна подршка на директорот м-р Билјана Рахманова Тасева ќе земе учество во клучната акција 2: Создавање или подобрување на партнерствата помеѓу институциите и организациите во образованието, обуката и младите. За таа цел тим од нашето

училиште заедно со директорот учествуваше на работилница за Клучната акција 2-Соработка за иновација и размена на добри практики, за акцијата Стратешки партнерства.

Работилницата беше организирана и спроведена во Националната агенција за европски образовни програми и мобилност во Скопје на ден 10.04.2014 година. На работилницата се дискутираше за правилата за аплицирање, начинот за аплицирање и како се пополнува апликацијата. Обуката ни овозможи создавање проектен план со кој училиштето ќе аплицира во Октомври 2014 година како носители на проектот “Безбедни училишта за среќни училишни денови“ во соработка со партнер училишта од Европа.

Во текот на месец Март и Април активно работевме и како партнер училиште на апликацијата за Еразмус проектот “Beyond the visible” со основни училишта од Италија,Турција, Романија и Словачка. Комуникацијата за оваа проект апликација ја остварувавме преку e- mail и преку e-Twinnig порталот кој претставува мрежа на училишта од цела Европа. Училишниот тим за Еразмус програмата го формираат: директорот м-р Билјана Рахманова Тасева, координатор: наставник Силвана Ристевска како и наставниците: Маре Ж. Трајковски, Билјана Толевска, Сања Бундевска, Славица Михаилова, Драган Ѓорѓиевски.

Проект Сите сме еднакви

Од оваа учебна година, во соработка со Министерството за образование, Британската амбасада и Здружението на граѓани ОХО, започна Проектот**,,Сите сме еднакви“** кој што ќе трае до 2015г. т.е. ќе се реализира две учебни години преку низа едукативни интерактивни активности вметнати во предметите: Запознавање на околината и Општество.

Цел на Проектот е развивање на едукативен модел, кој ќе промовира меѓуетничка и меѓукултурна интеракција и социјална врска на учениците во основните училишта. Во рамките на овој проект, во периодот од 4-ти до 13-ти декември се организираа дводневни обуки за наставниците од одделенска настава.

Проектот опфаќа четири училишни кампањи на тема:

- Ликовна изложба како форум за промоција на концептот ,,Права и одговорности“(месец септември и октомври)
- Конкурс за разгладници за промоција на вредностите ,,Еднаквост и човекови права“ (месец декември)
- Традиционален танц за промоција на ,,Почитување на различности во Мултиетничко општество“ (месец март)
- Интерактивни спортски и забавни игри за промоција на моделот ,,Тимска работа и фер игра“ (месец мај)

Дел од активностите се изведоа во корелација со активностите на **,,Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието“** кој училиштето го

реализира во соработка со МОН и УСАИД и Општина Битола. На 26-09-2013г. имавме посета на екипа од Скопје во врска со овој проект.

По повод Патрониот празник на нашето училиште, се реализираа заеднички активности меѓу нашите партнер училишта, а исто така и за Новогодишната програма. Наставниците активно се вклучија преку одржување на часови по ОЖВ и самостојни часови од редовната настава со колегите од партнер училиштата.

„ИНТЕГРАЦИЈА НА ЕКОЛОШКАТА ЕДУКАЦИЈА ВО МАКЕДОНСКИОТ ОБРАЗОВЕН СИСТЕМ“

учебна 2014/2015 година
(одделенска/предметна настава)



Еколошките активности кои се планирани да се реализираат во нашето училиште во учебната **2014/2015 година** произлегуваат од деветте еко – теми кои се застапени во програмата „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“ :

- **ТЕМА: ВОДА**
- **ТЕМА: ЕНЕРГИЈА**
- **ТЕМА: ОДРЖУВАЊЕ НА ЗГРАДАТА И ЗДРАВА СРЕДИНА ВО УЧИЛИШТЕТО/ГРАДИНКАТА**
- **ТЕМА: УРЕДЕН ДВОР**
- **ТЕМА: ОТПАД**
- **ТЕМА: БИОДИВЕРЗИТЕТ**
- **ТЕМА: ТРАНСПОРТ**
- **ТЕМА: ЗДРАВЈЕ**
- **ТЕМА: ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ**

од четирите еко стандарди:

ЕКО-СТАНДАРД 1. Заштеда на енергија
ЕКО-СТАНДАРД 2. Заштеда на вода
ЕКО-СТАНДАРД 3. Одржување на зградата и здрава внатрешна средина
ЕКО-СТАНДАРД 4. Уреден и еколошки двор

Покрај планираните активности кои ќе се реализирааат со Интегрираното планирање и Планот на активности , нашето училиште во текот на учебната 2014/2015 година ќе реализира и низа други еко – активности

ПРОГРАМА

ЗА ПЛАНИРАНИ ЕКО -АКТИВНОСТИ

за учебната 2014/2015 година
Програма за планирани еко - активности



Планираните еко -активности кои ќе се реализираат оваа учебна 2014/2015 година произлегуваат од деветте еко - теми кои се застапени во Интегрираното планирање и четирите еко- стандарди при што запазен е и еколошкиот календар.

Еколошки календар

5 март- Светски ден за заштеда на енергија
22 март- Светски ден за заштита на водите
7 април – Светски ден на здравјето
22 април – Светски ден на планетата Земја
15 мај- Светски ден за заштита на климата
31 мај- Светски ден против пушењето
5 јуни – Светски ден за заштита на животната средина
16 септември – Светски ден за заштита на озонската обвивка
22 септември – Меѓународен ден без автомобили
8 октомври – Меѓународен ден за намалување на уништувањето на природата
16 октомври – Меѓународен ден на храната

**** Ден на дрвото- ден на еколошка акција***
**** Ден на акција на еко-училиштата***
**** Ајде Македонија – еколошка акција***

Планирана активност	Учесници	Начин на реализација	Време на реализација
Одбележување на Светскиот ден без автомобили	Наставници, ученици, родители	Доаѓање на училиште без автомобили, запознавање со штетноста од издувните гасови од автомобилите	*** 22.09.2015 год.**
„Три дена на Екологијата“	Наставници, ученици, родители	*„Здрава храна за детство без мана“ - секој ученик да носи овошје за ужина, барем еден ден без чипс, газиран сок, чоколади *Организирање акција за собирање на стара хартија- секој ученик да донеси стара хартија *Ден со велосипеди – поттик за учениците но и наставниците барем овој ден да дојдат на училиште со велосипед или пешачејќи	*20**.10.2015 год.** ***21.10.2015 год.** ***22.10.2015 год.**
„Здравје во чаша и чинија“	Наставници, ученици, родители	* На штандови ќе се изложат приготвени салати, здрава храна, свежо исцедени сокови	* **27.10.2015 год.**
Модна ревија со креации од рециклирани материјали	Наставници, ученици, родители	* Изработка на креации од рециклирани материјали, организирање на модната ревија	* **27.10.2015 год.**
Училишен фест – продажба на изработки од рециклирани	Наставници, ученици, родители	* Изработка на предмети од рециклирани материјали кои ќе бидат изложени на штандовите за продажба	***17.11.2015 год.**

материјали			
Украсување на училниците, ходниците по повод Нова Година со изработки од рециклирани материјали	Наставници, ученици, родители	* Изработка на предмети од рециклирани материјали со новогодишна содржина (снегулки, Дедо Мраз, Снешко и др.)	***19.12.2015 год.**
Моќта на лимонот	Наставници, ученици, родители	*Запознавање на учениците со силната моќ на лимонот кој содржи најмногу витамин Ц, од кои болести не заштитува ако редовно го конзумираме (прибирање на податоци од интернет) *припремање на лимонада и дегустирање	* **23.12.2015 год.**
Заштита од настинки и грип	Наставници, ученици	*Предавање како да се заштитиме во ладните зимски денови од настинки и грип, на кој начин да се излечиме *штетноста на антибиотиците (прибирање на податоци од интернет)	*** 24.12.2015 год.**
Уредување на училниците по завршување на зимскиот распуст	Наставници, ученици , технички персонал	* Оплеменување на просторот, освежување на просториите, отстранување на непотребните предмети со кои беа украсени училниците по повод Новогодишните празници	*** 21.01.2015 год.**
Собирна акција во ПВЦ амбалажа	Наставници, ученици, родители, техничка служба	* Собирање на пластични шишиња, продажба на истите и намена на средствата за потребни материјали во училиштето	*** 09.02.2015 год.**
Работилница „	Предметни	* Запознавање на учениците со алтернативните извори на	*** 05.03.2015**

Алтернативни извори на енергија“- одбележување на Светскиот ден за заштеда на енергија	наставници, ученици од предметна настава	енергија оние кои не ја загадуваат околината (производство на енергија од сонце, ветер, вода)	**год.**
Изработка на Осмомартовска честитка од рециклирана хартија	Одделенски наставници, ученици од одделенска настава	* Прибирање идеи за изработка на честитка, примена на стара хартија од која ќе се изработат честитки, цветови итн.	***06.03.2015 год.**
***Садење и оплеменување на училниците со саксиско цвеќе по повод доаѓањето на пролетта * Пишување на еко пораки**	Наставници, ученици	*Пренамена на пластични кутии во саксии, снабдување на земја за засадување на цвеќе, наоѓање на соодветен простор каде ќе се постават цвеќињата	***20.03.2015 год.**
„Да го разубавиме училишниот двор“	Наставници, ученици, технички персонал	* чистење на дворот, садење цвеќиња, бојадисување на клупите во дворот	***** **23.03.2015 год.**
Трибина „ Како правилно треба да ни изгледа дневното мени за да бидеме витки и здрави“	Директор, наставници, ученици, стручно лице - нутриционист, родители,	* Избирање на предавач на трибината, организација на простор и техничка поддршка, покана на медиуми со цел зголемување на свеста кај пошироката околина за придобивките од конзумирање на здрава храна	***** **07.04.2015 год.**

	стручна служба,		
Еко – квиз – Одбележување на Светски ден на планетата Земја	Директор, наставници, ученици, стручно лице - нутриционист, родители, стручна служба,	* Организирање на меѓуодделенски квиз, составување на прашања од страна на наставниците, формирање на екипи, одредување на правила, изготвување благодарници	*** 22.04.2015 год.**
Како да го спречиме глобалното затоплување – Одбележување на светски ден за заштита на климата	Наставници по македонски јазик, ученици	* Пишување состав на дадена тема „ **Како да го спречиме глобалното затоплување“**	***15.05.2015 год.**
Уредување на блискиот парк – одбележување на Светскиот ден за заштита на животната средина	Наставници, ученици *во соработка со комунална служба од ЈКП„Комунал ец“ - Битола	* Собирање на отпадот од паркот (хартија, пластика) ***** наводнување на тревата * поправка и обојување на кантите за отпад * засадување на цвеќиња	*** 05.06.2015 год.**

За успешна реализација на предвидените активности потребна е голема активираност и вклученост на сите : наставници, ученици, директор, стручна служба, технички персонал, локална заедница и секако поддршката и соработката со родителите.

Проект за меѓуетничка интеграција во воспитно образовниот систем

Извештај

за остварени заедничкии самостојни активности на
ОУ „Стив Наумов„ – Битола
со партнер училиште
ОУ „Братство Миќени„ – Тетово
проектот ПМИО

Проектот за меѓуетничка интеграција во образовниот систем беше воведен од страна на МОН и USAID од 2012 год. Цел на проектот е прифаќање на сличностите и почитување на разликите, учење еден за друг, заемна толеранција и разбирање меѓу сите етникуми кои живеат во нашата татковина.
На крајот на минатата учебна година 2012/2013 беше остварено парнерство помеѓу нашето училиште ОУ ,,Стив Наумов ,, и ОУ,,Братство Миќени ,, од Тетово. Понатамошните активности продолжија со почетокот на новата учебна година 2013/2014 со што реализирани се следниве работилници и активности со партнер училишето:

- ✓ **Изготвен Акционен план за заеднички активности со партнер училиштето .**
- ✓ **Усогласување на заедничките активности со партнер училиштето од страна на координаторите на двете училишта.**
- ✓ **Скајп состанок на наставници.**

- ✓ Избрани наставници од двете училишта,
- ✓ воспоставена интернет врска во училиштата,
- ✓ телефонска комуникација,
- ✓ пишани насоки за заеднички активности-размена

Остварена прва работилница со ученици од двете училишта.

- Договорен план и динамика на активностите
- Училница
- Обезбеден превоз на учениците(договореното место за средба Тетово)

Остварена прва скајп средба со учениците од партнер училиштето.

- Група на ученици од два класа
- Избрани ученици кои ќе го водат состанокот и ќе дискутираат
- Интернет врска и аудио-визуелна врска-Договорени правилата за комуникација и начинот на избирање на заеднички места
- Договорени предложените места за истражување

Остварена прва средба со учениците од партнер училиште.

- Пристигнување на договорено место.
- Меѓусебно запознавање на учениците и наставниците и посета на културни знаменитости во градот.
- Разгледување на Старата Тетовска Чаршија
- Посета на Шарена Џамија.Посета
- Посета на музејот на народниот херојГоцеСтојчевски.
- Договор за идни заеднички активности од проектот.

Остварена втора работилница со ученици

- Учество на ученицитет од партнет училиштето на ликовен и литературен конкурс по повод патронен празник на училиштето ,,Стив Наумов,,-Битола На тема ,,Децата -мост помеѓу генерациите,,

Следење на активностите по повод патрониот празник од страна на партнер училиштето

- беше осрварена преку **линк со скајп врска** каде учество зедоа учениците од двете училишта . Учениците се представија со музички точки. Потоа беа доделени наградите од литературниот и ликовниот конкурс. Беа наградени следните ученици:

Литературен конкурс
Втора награда

Леона Апостоловска 3-1 одд.
ОУ „Братство-Миѓени“-Тетово

Прва Награда

Снежана Стојановска 7-1 одд.
ОУ „Братство-Миќени“-Тетово

Ликовен конкурс

Трета награда

Матеј Бошковски 3-2 одд.
ОУ „Братство-Миќени“-Тетово

Прва награда

Алие лума 8-4 одд.
ОУ „Братство-Миќени“-Тетово

- **Заедничка активнос за новогодишен панаѓур под мотото „Детските искрени новогодишни честитки“, организиран од страна на училиштето ,,Братство Миќени,,** во кое нашите ученици зедоа активно учество со изработка на честитки со искрени желби .Исто така беше подготвена пригодна програма со драматизации и музички точки кои линковски беа пренесени до партнер училиштето.
- **Одржани и реализирани заеднички интегрирани часови со колеги од партнер училиштето**
- **Од самостојните активности за проектот МИО во нашето училисте се реализираа следните активности**
    - Демократско избиране на одделенската заедница
    - Демократско избиране на Училишната заедница
    - Одржани по три работилници од животни вежтини
    - Одржани заеднички часови и изработка на проекти
    - Изведена е акција за промена во училишниот простор

Реализираните активности беа успешни истите придонесоа за подигнување на мотивацијата за работа. Соработка помеѓу одговорните лица на училиштата директорот на ОУ Братство Миќени Ариф Цека, и директорката на ОУ Стив Наумов Битола м-р Билјана Рахманова Тасева, како и помеѓу наставниците и учениците беше проследена со искрени емоции и желби за понатамошна успешна соработка.

Имплементацијата на содржините и активностите од Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието од прво до деветто одделение ќе овозможи нов пристап кон решавање и подобрување на меѓуетничката интеграција и клима во двете училиштата.

Акционен план за заеднички активности на ОУ “Стив Наумов “ – Битола со партнер училиштетоОУ“ Братство Миќени“-Тетово

учебна 2014-2015 год

конкретен чекор	очекуван резултат(продукт)	(пред)услови	реализатори	термин од/до
Скајп состанок на наставници	Договорен план за реализација и динамика на проектот	-Избрани наставници од двете училишта -Воспоставена интернет врска во училиштата -Телефонска комуникација -Пишани насоки за заеднички активности-размена	Одделенски наставници	**Септември**
Прва работилница со ученици од двете училишта	Учениците се запознаваат меѓу себе,предлагаат места кои би ги посетиле,се договараат за начинот на понатамошна комуникација	-Договорен план и динамика на активностите -Училница -Обезбеден превоз на учениците(договореното место за средба Тетово)	Одделенски и предметни наставницин наставници Ученици втората и трета возрасна група возрасна група	**Октомври**

Прва скајп средба со учениците од друго училиште	Учениците се запознаваат и одбираат места за кои ќе истражуваат	-Група на ученици од два класа -Избрани ученици кои ќе го водат состанокот и ќе дискутираат -Интернет врска и аудио-визуелна врска-Договорени правилата за комуникација и начинот на избирање на заеднички места -Договорени предложените места за истражување	Одделенски наставници Ученици од втората возрасна група	**Октомври**
Прва средба со учениците од друго училиште	Меѓусебно запознавање на учениците и наставниците и посета на културни знаменитости во градот , разглед на старата тетовска чаршија Пристигнување на договорено Посета на музејот на народниот херојГоцеСтојчевски Договор за идни заеднички активности од проектот	Договорен план и реализација на динамика на посетата Избор на наставници и ученици од двете училишта	наставници и ученици од двете училишта	**Октомври**
Втора работилница со ученици	Учество на ученицитет од партнет училиштето на ликовен и литературен конкурс по повод патронен празник на училиштето ,,Стив Наумов,,-Битола.Следење на активностите по повод патрониот празник(Посета од страна на партнер училиштето)	Договорен план и динамика на активностите Контакти со стручни лица Испратена покана за учество на ликовен и литературен конкурс. Покана за присуство на свечена приредба по повод пароniот празник	Наставници Ученици од сите возрасни групи	**Октомври**
Трета	Изработен план за истражувањето и определени се	-Подготвени материјали и	Одделенски	**Декември**

работилница со ученици	изворите на информации,методите на истражување и воспоставени тимови со определени задачи	работни листови за работилници -Листа со веб страни -Листа со литература -Контакти со стручни лица -Рецитали,драмски текстови,музичко-ритмичка точка,литературни читања	наставници Ученици од првата ,втората ,трета возрасна група	
Истражување на терен	Собрани информации од различни извори	-Тимови ученици со јасно определени задачи -Интернет -Посета на Музејот на албанската азбука -Интервју со стручно лице	Ученици од првата и втората возрасна група	**Февруари**
Обработка на информации	Анализирани податоци	-Работилница за презентирање на податоци -Дискусија за добиените податоци	Одделенски наставници Ученици од втората возрасна група	**Февруари**
Втора скајп конференција	Разменети информации и договорени следни чекори	-Интернет врска -Избрани претставници на група презентери -Модератори на дискусија	Одделенски наставници Ученици од втората возрасна група	**МАРТ**

Изработка на заеднички блог или FB страна	Блог страни со податоци	-Избрани содржини за блог страна -Избрани модератори на блог страните -Правила за објавување и коментари на блоговите -Определена динамика за поставување на содржините -Определена стратегија за промовирање на страната	Одделенски наставници Ученици од двете возрасни групи	**Март**
Заедичка подготвка за презентација завршна средба	Учениците од двете училишта имаат подготвено заедничка презентација на проектните активности,определени се датумите за презентација	-Обезбедена просторија за подготовка на презентацијата(медиотека) -Електронски покани -Обезбедени материјали за изработка на презентацијата	Одделенски наставници Ученици од втората и трета,возрасна група	**Април**
Заедничка презентација во секое училиште	Спроведени работилници по две во секое училиште-двете презентации се подготвени заеднички од учениците од двете училишта	-Обезбеден простор и термин во училиштата Родители,наставници,ученици, Претставници на локалната самоуправа се поканети на презентациите	Ученици, Наставници, Управен одбор, Одбор на родители, Локална самоуправа	**Април**
Изготвување извештај од заедничкиот проект	Пишан документ	-компјутери	Одделенски наставници	**Април**

Проект ,,Градиме мостови“

ОУ „Стив Наумов“-Битола подготви апликација за реализација на проектот „Градиме мостови“ кој е поддржан од страна на МОН и Швајцарската амбасада.

Цел на проектот е подобрување на мултиетничката соработка помеѓу учениците и подобрување на условите за работа на учениците.

Активностите од проектот „Градиме мостови“ ќе опфатат подготовка, снимање, монтажа и презентација на 3 едукативни видеа во вид на спотови во траење до 5 мин. Учениците ќе работат во мешани мултиетнички групи (тимови) заедно со учениците од партнер-училиштето „Крсте Петков Мисирков“-с. Бистрица (подрачно училиште-с. Кишава), и во текот на подготовката и реализацијата на активностите, заеднички ќе учат, ќе соработуваат, ќе истражуваат, ќе изработуваат и ќе ги промовираат видеата. Во реализацијата на активностите ќе бидат вклучени родители, наставници, стручни соработници, професионалци и претставници на локалната заедница. За реализација на проектот ќе биде оспособена посебно опремена просторија во училиштето која ќе располага со интерактивна (смарт) табла и вграден проектор кои ќе бидат искористени за воспоставување видео-линк со партнер-училиштето, а со тоа ќе се овозможи брза и постојана комуникација на учениците и наставниците, за подготовка и реализација на активностите во сите три фази на проектот. Со употреба на интерактивната табла и вградениот проектор со соодветен аудио систем, ќе се реализира проверка и подготовка на снимениот видео и аудио материјал за реализација на едукативните видеа (спотови), монтажа и промоција на видеата пред поширокатa јавност.

Хортикултурно уреден и мултифункционален училишен двор

Опис на проектот Нашето училиште ОУ “Стив Наумов”- Битола е лоцирано во централното градско подрачје и истото датира од 1912 год. Училиштето брои вкупно 767ученици од различни националности. Во задниот дел училиштето располага со 2000m квадратни неурбанизирана дворна површина. Истото располага со фискултурна сала која е стара колку и самото училиште во која условите за изведување на настава особено за големиот број на ученици се минимални. Во состав на училиштето, во две смени , работи дневен престој кој брои 40 ученици што навистина е број кој треба да се почитува, негува и зголемува.

Веќе неколку години нашето училиште е активно вклучено во програмата еко-училиште и работи на подигање на свеста за заштита на животната средина и стекнување на навики кај наставниците, учениците, локалното население, за рационално користење на електричната енергија, вода, заштита на природните богатства, зголемување на бројот на дрвја и озеленување, на дворната површина. Спроведените активности преку учениците и медиумите се пренесуваат во сите домови и целата општина.

Горенаведеното не поттикна да размислувме во правец на урбанизација на училишниот двор со што учениците би добиле простор во кој ќе ги изведуваат слободните ученички активности, како и дел од наставата и еко активностите. Посебно важно да се истакне во архитектонското решение на дворот е дека тој е поделен на неколку сегментии и тоа:
- детско игралиште кое ќе содржи како центар за рекреација на учениците посебно оние кои целодневно престојуваат во училиштето во престојот (во кој има деца од 5-10 годишна воздраст). Според архитектонското решение детското игралиште се состои од клацкалки, лизгалки, лулашки, клупи, кукичка хортикултурно е уредено и има бехатонски и асфалтни пристапни патеки.

- Покриена училница на отворено во која би се изведувала настава
- Амфитеатар во која би се изведувале активности од секојдневниот живот на училиштето ораторски претстави, драматизации...
- патека за рекреација
- фонтана

Целокупниот проект е подржан од учениците, родителите и од локалната самоуправа.

Општа цел и специфични цели на проектот

Општа цел на проектот е обезбедување на простор на учениците за рекреација преку урбанизација на училишниот двор и негова пренамена во мултифункционален објект.

Специфични цели:

- Зголемување на еколошката свест кај учениците преку активности кои ќе се организираат и спроведуваат во дворот
- Оплеменување и менување на изгледот на овај дел од училиштето
- Озеленување на површина од 200 м2
- Изградба на детско игралиште наменето првенствено за учениците од престој во кое истите активно ќе го минуваат слободното време.
- Зголемување на безбедноста на учениците
- Зголемување на бројот на ученици во училиштето

Сите овие активности се со цел да се уреди дворот на начин на кој максимално ќе користи за потребите на сите кои престојуваат во училиштето, а во исто време да биде смислено и функционално уреден според сите еколошки параметри. Проектот се изведува во 3 фази.

Првата фаза е целосно реализирана а тоа е :

- *Ископ на бунар*
- *Спроведување на водоводна инсталација – систем капка по капка*
- *Спроведување на електрична инсталација*

- *Осветлување со рефлектори*
- *Изведен е систем за собирање на дождовница која ќе се користи за хигиенско санитарни потреби во тоалетите*
- *изведен е потпорен зид во задниот дел на училиштето*
- *санирана е и бојадисана училишната ограда*
- *отворен е нов влез кон училишниот двор од страна на улицата*
- *поставена е безбедна патека до влезот на училишната зграда.*

Втората фаза е во тек, а тоа е:

- *конструирање на покриена училница*
- *конструирање на амфитеатар*
- *подготовка – тампонирање на терен за поплочување со бехатон плочки*

Третата фаза следува преку активностите:

- *поставување на бехатон плочки*
- *обезбедување директна коминикација помеѓу училишната зграда и дворот*
- *оплеменување на игралиште за игра, забава и учење преку игра*
- *поставување на корпи, клупи и хортикултурно уредување на дворната површина.*

Очекувани резултати

Да се обезбеди простор во кој учениците непречено и активно ќе се рекреираат и ќе реализираат дел од училишните активности. Овај дел од посебна важност е за учениците кои повеќе од 8 часа се во училиштето и кои во моментот немаат можност дел од времето да минуваат во активности надвор од училница. Со реализација на овај проект секако ќе се зголеми и безбедностаа на учениците. Активностите кои ќе се спроведуваат ќе овозможат зголемување на еколошката свест кај сите субјекти во училиштето.

Индирекна придобивка се очекува да биде зголемување на бројот на новозапишани деца во училиштето.

Проект: Кај ми се комшиите?

Опис на проектот:

Цели:

- Проектот: ,,Кај ми се комшиите“ е едукативна платформа, и едукативна алатка во исто време за истражување и зачувување на споменот од Битолските Евреи .
- Користа од проектот е повекестрана. Ги подготвува, и учи учениците на тоа како: се прави истражување,
- Проектот е лабараторија за користење на модерни и иновативни начини на учење.
- Ја вклучува заедницата, и научните институции во градот, државата и соработува со меѓународни организации.
- Проектот создава готови производи кои се надградуваат и користат во следните развојни фази од проектот.
- Кај ми се комшиите е економичен проект -во смисла (во смисла на време, ресурси, финанси) бидејќи ги користи расположлите ресури од училиштето, заедницата.
- Проектот е вон наставна интегративна платформа која вклучува повеќе предмети од предметн настава (историја, македонски, Нашата татковина етика во религиите, информатика, ликовно)
- Има длабоки морални и етички темели-учи за вистинско вреднување на предрасудите
- учи за силата на заедница, за различностите

Други цели важни за учениците:

1.	Да ја запознае историјата на градот која е поврзана со Битолските евреи
2.	Да го искористи градот како училница спојувајќи го теоретското учење ипрактичното
3.	Новите генерации да станат сведоци на настани кои се случиле во минатото
4.	Да се применат иновативни методи во наставата
5.	Учењето да биде забавно!!!!
6.	Да научи како се прави научно истражување
7.	Да го запознае ладино јазикот , преку песни поговорки иизреки..Да за звучи повторно во битола.
8.	Да реконструрира обичаи кои се поврзани со Битолските евреи

Очекувани исходи:

Ученикот:
9. Ја запозна историјата на градот која е поврзана со Битолските евреи
10. Го искористи градот како училница спојувајќи го теоретското учење ипрактичното
11. Новите генерации да станат сведоци на настани кои се случиле во минатото
12. Се применија иновативни методи во наставата
13. Учењето е забавно
14. Научи како се прави научно истражување
15. Го запозна ладино јазикот , преку песни поговорки иизреки...
- Реконструрира обичаи кои се поврзани со Битолските евреи
- УЧЕНИЦИТЕ ИМ ОДАВААТ ПОЧИТ НА НИВНИТЕ КОМШИИ

Иновативен аспект на проектот
- Училницата да стане музеј, библиотека, а библиотеките, архивите, музеите да станат наша училница
- Користење на дигитални технологии и создавање на надградливи бази на податоци
- Резултати од проектот да бидат алатка за учење

Учесници:

Ученици од 6 одделение етика во религиите (наставникот ги интегрира содржините на предметот етика во религиите со целите на проектот Кај ми се комшиите) Се вклучуваат и ученици од 7 и осмо со наставниците по македонски јазик и другите наставници споменати

Време на реализација-
Фаза А:Почеток на проектот -2012-2013,
Фаза Б: Учебната 2013-2014,
Фаза В; Учебна 2014-2015

Реализирани активности по фази:

Фаза А:

1. Контакт со научните институции во градот, музејит на холохаустот, и меѓунароси организации
2. Учениците истражуваат во локалните научни институции. Исторриски архив, ЗМГ Битола, Универзитетска Библиотека св. Климент Охридски-Битола,
3. Контакти со Центропа (Меѓународна организација за зачувување на спомент на Евреите и негување на современи едукативни методи и техники)
4. Реализирање на проектот: Ден на музеите каде се презентираа резултатите од проекто

5. Профункционира страницата на facebook која служи како база на податоци.
6. Сите фази и планирани во портфолиото на кординатрот Драган Ѓоргиевски
7. Учество на меѓународната академија на Центропа во Берлин каде учествуваа професори 15 земји,.

Фаза Б:
Тема на годината: По стапките на еден филм, една судбина …….

Мотиви:

1. Градот наша училница
2. Тргнавме од филмот за Бено Русо и Роза Камхи и решивме да одиме и да ги истражиме местата кои се споменати во филмот, да ги снимиме, регистрираме во контекст на нивната современа улога, и функција.
3. Го регистрираме течењето на времето, промените.
4. Зборуваме за старите наши сограѓани во разговор со современите.
5. Зборуваме за Битолските евреи
6. Го реконструираме минатото, учиме за него
7. Зазвучи јазикот на Битолските евреи -Ладино повторно од устите на младите Битолчани.
8. Ги реконструираме обичаите на битолските Евреи.

Готови производи:

- Зборуваме ладино-јазикот на Битолските Евреи (работилница) види Извадок – Повторно Ладино во Битола
https://www.youtube.com/watch?v=_eqvcdLm5Y0
- Собираме матријали за документарен филм

Фаза В.-Го комплетираме документарниот филм

- ги користиме материјалите од претходните фази
- Целосно планирање во портфолиото на кординатотот
- Учество на конкурсите на Музејот на Холохаустот и на Центропа

Годишна програма за работа на Училишен одбор 2014/2015 год.

1. ***Дефиниција на училишен одбор***

Училишниот одбор е орган одговорен одговорно за управувањето со училиштето. Неговите улоги и состав се дефинирани со закон. Училишните одбори опфаќаат претставници на внатрешната заедница на училиштето: директорот, професионален образовен кадар и родители; училишните одбори вклучуваат претставници од локалните и националните нивоа на власт, како и волонтери од деловната и контекстуалната заедница. Улогите на училишните одбори обично покриваат области како: визија за училиштето, избор на клучен персонал, финансиски надзор, следење на квалитет и оценување, следење на благосостојбата на учениците, како и подобрување на односите со централните и локалните власти.

2. Форма и структура на училишниот одбор

Училишниот одбор е орган на управување на училиштето предвиден со закон. Тоа значи дека училишниот одбор управува со училиштето во сите негови сегменти и во тоа не може да биде ограничуван од никој се додека своите активности ги врши во рамките на законските пропишани надлежности.

По својата структура, училишниот одбор е колегијален орган што значи дека е составен од повеќе членови. Бројот на членови на училишниот одбор и неговата структура е пропишана со закон. Така, основните училишта имаат училишни одбори составени од 9 (девет) члена и тоа:

- 2 претставници на основачот;
- 3 претставници на родителите односно старателите на учениците;
- 3 претставници на наставниците, стручните соработници и
- воспитувачите; и,
- 1 претставник на Министерството за образование и наука.

- Vrz osnova na ~len 124 od zakonot za osnovno obrazovanie,U~ili{niot odbor e organ za upravuvawe na osnovnoto u~ili{te.
- U~ili{niot odbor e sostaven od 9 ~lena koi se imenuvaat za period od 3 god. I odlukite se donesuvaat so mnozinstvo na glasovi od vkupniot broj na ~lenovi na odborot

1. **Билјана Толевска –**претседател
2. **Оливера Филиповска** - претставник од Наставнички совет
3. **Наташа Костовска -** претставник од Наставнички совет
4. **Елизабета Јадровска** - претставник од Совет на родители
5. **Гордана Трајковска -** претставник од Совет на родители

6. **Јованка Димовска –** претставник од Совет на родители
7. **Васко Јошевски -** претставник од МОН
8. **Марија Јолевска -** претставник од локална самоуправа
9. **Светлана Марковска -** претставник од локална самоуправа

ПРИЛОЗИ

- Годишна програма за работа на УО
- Деловник за работа на УО
- Етички кодекс на УО

Програма за работа на Училишниот одбор
за учебната 2014/2015 година

Училишниот одбор - активен фактор за креирање на современа и модерна настава по Европски терк.Соработката меѓу органот на раководење и органот на управување во едно училиште сигурно води кон успех и унапредување на дејноста на училиштето

СЕДНИЦИ НА УЧИЛИШЕН ОДБОР

Реден број на седница	Содржина на седницата – дневен ред	Време на одржување
1	1. Донесување на годишна програма за работа на училиштето. 2. Давање на мислење до директорот за прием на наставници за учебната 2014 /2015 год. и приговори на учителите,воспитувачите,наставниците, стручните работници и родителите. 3.Утврдување (донесување) на годишна програма за работа на училишниот одбор 4. Усвојување на актите.	**Август 2014**
2	1. Формирање на тимови согласно Правилникот за организирање ученички екскурзии и донесување на одлука за нивно одобрување 2. Информација за спроведување на Акциониот план на Училишниот одбор во врска со надминување на слабите страни утврдени во Извештајот од интегралната авалуација и преземање на активности за престојната интегрална евалуација 3.Анализа на предложени активности од Проектот за меѓуетничка интеграција и	**Септември 2014**

	усвојување на планот за МИО за 2014/15 година	
3	1. Разгледување на успехот и поведението на учениците до крајот на првото тримесечие 2. Решавање на тековни прашања кои произлегуваат од работата на училиштето. 3. Разгледување на извештаи според планот за следење на процесите на годишната програма.	**Ноември 2014**
4	1**.** Разгледување на полугодишниот извештај. 2**.** Подготовки за подобрување на условите за работа за поуспешно извршување на работата во второто полугодие.	**Јануари 2015**
5	1**.** Усвојување на Годишната пресметка за финансовото работење на училиш тето за 2013 година. 2. Донесување финансиски план за 2015 год. и тековни прашања. 3.Подготовки за одбележување на денот на училиштето. 4.Информација за соработката со Советот на родители	**Февруари 2015**
6	1. Разгледување на успехот и поведението на учениците на крајот од третото тримесечје. 2. Анализа на подготовките за ученички натпревари 3. Тековни прашања.	**Април 2015**
7	1. Разгледување на годишниот извештај за успехот и поведението во учебната 2014/2015 година. 2. Превземање мерки за подготовка за почетокот на новата учебна година.	**Јули 2015**

Деловник за работа на училишен одбор

Врз основа на чл. _____ од Статутот на Основното општинско училиште **СТИВ НАУМОВ-БИТОЛА**,
училишниот одбор на седницата одржана на ден _____
година, усвои

Д Е Л О В Н И К

За работа на училишниот одбор на Основното **општинско училиште**

Општи одредби

Чл. 1

Со овој Деловник се регулира начинот на работа на училишниот одбор на Основно Училиште “Стив Наумов” - Битола
(во натамошниот текст-Одборот)

Чл. 2

Одредбите на овој Деловник се однесуваат на членовите на училишниот одбор.

Чл. 3

Училишниот одбор расправа и одлучува по прашања во врска со работата на училиштето (дејност) кои во негова надлежност се утврдени со Закон, подзаконски акти и нормативни акти на училиштето.

Чл. 4

Орган на управување во училиштето е училишниот одбор. Училишниот одбор брои 9 члена и тоа: 2 претставника на основачот, 3 претставници од родителите односно старателите на учениците, 3 преставници од наставниците и по 1 претставник од Министерството и од локалната самоуправа

Претставниците на родителите односно старателите на учениците, од основачот и од Министерството не можат да бидат именувани односно избирани од редот на вработените во училиштето. Претставниците на основачот ги именува односно разрешува Советот на општината.

Претставниците на родителите, односно старателите на учениците ги именува и разрешува Советот на родителите, претставниците на наставниците ги именува и разрешува наставничкиот совет на училиштето,претставникот на Министерството го именува и разрешува Министерот.

Мандатот на членовите на училишниот одбор е определен со Закон. На членовите на училишниот одбор претставниците од родителите на учениците се именуваат со мандат согласно закон, но не подолго од времето на завршувањето на основното образование на нивното дете.

Чл. 5

Мандатот на членовите на училишниот одбор започнува од неговото конституирање.

Конститутивната седница на училишниот одбор ја свикува и до изборот на претседател претседава најстариот

претставник.

Училишниот одбор од редот на своите членови избира претседател.

Претседател, заменик претседател и комисии како помошни тела на училишниот одбор се избираат по пат на предлог со јавно гласање.

Подготовка, свикување и работа на седниците на училишниот одбор

Чл. 6

Училишниот одбор работи на седници.

Чл. 7

Седницата на одборот се свикува по потреба, но најмалку еднаш во месецот.

Чл. 8

Седниците на училишниот одбор ги свикува и со нив раководи претседателот. Во отсуство на претседателот со седницата раководи заменикот претседател на училишниот одбор.

Седниците на училишниот одбор ги свикува претседателот на одборот и тоа:

- по своја иницијатива;
- по барање на директорот;
- по барање на една третина од вкупниот број членови на училишниот одбор;
- по барање на една третина од вкупниот број вработени во училиштето;
- по барање на Советот на родители во училиштето.

Чл. 9

Училишниот одбор може да работи само ако се присутни повеќе од половина од членовите.

Ако нема доволен број членови за одржување на седницата, седницата се одложува.

Чл. 10

По констатирањето на мнозинството присутни членови на состанокот, претседателот на одборот го отвора состанокот и го чита дневниот ред, ги повикува членовите да се изјаснат по него или да дадат свои предлози за евентуални измени или дополнувања на дневниот ред.

Чл. 11

Претседателот на одборот дава збор на членовите за дискусија. Доколку оцени дека расправата по одредени точки ќе трае подолго време може да ја ограничи дискусијата и да не дозволи повторно учество во дискусијата.

Чл. 12

По исцрпувањето на дискусијата по одредена точка од дневниот ред, претседателот формира заклучок, став или ја соопштува одлуката која треба да се донесе, потоа се врши гласање. Доколку согласно деловникот се донесе заклучок, став или одлука, претседателот го чита донесениот заклучок, став или одлука и го прогласува за донесен.

Донесените заклучоци, ставови или одлуки на училишниот одбор се издвојуваат во посебен документ кој го потпишува претседателот на училишниот одбор, а потоа се архивира и објавува.

Чл. 13

Од седницата на одборот се води записник. Записникот го води секретарот на училиштето. Во записникот сезапишува терминот на одржување на седницата, бројот на присутните, односно отсутните членови, дневниот ред, вократки црти од дискусиите, предлози и нивните предлагачи, заклучоци и одлуки.

Записникот се чита, корегира и усвојува на првата нардна седница на училишниот одбор, а го потпишуваат претседателот и записничарот.

Чл. 14

Заклучоците, ставовите и одлуките на училишниот одбор се донесуваат со мнозинство гласови од вкупниот број членови на одборот кои имаат право на одлучување.

Чл. 15

Гласањето по правило е јавно, ако одборот одлучи за поедини точки, може да гласа и тајно. Тајно гласање за одредени прашања може да бидат предвидени и во Статутот на училиштето.

Процедурата за тајно гласање сепропишува во Статутот, а ако не е регулирано со Статутот на ушилиштето Зза тајното гласање се формира тричлена комисија. Гласовите од јавното или од тајното гласање се запишуваат во записникот.

Чл. 16

Редот на седницата го одржува претседателот на одборот. Ако некој од членовите на одборот или друго лице ја попречува работата на одборот, претседателот ќе го опомени. Ако по опомената лицето продолжи со попречувањето на работата, претседателот ќе го замоли да ја напушти седницата. Доколку не се отстранат пречките за нормална работа, претседателот ќе ја прекине седницата за 15 минути или ќе ја презакаже седницата за друг термин.

Чл. 17

Со одобрение на претседателот на одборот, на седницата може да присуствуваат заинтересирани вработени или други лица.

Чл. 18

Ако по причините наведени во член 16 заради член на одборот два пати се прекине седницата или ако член на училишниот одбор три пати неоправдано отсутен од седница, претседателот на училишниот одбор е должен да покрене постапка за негово отповикување и избирање на нов член.

Чл. 19

Деловникот за работа влегува во сила со неговото усвојување од училишниот одбор и потпишување од претседателот.

Битола

Училишен одбор
Претседател
Билјана Толевска

Етички кодекс

Етичкиот кодекс ги истакнува очекувањата на членовите на училишниот одбор и го оформува нивното однесување. Етичкиот кодекс може да се однесува на работи како на пример: ограничување на улогата и одговорностите на училишниот одбор, на конфликт на интереси и начинот на кој членовите се очекува да се однесуваат, на интересот за зачувување на демократските принципи и минимизирање и/или справување со конфликти.

Како член на училишниот одбор ќе работам за најдобрите интереси на училиштето како целина и до крај ќе се држам до следните образовни и етички стандарди:

1) Ќе ги остварувам саканите промени преку законски и етички процедури, поддржувајќи ги и применувајќи ги сите законски правила од Законот за образование и Статутот на училиштето.
2) Ќе носам одлуки за образовната благосостојба на сите деца во училиштето, без разлика на нивната состојба, раса, пол или социјален статус.
3) Ќе бидам отворен, фер и искрен и нема да имам скриени намери.
4) Ќе прифатам дека училишниот одбор одлуките ги носи тимски.
5) Ќе го почитувам правото на различни мислења и идеи кај останатите членови на одборот.
6) Ќе донесувам одлуки само откако фактите ќе се изнесат и дискутираат.
7) Ја разбирам хиерархијата во училишниот одбор. Делувам само откако ќе ги ислушам препораките на Претседателот на УО.
8) Нема да давам лични ветувања, ниту да правам нешто на своја рака што може да го компромитира училишниот одбор.
9) Ќе ги извршувам моите одговорности, не за да управувам со училиштето, туку заедно со моите колеги - членови на одборот да внимавам добро да се извршуваат.
10) Ќе го поддржувам и штитам училишниот кадар во правилното извршување на нивните задолженија. Ќе инсистирам на нивно редовно и непристрасно оценување.
11) Ќе гласам да се назначи најквалификуван кадар за правилно извршување на нивните задолженија.
12) Ќе се држам до принципот дека јавното работење треба да се изведува пред очите на јавноста во духот на законот за слобода на информацијата, одржувајќи затворени состаноци само кога ќе се работи со деликатни прашања.
13) Ќе ги држам во тајност сите работи кои се однесуваат на училиштето, кои ако се обелоденат непотребно ќе им нанесат штета на поединци или на училиштето. Ќе ја почитувам доверливоста на информациите кои се заштитени со закон. За сите останати работи, ќе обезбедам точни информации и во

согласност со моите колеги - членови на одборот, ќе ги изнесам пред оние кои ме делегираа.
14) Никогаш нема да користам информација која во доверба била кажана при работење на одборот со цел да остварам личен профит или лична корист од секаков вид.
15) Ќе присуствувам на сите редовни, планирани состаноци на одборот и ќе се информирам за предметите кои ќе се разгледуваат на тие состаноци.
16) Ќе настојувам да носам одлуки за политиката на училиштето само по целосните одлуки на јавно одржаниот состанок на одборот. Ќе ги носам сите одлуки врз основа на познати факти, и тоа нема да го предадам на поединци или определени групи.
17) Ќе поттикнувам слободно изразување на мислењето и ќе барам систематска комуникација помеѓу членовите на одборот, персоналот во училиштето и локалната заедница.
18) Ќе се информирам за актуелни образовни проблеми преку индивидуални проучувања и со учество во изработката на годишната програма.

- Етичкиот кодекс на училишниот одбор е морален манифест за лично однесување што го очекува заедницата од членовите на УО. Следниве вредности се основа за етичко однесување на одборот:

1. Почитување на интегритетот и достоинството на личноста

Сите членови на училишниот одбор треба да бидат почитувани како личности во согласност со човековите права, нивниот интегритет и достоинство. Исто така треба да имаат обврска и одговорност кон останатите и во поглед на однесувањето да бидат искрени и непристрасни.

2. Еднаквост и праведност

Секој член на училишниот одбор треба да се однесува во согласност со принципите на еднаквост и праведност на начин на кој би се исклучила секаква дискриминација, злоупотреба, вознемирување или искористување. Тие не смеат да го злоупотребуваат својот авторитет и не смеат да дозволат сопствениот интерес и меѓусебните односи да се вмешаат во објективноста на професионалните обврски.

3. Професионално однесување

Од членовите на училишниот одбор се очекува одговорно, свесно, професионално и етички беспрекорно да ги исполнуваат сите свои обврски и со своето однесување да ги следат принципите на објективност, љубезност и толеранција. Нивното дејствување треба да биде во духот на заедничката цел.

4. Почитување на законот и правните прописи

Од членовите на училишниот одбор се очекува да ги почитуваат сите правни прописи и закони.
Училиштето е должно да ги запознае и да им овозможи пристап кон сите законски норми со кои се регулираат нивните обврски.

5. Објективност и непристрасност

Сите членови на училишниот одбор треба да бидат праведни и не смеат да си дозволат предрасудите од кој било вид да влијаат на нивната објективност.

Треба да настојуваат на непристрасен став, посебно кога се во прашање правата на поединци или помала група на интересенти.

6. Избегнување на дискриминација

Членовите на училишниот одбор се должни да избегнуваат секаков вид на вознемирување врз основа на религиска, етничка и национална припадност, раса, вера, имотна состојба, семеен и брачен статус, семејни обврски, возраст, инвалидност, телесен изглед, политичка ориентација и здравствена состојба. Под вознемирување се подразбира секој вид на вербален, невербален и физички напад.

7. Транспарентност и отчетливост

Членовите на училишниот одбор се должни во текот на својата работа да бидат транспарентни пред сите останати во училиштето. Својата отчетливост им ја должат на органите од кои се делегирани и училиштето, воопшто

Тим кои учествувал во изработката на ГП:

1. **Маре Жежовска Трајковски**
2. **Виолета Блажевска Митревска**
3. **Билјана Трајковска**
4. **Билјана Толевска**
5. **Зоре Ѓоргиевска**
6. **Дарко Мицески**
7. **Благој Гацовски**
8. **Александра Н. Радевска**
9. **Силвана Ристевска**
10. **Наташа Костовска**
11. **Наташа Цветковска**
12. **Александар Димитров**
13. **Магдалена Сајкова**
14. **Сања Бундевска**
15. **Татјана Ликушевска**
16. **Наташа Швигир**
17. **Анета Н. Горгиевска**
18. **Габриела Мамакис-Петковска**

Дата:
22.08.2015

Претседател на Училишен одбор: **Директор:**
Билјана Толевска **Маре Жежовска Трајковски**